# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ **БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК**
» за сегашни и за идни пензионери

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 **e-mail: kontakt@szpm.org.mk** **www.szpm.org.mk**

NLB Тутунска банка

Година VI, број 65 — 27 декември 2013 година




## ДОБРО ЗДРАВЈЕ И АКТИВНО СТАРЕЕЊЕ НА СИТЕ СЕГАШНИ И ИДНИ ПЕНЗИОНЕРИ ВО НОВАТА 2014 ГОДИНА ИМ ПОСАКУВА СЗПМ

# 2014 - година на солидарност

СЗПМ 2014 ГОДИНА НА СОЛИДАРНОСТ

На 19 декември 2013 година Собранието на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија ја одржа својата шеста седница во мандатот. На почетокот на седницата потпретседателот на Собранието на Сојузот **Бесник Поцеста** во името на присутните му ја



честиташе наградата за животно дело на претседателот Драги Аргировски истакнат новинар, публицист и општественик, истакнувајќи дека наградата „11 Октомври за 2013 година" е и признание за активностите и резултатите и на сите пензионери на чие чело е Аргировски. Инаку, главно обележје на седницата беше Програмата и Финасискиот план на Сојузот за 2014 година.

– Програмата на Сојузот на здруженија на пензионери најголема невладина мултиетничка асоцијација, е една цел и задача на Сојузот зацртана во програмата.

Помошта од државата е битна, но исто така е битна и помошта и солидарноста меѓу здруженијата и самите пензионери. Затоа во Програмата на Сојузот, 2014 година е прогласена за година на солидарност.

Не помала важност и значајно место во Програмата имаат и спортските активности, битен фактор за одржување на здраво тело и здрав дух на припадниците на оваа популација, како и ревиите на песни, музика и игри, кои во 2013 Министерството за култура на Р. Македонија ги прогласи за манифестации од национален интерес на државата, потоа екскурзиите, средбите на зелено, соработката на локално, национално и меѓу државно ниво на пензионерските здруженија, Црвениот Крст, локалната самоуправа, невладини организации, Институтот за трето доба Хеврека од Љубљана, Словенија, пензионерските асоцијации во Србија, Албанија, Хрватска, Бугарија и друго.

Во Програмата потенцирано е и значењето на волонтерството како битен елемент во работата на здруженијата и Активите на пензионерки во рамките на истите.

Исто така и во 2014 година и понатаму ќе се инсистира на изградба старски и пензионерски домови, отворање на клубови за пензионери, центри за дневен престој и друго.

Една од новините во Програмата за 2014 на СЗПМ е изготвување пензионерска социјална карта. Проектот



на Македонија се базира на програмите на телата и комисиите на Сојузот, – истакна во своето уводно излагање **Станка Трајкова**, секретар на Извршниот одбор на СЗПМ.

Во неа се поместени голем број активности кои Сојузот ги имал и во 2013 година, заради континуитет, но и заради фактот што тие се покажале како активности од големо значење за активното и содржајно стареење на пензионерите.

Во пограмата видно место и акцент им е дадено на активностите за подобрување на стандардот и квалитетот на пензионерскиот живот, на правата и бенефициите кои државата и општеството им ги дава на припадниците на оваа многубројна популација која од година во година е се помногубројна кај нас и во светот.

Подобрувањето на животните услови во домашни или во инстутиционални услови, редовната исплата на пензиите, мерките од здравствениот домен и друго, во голема мерка зависат од односот на Државата кон оваа ќе започне со ЗП Ѓорче Петров, а потоа истиот ќе се имплементира и во други здруженија.

По усвојувањето на Програмата, за која се констатираше дека е добра и сеопфатна, беше усвоен ребалансот за 2013 година и Финасискиот план за 2014, за што уводно излагање имаше **Методија Тошевски**, потпредседател на Извршниот одбор на СЗПМ. Во своито излагање тој истакна дека приходите и расходите предвидени за 2014 главно се движат во истите рамки со одредени поместувања на едни на сметка на други ставки.

На крајот на седницата за членови на собранието беа избрани: Нада Давчева, Ментор Ќоку, Наум Чочоровски и Јордан Костадинов, кој воедно е избран и за член на ИО на СЗПМ.

Честитајќи им ја Новата година претседателот Драги Аргировски им посака на присутните, но и на сите сегашни и идни пензионери добро здравје и добро расположение.

**Калина С. Андонова**



Интервју со
**Диме Спасов**
– министер за труд и социјална политика

Унапредување на соработката со СЗПМ за подигање на животниот стандард на пензионерите и нивното партиципирање во социјалниот живот

стр. 3



Интервју со
**Беким Незири**
– директор на ФПИОМ

Во 2012 година односот помеѓу бројот на осигурениците и корисниците на пензија изнесува 1.78 кој е поповолен во однос на другите земји во опкружувањето

стр. 6

**ВО ОВОЈ БРОЈ...**


СЕДНИЦИ стр. 2
**ПРОГРАМА НА СЗПМ ЗА 2014 ГОДИНА** стр. 4
**ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ИНВАЛИДИ** стр. 5
**ПЕНЗИОНЕРКИТЕ СЕ НАЈАКТИВНИ ВО ВОЛОНТЕРСТВОТО**

стр. 7
ИНФО стр. 8

**ПАТУВАЊЕ ВО МИНАТОТО** стр. 9
НАСТАНИ стр. 10

**ПОТОМЦИТЕ НА КАТ** стр. 12
СОРАБОТКА стр. 13
**MIRATIM I PLANIT FINANCIAR PËR VITIN 2014** стр. 14

**ПЕДЕСЕТ ГОДИНИ НОВИНАРСКИ ИСКУСТВА** стр. 15
**АКТИВНИ ВОЛОНТЕРИ И ВО ТРЕТА ДОБА** стр. 16
ЗДРАВСТВО стр. 17
ЗАБАВА стр. 19
**ХУМАНОСТ И СОЛИДАРНОСТ НА ДЕЛО** стр. 20


**СЛЕДНИОТ ДВОБРОЈ НА ВЕСНИКОТ „ПЕНЗИОНЕР ПЛУС" БР. 66-67, ЌЕ ИЗЛЕЗЕ НА 14 ФЕВРУАРИ 2014 ГОДИНА**


Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Тутунска банка



Колумна

# Во пресрет на празниците

Методија Ст. Тошевски

Се приближуваат славските денови. Порано, спроти нив, и на самите празници, поворки и собири им оддаваа чест на делата постигнати, и на тие кон кои стреми граѓанинот, семејството, општеството. Се пребројуваа и се пресметуваа бројки, проценти, наслови. Се истакнуваа поединците, ударниците, но и тие што ги натфрлаа нормите. Се доделуваа признанија и ордени од прв, втор и трет ред. Се славеше човекот!

Денес ништо од тоа. Се враќаме на славење на Бога, на Бога се молиме, од Бога очекуваме, Бога го посакуваме. И секој си создава свој Бог, а вистинскиот Бог е еден и единствен. Бог, е за сите народи и за сите времиња, за секогаш, независно дали се именува со Исус Христос, Мохамед, Буда, Јехова или инаку. Се воспејува неговата Слава и Дух. Неговата Сила и Моќ.

А не од сите. И не за сè.

И така се приближуваме кон славските денови, Нова Година, Божиќ. Да се за многу години. Ама како да не се. Им скративме по еден ден од празнувањето, ако. Така треба, зашто Бог во Библијата вели „шест дена работи а еден ден одмарај се". Сè во духот на усогласување со стандардите на европското законо(давство). А веќе 23 години се давиме во него, се бориме со него, го воспеваме него, го анатемисуваме него, бегаме од него, се правдаме со него. Без него не можеме да ја замислиме својата иднина. Сите знаеме, а никој не сака да сфати, дека иднината е во нас самите.

* * *

Почитувани членови на нашите здруженија на пензионери, почитувани учесници во активизмот и волонтерството за поддршка на потребите и интересите на пензионерската интересна група, драги врсници, пријатели, почитувани припадници на плуралистичните движења и стоења, мили браќа и сестри: Честити Новогодишни и Божиќни празници.

Ве молам, да не се сфати дека зборот празници треба да се сфати како, празни џебови, празни трпези, празни илузии. Барем не кај пензионерите и од пензионерите, оти тие минале и виделе, уште попразни, потешки, но и пополни и посреќни денови, така што во просек, тие имаат за еден микрон повесела историја.

Почитувани пензионери, зар треба да потсетуваме дека овие празнувања посебно овие, се одликуваат со традиција и доброделство, на најмладите, на најблиските, на најмилите, да им се подари нешто според можностите, според потребите и според очекувањата. Не, не треба, оти тоа веќе кај повеќето од нас почна да се подзаборава, а кај понекои да станува манир. Но, редот наложува да направиме нешто. И да направиме, секој според волјата.

* * *

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се придружува кон општите настојувања овие славски денови да минат во духот на семејните традиции: да се видиме со семејствата, со пријателите, и со случајните намерници во нашите домови, улици, места. Да наздравиме, да прославиме, а ако може и да помогнеме тоа да го направат и нашите соседи.

И како што наложува традицијата, еве, искажуваме голема благодарност кон нашето водство за постигнатите резултати, честитаме за остварените победи и добиените ордени, признанија и пофалници. Згора на тоа, нашите здруженија покажаа и покажуваат висок степен на солидарност и соработка, со што постигнувањата на Сојузот уште повеќе се забележливи во животот на членството.

Редовно се усогласуваат пензиите, кога 0,5 кога 0,75%, кога 550, кога (од март 2014) 500 денари, сè во согласност со законите и можностите на нашата држава. Додуша, торбулињата со кои пазариме се сè потанки, но тоа е во согласност со физичката кондиција на пензионерите, и со потребата да го одржуваат во нормала својот крвен притисок.

Напредуваме со организирањето на спортски олимпијади и пејачки фестивали, дружење на зелено и забави на подиум, побратимувања и братски делби, соработка и покажување пример на помладите како на достојно ниво да се одржува културата на живеење на одделните генерациски, етнички и културни врски меѓу членовите. Треба да се знае, дека, за тоа најзаслужно е водството, кое има јасно зацртани цели, од кои не отстапува и по никоја цена.

Ги подобривме односите со владините институции и преставници, и сега не може ништо да ни избега од видокругот, особено кога треба да ги придружуваме и поддржуваме при јавните изјави колку многу е сторено за пензионерската популација, со бањската рекреација, бесплатното возење со автобусите, бесплатното лекување и слично, а се заборава дека додека овие пензионери беа активни, со придонеси од нивните (тогаш ниски плати, а сега ниски пензии) бесплатно го лекуваа целиот народ, вклучувајќи ги и семејствата на тие што работеа во странство и калапеа пари. Сега, пак, пензионерите, и самите треба да плаќаат сè за своите внуци: и школство, и здравство, и спорт, и живеење, додека странците, вклучувајќи ги и домашните странци со калапените пари, под најповолни даночни услови инвестираат, и со тие инвестиции, го земаат акот на пензионерите и на нивните деца.

Имаме напредок и во згрижувањето на пензионерите и старите лица, иако веќе 40 години не е изграден ниту еден дом за пензионери и стари лица. Домовите за пензионери што ги градеа пензионерските организации со трансформациите на сопственоста им се одземени на здруженијата и дадени како имот на општините. Иако има повеќе иницијативи од пензионерските организации, никој не покажува интерес за поддршка (Штип ќе биде исклучок од правилото) и реализација. А така не стои во националната стратегија за грижата за стари лица.

Пензионерските победи не се еднакви со работните победи. Позначајни се, оти се продолжение за уште еден ден.

Среќни празници, добро здравје, редовно усогласување на пензиите. Не ќе биде отпојќе ако има и некое зголемување. Оставете ја Европа која ги намалува. Кога ќе влеземе таму ќе сакаме побргу назад. Оти ние сме народ со слободарски дух. Без тормозење не можеме. Честити празници! За многу години!

Седница на ИО на СЗПМ

# Подготовки за седницата на Собранието на СЗПМ

На 11 декември 2013 година се одржа 20-тата седница на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Седницата беше во знакот на подготовка за претстојната седница на Собранието на СЗПМ. За таа цел беа разгледани, дополнети и усвоени Предлог – Програма за работа на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија за 2014 година и Предлог – Финансиски план на СЗПМ за 2014 година. Предлог – Програма за работа на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија за 2014 година ја образложи Станка Трајкова секретар на ИО на СЗПМ, а уводно излагање за Финансискиот план на СЗПМ за 2014 година даде Методија Тошевски потпретседател на ИО на СЗПМ.



Исто така, беа донесени и неколку одлуки битни за понатамошната работа и тоа: Одлука за висината на благајнички максимум,Одлука за формирање пописна комисија за 2013 година, како и извештајот за уредување на финансиското работење на Сојузот и здруженијата на пензионери членки на СЗПМ. Во врска со ова прашање мислење даде Стамен Филипов од одржаната седница на Правно економскиот форум на која е заклучено дека има потреба од еден ваков акт. Свое излагање имаше и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски кој меѓудругото рече:

– Здруженијата на пензионерите се автономни институции и Сојузот нема право многу да се меша во нивното уредување на финансиското работење. Но според Законот на здруженија и фондации и нашиот статут и поради етиката и моралот, не смееме да дозволиме стихијност и самоволие. Ред мора да има насекаде во нашата куќа во која делуваат 250 000 пензионери.

За оваа цел беше формирана комисија од 5 члена која ќе организира регионални состаноци, а потоа ќе изготви заеднички документ со здруженијата, кој треба да се усвои на седницата на Собранието на СЗПМ во идната година.

**Калина С. Андонова**

Седница на Одборот на регистрираната организација за солидарни средства и членарина

# Нова распределба од јануари 2014 година

Одборот на регистрираната организација за солидарни средства и членарина на 25–ти ноември 2013 година ја одржа седмата седница на која присуствуваа и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, секретарот на ИО на СЗПМ Станка Трајкова, сметководителот Петар Андреевски и извршителот на проектот за утврдување на евиденцијата на членството, Димитар Тодевски. Со седницата раководеше претседателот на Одборот **Методија Тошевски**, кој, поради истекот на двегодишниот мандат, повторно беше предложен и едногласно избран за нов претседател на Одборот.

На седницата главно се расправаше по извештајот за остварување на Проектот за ажурирање на евиденцијата на членството во здруженијата на пензионери и постојните сојузи. Во воведните забелешки претседателот на Одборот Методија Тошевски истакна дека реализацијата на проектот е забавена од повеќе причини, а најмногу поради големиот број непрецизни и неточни податоци што ги достави Фондот ПИОМ, како и меѓусебното несогласување на бројот на членовите во здруженијата, за што има влијание и миграцијата на членството, а и неадекватното прикажување на состојбата од самите здруженија.



Покрај тоа, беше истакнато дека во утврдувањето на членството се наиде на проблем кај неколку здруженија во СЗПМ и тритe сојузи на инвалидски пензионери, кои покажаа инертност и недоволна подготвеност во спроведувањето на активностите поврзани со проектот.

Во расправата учествуваа сите присутни, а дискусијата главно беше насочена кон тоа да се изнајде решение за целосно согледување на состојбата според новата евиденција, а од Нова година распределбата на средствата од членарината да се врши според утврдениот број, со забелешка дека за нерешените случаи, ќе се изнајде преодно решение кое нема да предизвика проблеми при распределбата на средствата. Ваквиот став се гради и во заклучоците во врска со реализацијата на проектот, кои ќе бидат претточени во Одлука на Одборот за примена на податоците за бројот на членството во здруженијата на пензионери и сојузите. Исто така, Одборот презеде обврска преку Фондот ПИОМ да го регулира меѓусебното информирање за настанатите промени во членството по разни основи, кои ќе им бидат ставени на располагање на здруженијата и сојузите за полесно и попрецизно водење на евиденцијата.

Членовите на Одборот беа информирани и за други актуелни прашања од интерес за пензионерската организација.

**М. Димовски**

Седница на Правно–економскиот форум

# Рамки за подобро финансиско работење

Правно–економскиот форум на ИО на СЗПМ, на 10–ти ноември 2013 година, ја одржа четвртата седница, на која, покрај донесувањето програма за работа во 2014 година, по третпат беше поставено прашањето и со голем интерес се расправаше за уредувањето на финансиските односи во здруженијата на пензионери и во Сојузот, иако, оваа содржина сега се појави како предлог одлука на Извршниот одбор на СЗПМ. На седницата, со која раководеше претседателот на Форумот **Стамен Филипов**, покрај членовите, беа присутни: претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, потпретседателот на Собранието Бесник Поцеста, потпретседателот на ИО Методија Тошевски и секретарот Станка Трајкова.

Најпрвo Форумот ја согледа правната основа за донесување одлука за уредување на финансиските односи во ЗП и СЗПМ и врз основа на дискусијата, во која учествуваа сите присутни, беше заклучено дека во Статутот на СЗПМ постои таква основа, со тоа што одлуката треба да се однесува на регулирањето на финансиското работење, а не на финансиските односи и истата да ја донесе Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија.



Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски истакна дека во предметниот акт некои работи навистина можат поубаво и попрецизно да се формулираат, но за тоа, како рече, ќе даде писмено образложение на следната седница на ИО на СЗПМ, а со донесувањето на Законот за пензионерско организирање, се надева дека сите недоразбирања околу потребата за уредувањето на финансиските односи во здруженијата и во Сојузот, ќе бидат надминати.

Правно–економскиот форум едногласно ја усвои и програмата за работа во 2014 година во која во седум точки се наведени тежишните содржини и активностите на ова тело на ИО на СЗПМ.

**М.Д.**

Собрание на ЗП Тетово

# Задоволство од постигнатото

Резултатите што Здружението на пензионери Тетово ги остварило во тековната година заслужуваат големо внимание оти со нив не само што се остварени планските предвидувања, туку и мноштво прашања беа поставувани и разрешувани што произлегле од потребите. И покрај тоа, неминовно е вниманието да се сврти кон животните проблеми на пензионерите и да се побара од надлежните органи посериозно да се свртат кон нив и да понудат соодветни решенија. Ова се главните акценти присутни во работата на Собранието на ЗП Тетово на својата извештајно-програмска седница што се одржа на 30 ноември, а со чија работа раководеше претседателот **Гојко Ефтоски**.



Во извештајот и воведот се нагласуваат редица остварувања за кои делегатите пренесоа главно позитивни мислења од расправата во ограноците. Тоа во прв ред се однесува на активностите што ги организирало Здружението. Притоа беше нагласено дека по прашања на одморот и рекреацијата, членството главно со задоволство ги прифаќа организираните активности. Над 500 пензионери организирано летуваале на море во непосредна близина на Драч (Албанија), двојно повеќе пензионери биле опфатени во екскурзии низ повеќе места на нашата земја. Организирани се две средби на пензионерите со забава, а на една од нив и со присуство на пензионери од други здруженија. Од активностите на културнозабавен план посебно се истакнати учествата на регионалната и републичката смотра на ревијата „Песни, музика, игри", а особено задоволство е искажано со презентирањето на изворниот фолклор на фестивалот „Трето животно доба" одржан во Љубљана, на кое тетовските пензионери ја претставуваа Македонија. ЗП Тетово годинава доделили еднократна помош на над 200 пензионери со најниски примања во вкупна вредност преку 600.000 денари. Оваа активност продолжува и натаму. Одделни делегати предложија да се вршат и посети на немоќни пензионери и да им се врачуваат неминовни намирници. За оваа активност сметаат дека треба да се оствари поголема соработка со хуманитарните организации и подмладоците на политичките партии. Во соработката, особено беше нагласена средбата со градоначалниците на шесте општини во регионот на кој делува Здружението, како за напорите за потпишување спогодби за меѓусебна соработка.

Членовите на Собранието, расправаа и за потребата за следење на новините во здравствената заштита. Поддржана е активноста за изградба на дом за стари лица, како и за потребата за отворање клубови во општинските центри и во населби со поголем број пензионери, за бесплатен превоз во рамки на тетовскиот регион, како и за други прашања од животот и работата на пензионерите.

**С. Димовски**

Интервју со Диме Спасов, министер за труд и социјална политика

# Унапредување на соработката со СЗПМ за подигање на животниот стандард на пензионерите и нивното партиципирање во социјалниот живот

**Во текот на 2013 година одржавме неколку работни средби со претставници на Министерството за труд и социјална политика и претставници на Владата во СЗПМ на кои направивме ретроспектива на досегашната соработката во решавањето на прашања од животот и активноста на пензионерите во надлежност на вашиот ресор. Ве молам за коментар за ефектите од тие средби за нашата натамошна соработка?**



– Изминатиот период Министерството за труд и социјална политика и Владата на Република Македонија беа посветени на развојот и унапредувањето на активностите поврзани со прашања од секојдневниот живот на пензионерите, унапредување на социјалниот живот, олеснување во пристапот на социјалните права и соработка преку невладиниот сектор бидејќи сметаме дека е потребно старите лица да водат живот во којшто ќе бидат целосно ангажирани нивните потенцијали и да имаат живот во којшто ќе ја добијат потребната поддршка од општеството. Една од програмските активности на Владата на Република Македонија е обезбедување на социјална сигурност на корисниците на пензија преку зголемувањето на пензиите и редовната исплата на истите.

До 2007 година пензиите се исплатуваа во три групи и тоа на 15–ти во месецот за претходниот месец. Од 2008 година Владата на Република Македонија преку Министерството за труд и социјална политика и Фондот на ПИОМ презема обврска исплатата на пензиите да се врши на почетокот на секоја седмица од месецот за претходниот месец и тоа за сите групи на пензии истовремено. Почнувајќи од јануари 2008 година Владата покрај тоа што го промени моделот на усогласувањето на пензиите и истите се усогласуваат според порастот на платите за 50% и според порастот на трошоците на живот за 50%, изврши и дополнително зголемување на пензиите. Во таа насока, од 2006 година до сега вкупното зголемување на пензиите изнесува 54,%.

Со цел подобрување на социјалната положба на корисниците на пензија и редовното законско усогласување на пензиите кое се врши два пати годишно, според порастот на платите и трошоците за живот, во 2013 година на покрај редовното усогласување се изврши и дополнително усогласување на пензиите за 5%. Владата на Република Македонија останува посветена на одржувањето на социјалната сигурност на пензионерите и во 2014 година, со што пензиите ќе се усогласат за 5%.

Република Македонија е една од ретките земји која не ја зголеми старосната граница за пензионирање и која и во услови на економска криза и рецесија, кога голем број од земјите во регионот и Европа го намалија износот на пензијата и ја зголемија старосната граница.

**Како ги оценувате работата и активностите на СЗПМ како најбројна невладина организација, и во која насока, по ваше мислење треба да се развива натамошната соработка?**

– Соработката на државните институции со невладиниот сектор е клучен фактор во развојот на една демократска држава како што е Република Македонија, а особено кога се работи за социјалните права и интереси. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во текот на своето постоење се развиваше во еден од најбројните организации во Република чијашто главна дејност е заштита на правата и интересите на корисниците на пензија и секако нивно интегрирање во социјалниот живот. Преку организирање на различни настани од социјален, културен и спортски карактер Сојузот придонесува во подобрување на состојбата на корисниците на пензија во Република Македонија.

Во изминатите години покажавме и докажавме дека грижата и заштитата на пензионерите беше и останува врвен приоритет на Министерството за труд и социјална политика и на Владата на Република Македонија. Јакнењето на стандардот, почитта и љубовта, достоинственото поминување на зрелите години од животот и обезбедувањето на мир и спокој во пензионерското секојдневие, се едни од основните потреби на пензионерите, но и наша обврска. Токму затоа, Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика во рамки на програмските активности за обезбедување на социјална заштита и социјална сигурност на старите лица во изминатите четири години го реализира Проектот „Бањско климатска рекреација на корисници на пензија". Поточно, проектот започна да се имплементира од 2010 година и заклучно со 2013 година услугите од овој проект ги искористија 22.155 корисници на пензија.

Овие проекти се успешни токму заради фактот што истите се реализираат со поддршка на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Дозволете ми да истакнам дека и во иднина ќе ја продолжиме и унапредиме соработката со Вашата организација со единствена цел да го подигнеме животниот стандард на пензионерите и нивното партиципирање во социјалниот живот.



**Сојузот на здруженијата на пензионери пред една година Ви достави иницијатива со предлог иницијален текст на Закон за пензионерско организирање. Ве молам да не информирате до каде е постапката за одлучување по таа наша иницијатива?**

- Владата на Република Македонија при реализацијата на проектите од областа на социјалната сигурност активно соработува со Сојузот на здруженијата на пензионерите.

Во основа регулирањето на обликот и начинот на здружување на граѓаните се уредува со Законот за здруженија и фондации. Во таа насока предложениот текст на Закон за пензионерско организирање треба да се разгледа, да се извршат консултации и да се направи анализа за негова имплементација.

**Националната стратегија за стари лица на Владата, и Законот за волонтерство веќе неколку години се интерес и предмет на активност на двете страни. Какви се Вашите оценки за нивната досегашна реализација. Дали според вас може да се интензивира реализацијата на мерките од стратегијата, особено во делот на изградбата на домови за стари лица, и кои би биле натамошните приоритети?**

– Во насока на привлекување на инвестиции во областа на социјалната заштита на стари лица за изградба и проширување на установи за згрижување на стари лица, како од меѓународни така и од домашни инвеститори, Владата на Република Македонија, согласно со Заклучокот од Сто педесет и осмата седница на Владата на Република Македонија, ги усвои предложените мерки и активности: продажба на градежното земјиште со почетна цена од 1 евр. за м2 со намена за изградба на установи за социјална заштита на стари лица; посочени објекти од општините кои може да се дадат под долготраен закуп или понудат за јавно-приватно партнерство – со намена отворање на домови за стари лица; намалување на цената на комуналните такси за 95%; обезбедување на поволни кредитни линии со каматна стапка од 5,5 % преку Македонската банка за поддршка на развојот за изградба на установи за стари лица; поволности што се нудат преку АВРМ во делот на активните политики за вработување; поволности преку Агенцијата за поттикнување на претприемништвото; обезбедена законска можност странски државјани да ги користат домашните капацитети за згрижување, односно да регулираат престој по основа згрижување во дом за стари лица.

Сите мерки и активности Министерството за труд и социјална политика ги објави јавно на својата ВЕБ страница, отвори бесплатна телефонска линија (15 505) и електронски адреси (investicija@mtsp.gov.mk и investicii@mtsp.gov.mk) на кои може да се пријават потенцијални инвеститори и одржани се поединечни состаноци со сите заинтересирани правни и физички лица, кои изразија интерес да инвестираат.

Снимен и веќе е објавен ТВ спот, формирана е Работна група со претставници од сите релевантни државни организации за координирање на процесот и нивните контакти се јавно објавени, а во соработка со Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во тек е подготовка на промотивен материјал за поволностите кои ги нуди државата за привлекување на инвестиции за изградба на домови за стари лица кои ќе биде презентиран на 20 Светски саеми за туризам.

Од досегашните активности и преземените мерки и поволности досега пријавиле интерес да инвестираат во изградба на домови за стари лица 26 домашни физички и правни лица и 3 странски државјани. Со сите заинтересирани инвеститори, одржани се поединечни разговори и во тек се активности во насока на успешна реализација на најавените инвестиции.

**Г-дине министер, каква е Вашата оцена за учеството и придонесот на пензионерите и на пензионерската организација во јавниот живот во Републиката. Колку стручниот и искуствениот капацитет на пензионерската популација е искористен од страна на државните и општествените фактори?**

– Токму поради фактот што структурата на оваа асоцијација ја сочинуваат претежно граѓани со работно и животно искуство, нивниот придонес во граѓењето на системот на социјално осигурување беше несебичен. Во нејзиниот состав се афирмирани лица од делот на науката, културата, јавниот и политичкиот живот и други области.

Претставник од Сојузот на здруженија на пензионерите учествува во работата на управните одбори на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Преку ваквата структурна поставеност на органите на управување опфатени и претставени се интересите и на пензионерите кои се опфатени со системот на пензиско и инвалидско и здравствено осигурување. Истовремено, се обезбедува вклучување на невладиниот сектор и синдикатите во процесот на управување со работата на овие два фонда.

**Волонтерството како корисна општествена активност, е основното поле на работа во пензионерските активности. Нашето членство е широко вклучено во нив. Но, најголемиот дел проекти за волонтерско ангажирање се поврзани и со реални материјални издатоци. Како ја цените можноста на Владата за материјално обезбедување на проектите за волонтерска активност на пензионерите, пред сè во својата организација, но и во соработката со здравствените, образовните и другите невладини организации (Црвениот крст на пример, и др.)?**

– Волонтерите преку нивната работа придонесуваат за зголемување на вклученоста на граѓаните во општествениот развој, во разрешување на најразличните проблеми и потреби на луѓето во нивната средина. Волонтирањето, исто така има и економски потенцијал. Затоа, државите тежнеат кон развивање на волонтерството. И Република Македонија е една од нив и во таа насока во 2007 година го донесовме Законот за волонтерство, а во 2010 година и Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството (2010–2015), како и акцискиот план за нејзино спроведување. До овој момент немаме размислувања во насока на измени на веќе постојниот закон, но секако доколку се оцени дека има потреба од промена на некои негови одредби кои би биле во функција на подобрување на истиот би пристапиле кон измени и дополнувања на Законот. За ова може да се размислува откако ќе се направи анализа од досегашната примена на Законот за волонтерство.

Исто така ја донесовме и Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството (2010–2015) во која што се утврдени стратешките цели: промовирање на волонтерството кај пошироката јавност; поттикнување на културата на волонтирањето во рамките на образовниот систем; зголемување на нивото на волонтирање во граѓанскиот сектор и воспоставување на систем на институционална поддршка на волонтерството.

Со цел поуспешно планирање и спроведување на целите и мерките предвидени во Стратегијата, Владата на Република Македонија формираше мулти секторски Национален совет за развој на волонтерството составен од



девет члена номинирани од владиниот и од невладиниот сектор.

На крајот од ова интервју да упатам неколку лични пораки до сите пензионери на Република Македонија. Имено, сакам на сите пензионери да им ја честитам Новата 2014 година, да им посакам добро здравје и долг и среќен живот, а на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија им посакувам да продолжат со своите зацртани планови.

Јас како министер за труд и социјална политика ветувам дека и идната 2014 година Министерството за труд и социјална политика и Владата на Република Македонија ќе продолжат со активности и проекти насочени кон заштита на правата и интересите на корисниците на пензија и секако нивно поголемо вклучување во социјалниот живот.

**Методија Тошевски**

# ПРОГРАМА

## за работа на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија за 2014 година

**ВОВЕД**

Во подготвување на Програмата за работа на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија за основа се земени програмите на комисиите и другите помошни тела на органите на СЗПМ за 2014 година.

Посебен приоритет во 2014 година ќе се даде на развојот на социјално–хуманитерните цели и задачи од причини што Извршниот одбор на СЗПМ на седницата одржна на 14 ноември, 2014 ја прогласи за ГОДИНА НА СОЛИДАРНОСТ. Во 2014 година во континуитет ќе продолжат започнатите активности преку кои се реализираат основните цели и задачи на СЗПМ.

**1. Заштита на стекнатите права од ПИО и обезбедување на редовна исплата на пензиите**

Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија и понатаму ќе се залага за заштита на стекнатите права со што ќе се обезбеди правна сигурност во однос на користењето на правата од ПИО.

Најголема сигурност за корисник на пензија е редовна исплата на пензијата како и редовно тековно усогласување согласно Законот за ПИО. Исто така, СЗПМ ќе се залага и ќе поддржи и дополнително усогласување на пензиите со цел подобрување на материјалниот статус на корисниците на пензија.

На општо задоволство во изминтата година пензиите редовно до шестти во тековниот месец беа исплатувани со што беше обезбедена материјална и социјална сигурност на пензинерите во нашата држава.

СЗПМ во 2014 година преку свој претставник во Националниот комитет за спроведување на Националната стратегија за стари лица 2010–2020 година и како член на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ ќе се залага и ќе поддржи соодветни измени во законската регулатива што ќе биде од интерес на пензискиот систем и поединецот. Исто така, занчајни се и соодветни измени и доплнувања во Законот за ПИО и други закони кои ќе обезбедат поголем прилив на средства по основ на придонес со цел пензискиот систем самиот да си обезбедува средства за исплата на пензијата без да бара интервенција од државата.

СЗПМ ќе се залага и ќе бара сите измени на законите кои имаат допирни точки со пензискиот систем, а особено измените и дополнувањата на Законот за ПИО да бидат доставувани до Сојузот за давање на соодветни предлози, сугестии и мислење. Рок: во текот на годината

**2. Активности во 2014 - ГОДИНА НА СОЛИДАРНОСТ.**

Со одлука на Извршниот одбор на СЗПМ, 2014 е прогласена за ГОДИНА НА СОЛИДАРНОСТ со цел давање приоритет во остварувањето на социјално – хуманитарните цели и задачи во Здруженијата на пензинери. Целта е во ГОДИНАТА НА СОЛИДАРНОСТ да биде опфатен поголем број пензионери на кои им е потребна соодветна парична помош и друг вид на солидарна помош. За извршување на значително поголеми активности на социјално – хуманитерен план потребно е да се планираат повеќе средства во финасиските планови за 2014 година на СЗПМ како и на Здруженијата на пензинери.

За организирање и реализација на задачите за ГОДИНАТА НА СОЛИДАРНОСТ, СЗПМ и Здруженијата на пензинери ќе донесат свои оперативни програми. За одбележување на 2014 година за ГОДИНА НА СОЛИДАРНОСТ, СЗПМ ќе подготви и испечати лого и флаер и оваа година Сојузот заедно со Здруженијата на пензинери ќе ја промовираат и преку други форми. Рок: во текот на 2014 год.

**3. Усогласување на актите на СЗПМ и Здруженијата со Законот за пензионерско организирање.**

Се очекува дека во 2014 година ќе биде донесен Законот за пензионерско организирање кој ќе ја наметне потребата од усогласување на истиот со статутите и другите акти на СЗПМ и Здруженијата на пензинери. Рок: три месеци по влегување во сила на Законот за пензионерско организирање

**4. Продолжување на активностите за воведување на Пензионерска социјална карта.**

Во 2014 година ќе продолжат активностите за воведување на Пензинерска социјална карта по здруженија на пензионери.

Воведувањето на пензионерската социјална карта е важен социјален документ кој ќе содржи податоци кои ќе помогнат во согледување на потребите и разни облици на помош на пензионерите во развој на социјално–хуманитернитарните цели и задчи во здруженијата. Извршниот одбор на СЗПМ на седницата одржана на 14 ноември 2013 година донесе одлука за воведувањето на Пензионерска социјална карта како пилот–проект кој ќе се реализира во ЗП Ѓорче Петров, а понатаму сукцесивно ќе се имлементира по сите здруженија.

За воведувањето на Пензионерската социјална карта, СЗПМ ќе побара и средства од меѓународните асоцијации Хопе, Студиорум, како и од Светската здравствена организција, од кои се очекува да помогнат во обезбедување на потребни финасиски средства. Рок: во текот на годината.

**5.Согледување на работата на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина.**

Според членот 116 од Законот за ПИО, Одборот на Регистрираната организација има значајни ингеренции во однос на определување на висината на посмртната помош и членарината односно во одредување на висината на истите, во располагање со средствата, следење на остварувањето на посмртната помош, како и донесување на повеќе акти со кои се уредуваат односите суштествени за извршување на работата на Одборот. Значењето на работата на овој Одбор наметнува потреба од постојано согледување на извршувањето на неговата работа. Во 2014 година како програмска задача се планира Одборот да донесе и нов Правилник за работа на истиот.

Во 2013 година интензивно се работеше на расчистување на бројот на членството по Здруженија на пензинери. Таа задача е при крај за членките на СЗПМ, а за другите Сојузи односно нивни членки продолжува и во 2014 одина. Разрешувањето односно утврдувањето на точниот број на членови по здруженија ќе придонесе во планирањето и извршувањето на задачите во Здруженијата на пензионери. Рок: во текот на годинта.

**6. Информација за функционирање и координација на организирањето и начинот на дејствувањето на здруженијата на пензионери - членки на СЗПМ.**

Оваа програмска задача е пренесена од Програмата на СЗПМ за 2012 и 2103 година која има за цел таа да ја претстави соработката на друженијата со Сојузот.

Непосредната интерактивност меѓу здруженијата и Сојузот и работата на здруженијата ќе се согледа преку извештаи, записници, програма за работа, информации и други материјали заради меѓусебно информирање, остварување потесна соработка и други дејствија, што ќе биде предмет на оваа информација.

Сојузот во 2014 година ќе ја подготви оваа информација и ќе ја достави за разглдување на органите на СЗПМ. Рок: во првотото тримесечие од годината.

**7. Следење на остварувањето на поквалитетна здравствена заштита на пензионерите.**

Стареењето на населението значи и зголемување на потребата од здравствени услуги поради што и во 2014 година продолжуваат активностите за ослободување на старите лица од сите видови на партиципација при користење на здравствени услуги, лекови, ортопедски помагала и хигиенски средства. Во активностите се планира и повторно залагање на натамошно проширување на Листата на лекови кои ќе ги плаќа Фондот за здравство и здравствено осигурување на Македоња. Се планира и изготвување на Листа од неопходни лекови, санитетски материјал и опрема што треба да ја набават Здруженијата на пензинери. Рок: во текот на годината.

**8. Подготвување на нова Спогодба за соработка меѓу Сојузот и ФПИОМ.**

Во 2010 година СЗПМ и Фондот на ПИОМ имаат склучено Спогодба за начинот и постапката за вршење задршка при исплата на пензијата за солидарниот фонд–посмртна помош и членарина и исплата на посмтрната помош на семејства на починатите корисници на пензија. Потребата од подготвување на нова спогодба е резултат на променетите услови во работењето во однос на размената на податоци, прашањето на исполнување на потребните услови за исплата на посмртната помош и др. Спогодбата ќе значи унапредување на соработката меѓу Фондот на ПИОМ и СЗПМ.

Рок: прво полугодие од 2014 год.

**9. Промовирање на поголема соработка на локално ниво, односно меѓуопштинска соработка во извршување на активностите на здруженијата на пензионери во заштита на старите лица.**

Во 2013 година соработката меѓу здруженијата на пензионери покажа значајни резултати во договарање и реализација на заеднички мерки во отварање на клубови на пензионери како место за активности и рекреација на пензинерите и др. прашања кои ќе значат подобрување на квалитетот на животот на пензионерите.

Соработката со локалната дамоуправа треба уште позасилено да продолжи и во 2014 година бидејќи согласно Законот за локалната самоуправа, општината е во обврска да помага и да се грижи за пензионерите од својата општина. За релизација на своите цели и задачи ЗП треба да предлагаат и склучување на спогодби за сорабтка што ќе биде од заеднички интерес. Рок: во текот на годината.

**10. Одржување на работни состаноци на СЗПМ со претседателите на ЗП и Активите на пензионерки.**

Во програмите за работа за 2014 година се планира состанок на кој ќе присутвуваат претседателите на здруженијата и председателите на активите на пензинерки како помошни тела на Извршниот одбор на здруженијата со цел постигнување на поголема интерактивност меѓу Здруженијата на пензнери и СЗПМ.

Во 2014 година потребно е одржувањето на вакви состаноци бидејќи 2014 година е прогласена за година на солидарност во која значајно место ќе имаат и активите на пензионерки. Активноста на овие активи треба да продолжи со уште позасилено темпо помагајќи особено на корисниците со ниски пензиски примања со: парична помош, посета на стари лица, бесплатни лабораториски прегледи, вакцини, различни тематски состаноци за актуелни болести, совети за семејно насилство и тоа во соработка со Црвениот крст и центрите за социјална работа.

Се планира активите на пензинерки во соработка со комисијата за здравство и социјална политика да имаат и значајна улога во воведувањето на Пензионерска социјална карта. Рок: во второто полугодие 2014

**11. Следење и ангажирање во изградба на домови за пензионери и старски домови, дневни центри и пензионерски клубови во согласност со Стратегијата на стари лица на Владата на РМ 2010-2020.**

Во 2013 година во СЗПМ и зруженијата на пензионери беше присутно прашањето на изградба на пензионерски односно странски домови, но заради недостиг на средства дадените иницијативи во одредени региони се уште не се реализирани.

Во 2014 година ќе продолжат активностите за изградба на домови со поддршка на мерките од државата преку продажба на градежно земјиште под бенифицирана цена, поволни кредитни линии, поддршка од Агенцијата за вработување и поширока промоција на пакетот мерки за изградба на објекти за стари лица.

Во 2014 година ќе продолжат активностите на Комисијата за здраство и социјална политика за увид во пензинерските домови по здруженјата на пензинери во насока на издвојување на средства за нивна реконстукција и адаптација како и следење на актите во кои се регулирани условите за сместване во пензинерските домовите во кои треба да живеат исклучиво корисници на пензија.

**12. Организирање и следење на 19-те спортски натпревари на пензионерите во Република Македонија.**

Активното стареење е потврден модел за одржување на здравјето, виталноста и долговечноста на човекот. Затоа, една од основните цели на СЗПМ е одржување на регионални и републички спортски натпревари. Спортот и рекреацијата во 2014 година ќе значат унапредување, збогатување и проширување на интересот на пензионерите за разни спорски активности и форми за одржување на психофизичката кондиција на пензионерите. Регионалните спортски натпревари во 2014 година треба максимално да се одвиваат согласно Правилникот за спорт и во соработка со органите и телата на здруженијата на пезионери.

Во 2014 година потрбно е да се избираат поквалитетни судии со добра психофизичка кондиција и подготовките пред регионалните игри да се одвиваат континуирано со цел постигнување на поголеми резултати. Рок: заклучно со септември 2014 година

**13. Организација и следење на 12- ти по ред ревии на песна, музика и игри.**

Ревиите на песна, музика и игри ќе продолжат со исто темпо како облик и форма на културно–уметничката и забавната дејност. Во 2014 година СЗПМ ќе поддржува нови содржини на одржување на изложби, уметничко творење од областа на ликовната и драмската уметност, промоции на литературни дела и поетски средби.

Во 2014 година ревиите на песна, музика и игри ќе придонесат уште повеќе да дојде до израз уметничкиот и културниот дух на пензионерот покажувајќи на виделина нови песни и ора.

Во 2014 година ќе се поддржат и нови форми и облици на ангажирање на пензинерите како резба, грнчарство и изложби на изворни и современи ракотворби. Рок: заклучно со јуни 2014 година.

**14. Реализација на меѓународната соработка со сојузи и здруженија од соседните земји (Словенија, Хрватска, Србија, Бугарија, Албанија и Косово) за размена на искуства со земјите од ЕУ преку Институтот Хеврека од Љубљана.**

Сојузот во 2014 година ќе ја унапреди меѓународната соработка со земји од својата околина како и со земји членки на ЕУ, сознавајќи го третманот на пензионерите во сите сфери од нивниот живот. На овој план Сојузот треба да продолжи да работи на заеднички проекти за користење на европски средства, за одржување на Балканска ревија на песни и ора, соработка и натпреварување во областа на спортот, изложби на ракотворби друг вид на соработка. Рок: во текот на 2014 година.

**15. Поттикнување и поддршка на организирање заеднички концерти и други културни манифестации, драмски претстави, изложби и сл.**

Во 2014 година ќе продолжи во континуитет соработката со други сојузи и невладини асоцијации со склучување на меморандуми за соработка, и збогатување на соработката со Црвениот крст за заедничко помагање на стари лица.

Соработката ќе продолжи да го поддржува и стимулира активното и здраво стареење и ќе придонесе за нови форми и облици за збогатување на активниот живот на пензионерот.

Како резултат на донесената програма за финасиска поддршка на културното творештво ќе се поддржуваат и понатаму нови изданија на дела од пензинери–творци кои ќе се одликуваат со квалитет.

**16. Информирање, остварување на јавност и отчет во работата.**

Во 2014 година ќе продолжи информирањето на членовите и на пошироката јавност преку печатот, и радиото и телевизијата, со емтување на емисијата „Трета доба" на МТВ, весникот „Пензионер плус", „Пензионерски видици" во Нова Македонија и страница во Коха.

Во 2014 година согласно Статуот на Сојузот на веб страната на Сојузот ќе биде објавен Извештајот за 2013, Програмата и финансовот план на СЗПМ за 2014 година, обезбедувајќи на тој начин целосно информирање и транспарентност во работењето. Рок: во текот на 2014 година.

**17. Одбележување на 68 години од формирањето на Сојузот на 20 септември**

Денот на пензионерите ќе биде достојно одбележен со свечености, хуманитарни акции и други активности.

Програмата ќе биде од отворен карактер за прашања кои ќе се наметнат со својата актуелност и значење.

**19 Декември 2013 година** **Собрание на СЗПМ**

# Одбележување на Меѓународниот ден на лицата со инвалидност

По повод 3–ти декември, Меѓународниот ден на лицата со инвалидност, министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов присуствуваше на повеќе свечености и настани. На свеченоста во организација на Филозофскиот факултет – Институт за дефектологија, министерот Спасов во своето обраќање потенцираше дека:

– Наша обврска и задача е да ги поддржуваме иницијативите и активностите насочени кон подигнување на нивото на грижа и заштита на лицата со инвалидност и сите заедно сме должни да им обезбедиме подобри услови за да можат достоинствено да го живеат својот живот и да се вклучат во сите сфери на општественото живеење. Во таа насока, презедовме конкретни мерки за подобрување на статусот на лицата со инвалидитет. Така, за правото на остварување паричен надоместок за помош и нега од друго лице, го предвидовме и новото законско решение како што е правото на додаток за глувост како парична помош во износ од 4.000 денари месечно за 870 потполно глуви лица, а постојното право на додаток за мобилност во износ од 7.000 денари го проширивме и за лицата со квадриплегија кои што се во собраниска процедура, при што се очекува овие измени и дополнувања на Законот за социјалната заштита да стапат во сила од први јануари 2014 година".



По повод 3–ти декември, Меѓународниот ден на лицата со инвалидност, министерот Спасов се обрати и на одбележувањето на 10 години Интерпартиска парламентарна група за правата на лицата со посебни способности (ИППГ) и завршната конференција за проектот „Способност вс. неспособност", каде што се осврна на Законот за еднаквите можности меѓу жените и мажите.

Во рамките на одбележувањето на 3–ти декември, министерот за труд и социјална политика зеде учество и на тркалезната маса на која што стана збор за досегашните искуства од имплементацијата на ОН Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност – 2 години од ратификацијата. Тркалезната маса беше во организација на Националниот Совет на инвалидски организации на Македонија. Во периодот кој што следеше по ратификацијата на ОН Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност, Министерството за труд и социјална политика во соработка со репрезентативните организации на лицата со инвалидност и со поддршка на Програмата на ОН за развој во Република Македонија, спроведе системска анализа на сите домашни прописи, со цел идентификација на областите кои што не се во согласност со одредбите на Конвенцијата.

Министерот Спасов пред присутните истакна дека во насока на подобрување на правата од социјалната заштита се преземени конкретни мерки.

**К.С.А**

# Битолски активизам

Здружението на инвалидски пензионери и инвалиди на трудот БИП Битола, по повод меѓународниот ден на социјално инвалидизираните лица, 3–ти Декември, на ден 1.12. 2013 година организира забава (другарување) со инвалидски пензионери од повеќе градови од републиката и тоа: Центар Скопје, Гази Баба – Скопје, Куманово, Штип, Свети Николе, Струмица, Валандово, Гевгелија, Кавадарци, Велес, Прилеп, домаќинот Битола, Демир Хисар, Охрид, Струга, Гостивар, Тетово и Бутел – Скопје.



Срдечно добредојде на петстотините гости им посака претседателот на здружението **Раде Ангеловски**, кој ги поздрави присутните гости. Обраќање имаше и претседателката на Активот на жени **Виолета Настеска**.

Меѓу гостите беа присутни и претседателот на Сојузот на инвалидски пензионери и корисници на инвалидска пензија Гидо Бојчевски од Тетово, претседателот на Сојузот на инвалидски пензионери Љубомир Јанев од Штип, како и сите претседатели од горе-споменатите градови.

На задоволство на сите пензионери беа доделени дипломи и признанија од одржаните спортски натпревари за освоените први, втори и трети места, кои се одржаа во Струмица.

Со песни и ора, другарувањето продолжи до доцните попладневни часови, после што гостите задоволни го напуштија градот под Пелистер.

**С. Петковска**

# Инвалидска средба во Свети Николе

По повод Денот на инвалидските пензионери, Здружението на инвалиди пензионери од Свети Николе, организираше пензионерска средба на 24 декември 2013 година.

На средбата присуствуваа пензионери од здруженијата од: Битола, Прилеп, Скопје, Велес, Македонска Каменица, Куманово, Штип, Кавадарци, Струмца, Лозово и домаќинот Светри Николе, кои се покажаа како добри и гостопримливи домаќини. На влезот од прекрасниот ресторан „Москва", пензионерки облечени во овчеполска носија, ги послужуваа гостите со погача и сол за„ добре дiде".

Претседателот на здружението на инвалиди од Свети Николе **Михаиловски** ги поздрави присутните гости и им посака топло „добредојде", пријатен престој во Свети Николе и убава забава со која ќе се одбележи денот на инвалидските пензионери.



На прсутните им се обрати и **Љупчо Јанев**, председател на Сојузот на инвалиди пензионери, кој покрај другото зборуваше и за потребата за зголемување на пензиите на пензионерите. И тој им посака на сите убава забава и пријатно дружење. Гостите ги забавуваше познатиот состав „Овчеполски свадбари".

**М. Моневска**

Здружение на инвалиди на трудот – корисници на ивалидска пензија – Бутел

# Традиционално одбележан 3-ти декември

Со пригодна свеченост, Здружението на инвалиди на трудот – корисници на инвалидска пензија – Бутел, го одбележа 3–ти декември, Меѓународниот ден на лица со хендикеп. Оваа свеченост со своето присуство ја почестија, градоначалникот на Општина Бутел, Петре Латиновски, претседателот на СЗИТ КИП на Македонија, Гидо Бојчевски, секретар на ИО на СЗПМ, Станка Трајкова, и голем број членови и други гости од повеќе градови.

На свечената седница празникот на присутните им го честиташе градоначалникот **Петре Латиновски**, кој рече дека локалната самоуправа во рамките на можностите и во иднина ќе ја помага оваа популација граѓани, на кои за нивните активности во општината им додели работни простории. Присутните и гостите ги поздрави и им го честиташе 3–ти декември меѓународниот ден на инвалидите **Станка Трајкова** во името на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Гостите и присутните ги поздрави и им посака добредојде, претседателката на Здружението **Оливера Димовска**, која во пригодниот говор даде кус историјат на активностите и залагањето да се подигне степенот на познавање и разбирање на проблемите на овие лица во светот и кај нас, зашто инвалидноста е дел од животот, доаѓа ненадејно и не ги бира луѓето. Таа истакна дека Здружението има примерна соработката со локалната самоуправа и посебно му се заблагодари на градоначалникот за доделувањето работни простории, каде тие ги планираат своите активности, се дружат, разговараат за своите проблеми и го исполнуваат слободното време.



Потоа претседателката Димовска зборуваше за проектите на Владата, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство со кои се настојува да им се помогне на луѓето од оваа категорија на граѓани, со цел да им се обезбедат посебни права за нивниот живот да биде што полесен и подостоинствен.

На свеченоста, за посебно ангажирање и соработка, на повеќе институции, здруженија и поединци им беа доделени благодарници. Со своите песни и народни ора средбата ја разубавија учениците од Основните училишта при општината, а дружењето продолжи во пријатна и весела атмосфера.

**В. Пачемски**

ЗП Неготино

# Бројни активности и успеси

При крајот на оваа 2013 година Здружението на пензионери Неготино со засилено темпо ги изврши планираните задачи од Програмата за работа. Така, на 14 ноември беше организирана акција за мерење шеќер во крвта и крвниот притисок на околу 120 заинтересирани членови од Неготино, а истата активност беше проширена и реализирана во селото Долни Дисан на 21 ноември, кога педесетина членови ја проверија својата состојба со висината на шеќерот и крвниот притисок.

Неготинските пензионери посебна активност искажаа и за време на „Неделата на стари и изнемоштени лица", кога Раководството организираше повеќе посети на такви членови во Здружението и во Домот за стари лица „Жана", каде беше изведена пригодна програма во која, исто така, настапи групата „Распеани пензионери", а на штитениците им беа доделени скромни подароци.



Благодарение на соработката со ЗП Куманово, драмската работилница на кумановските пензионери, на своите колеги од Неготино им се претстави со драмата "Печалбари" од Антон Панов, во режија на Стоје Додевски. Актерите пензионери, со својата глума и креација на присутните им приредија незаборавни моменти и предизвикаа големо воодушевување.

**И. Емшов**

ЗП Берово

# Празнични активности

Во пресрет на претстојните новогодишни и божиќни празници Здружението на пензионерите од општина Берово организираше неколку активности.

Така, на 25 свои членови од општината здружението еднократно им додели хуманиттарни пакети. Станува збор за пензионери кои се наоѓаат во потешка материјално – финансиска состојба, а пакетите се обид празниците да ги поминат во порелаксирана атмосфера.

Беровското здружение по повод празниците ја организираше и традиционалната другарска вечер. Освен учеството на пензионерите од општината, беа покани и 9 здруженија на пензионери од Републиката.

Неодамна, пак, за заинтересираните пензионери беше организирана и можност за набавка на намирници за јадење со плаќање на две рати, со што здружението на заинтересираните членови им овозможи да се снабдат со дел од потребната храна по поволни услови.

**Д. Ролевски**

ЗП инвалиди на трудот Охрид

# Успешна година

Меѓународниот ден на инвалидите на трудот востановен од Обединетите Нации, 3–ти декември, Здружението на инвалиди на трудот од Охрид, традиционално го одбележа со пригодна свеченост, на која реферат за значењето на празникот поднесе претседателот на охридското здружение **Благоја Крстаноски.** Меѓу другото, тој се осврна на проблемите со кои се соочуваат лицата со изгубена работна способност или болест, и кои не по своја вина или желба се здобиле со инвалидност. Исто така, рече претседателот Крстаноски, се уште здружението има отворени прашања во однос на утврдување на точната евиденција на бројноста на членството, подобрување на материјалната состојба, рекреацијата, климатско–банското лекување, инвалидското осигурување, станбената политика и други проблеми со кои се соочуваат трудовите инвалиди.



Здружението има соработка со трудовите инвалиди на Поградец, Корча и Пешкопеја од Албанија, Локалната смаоуправа на Охрид, како и со други здруженија на трудови инвалиди од Републиката, но и од Националниот сојуз на инвалидите на трудот на Македонија.

Годинава при одбележувањето на 59 години од постоењето на Сојузот, во октомври во Струга, здружението беше севкупен победник на спортските натпревари во петте спортски дисциплини. Најдобрите спортисти за освоените прво, второ и трето место во екипна и поединечна конкуренција, се здобија со признанија. Тоа се спортистите–пензионери: Благоја Каланоски, Менка Попоска,Олга Целеска, Цветко Стојкоски, Богоја Каланоски, Зора Божиноска, Наум Наумоски и Величе Трпески.

Традиционално, Активот на жени на охридското Здружение на инвалидите на трудот секоја година организира хуманитарна акција во обезбедување на облека, обувки и постелнина за штитениците сместени во Домот за деца и младинци во Демир Капија.

Во знак на повеќегодишната соработка на свеченоста во Охрид, покрај гостите од ЗП Охрид и Дебрца, на свеченоста присуствуваа и преставници на активите на жени на здруженијата на трудовите инвалиди од Гевгелија и Кавадарци.

**К.Спасески**

Едукативни активности во кумановското здружение

# Остеопороза - убиец на коските

За едукација на пензионерите на Кумановското Здружение во 2013 година се одржани шест предавања од областа на здравството. Последното, што се одржа во почетокот на декември, беше посветено на заболувањето остеопороза. За оваа подмолно заболување на коските зборуваше професор др Снежана Марковиќ Темелкова, претседател на македонското здружение за остеопороза.

На почетокот доктор Снежана потсети дека ова заболување зафаќа се поголем број жени, но не ја одминува и машката популација. Во Македонија според статистичките податоци од остеопороза заболуваат околу 130 лјади жители, од кои над 10 илјади се од женски пол.

Елаборирајќи го ова подмолно заболување, професорката Марковиќ се осврна на причините, превенцијата и лекувањето. Болеста се јавува со првата скршеница бидејќи нема симптоми. Поради тоа, потсети таа, дека не треба да се чека на нејзино појавување, туку треба да се вршат редовни прегледи. Превентивата ќе помогне да се открие во рана фаза од нејзиниот развој, што ќе претставува навремена превенциј.

Како специјалист на Клиниката за ендокринологија во Скопје, доктор Снежана на присутните им обрна внимание да направат тест за остеопороза, да почнат со терапија доколку се заболени и да прават редовни контроли.

На крајот таа им изрази благодарност на Активот на пензионерки на кумановското здружение и на Црвениот крст од овој град, кои приредуваат вакви едукативни предавања за подигање на јавната свест за борба против убиецот на нашите коски.

**Спирко Николовски**

Интервју со директорот на ФПИОМ Беким Незири

# Навремено и квалитетно извршување на задачите

**Вие сте прв човек на ФПИОМ кој како ретко која институција го опфаќа речиси целото население на нашава земја. Кога дојдовте на оваа позиција со што најнапред се соочивте?**



– Во рамките на пензиското и инвалидското осигурување својата социјална сигурност ја остваруваат 290.089 корисници на права од пензиско и инвалидско осигурување или 14,4% од вкупното население на Р. Македонија во 2012 година. Бројот на осигуреници во таа година изнесуваше 507.061 и во сооднос со корисниците на пензија изнесува 1,78 осигуреници на еден пензионер што е поповолното во однос на другите земји од опружувањето. Кога дојдов на оваа позиција пред две години ги затекнав следните проблеми:

- Недостиг на процедури за работа во секторите и одделенијата во Фондот

Застој во постапката за остварување на право на инвалидска пензија во комисијата за оценка на работна способност во Фондот, поради недоволен број на доктори – членови во комисиите. Комисиите функционираа само во два состава од по двајца доктори– вештаци и заостаток од околу 1.750 предмети од 2010 година

- Нескенирани пријави за податоци за плата и стаж на осигуреници во матичната евиденција на Фоднот
- Нецелосно утврдени побарувања по основ на неплатен придонес до 31.12.2008 год. за чија што наплата е надлежен Фондот на ПИОМ
- Нерегулирани имотно правни односи на објектите на Фондот
- Потреба за преземање на дополнителни активности за адаптација и реновирање во одредени пензионерски домови

**Со текот на времето кои проблеми и предизвици ги совладавте?**

– Во најкраток временски период, беа изработени процедури за работа на сите одделенија, а со тоа и сектори во Фондот, со што беше дефиниран процесот на работа, задачите и одговорноста на секој вработен поединечно. По изработката на процедурите, Фондот се здоби со сертификат ИСО 9001:2008, за управување со системот за квалитет. Заедно со менаџерскиот тим на Фоднот беа преземени мерки за решавање на натрупаните предмети за што се изготви и акционен план за реализација на истите. Заостанатите предмети се решаваа истовремено со тековните и беа разрешени до 31.07.2012. Сега предметите се решаваат во рамките на предвидените рокови со закон и тоа со работа на 3 комисии, бидејќи во меѓувреме на мое барање со Информација на Фондот до Владата е добиена согласност за вработување на 4 доктори, што значи Комисијата за оценка на работна способноите е кадровски екипирана и нема никаков застој на предмети. Во врска со затекнатите невнесени односно необработени М пријави (2.184.000) во текот на март 2012 година презедов мерки за нивна обработка, скенирање и евидентирање и нивно внесување по осигуреник. Се работеше за М пријави кои електронски не биле ажурирани во системот. За таа цел беше изготвен акционен план со точно дефинирани задачи за стручните служби во Фондот кои презедоа мерки за спроведување на акциониот план и од горенаведениот вкупен број досега заклучно со ноември 2013 година се обработени вкупно 1.848.000 илјади М пријави и понатаму се продолжува со обработка и внесување на незначителен број на М пријави.

На иницијатива на Фондот донесен е Законот за отпис на камати на достасани обврски по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување, кој стапи во сила на 20.02.2013 година. По овој закон беа поднесени вкупно 1.426 барања за отпис на камати и тоа:

- Вкупно побарување од 2.132.630.885,00 денари
- Главен долг 1.216.001.714,00 денари
- Камата 916.596.906,00 денари

Правото на отпис на камата го искористија вкупно 786 обврзници со вкупно 5.178 осигуреници. Беа наплатени вкупно 269.185.884,00 денари, а камата која по овој основ беше отпишана изнесуваше 239.479.516,00 денари. По основ на овој закон дел од 5.178 осигурениците оствариja право на пензија, дел го исполнија минималниот услов од 15 години за остварување на право на пензија, а на останатиот дел од овие осигуреници им се зголеми должината на стажот. Исто така дел од овие осигуреници кои претходно имаа остварено право на пензија можат во обнова на постапка да поднесат барање за зголемување на пензијата поради дополнително платениот стаж.

Фондот, согласно своите финансиски можности, а со цел подобрување на условите за живеење на корисниците на пензионерските домови и изврши санација во пензионерските домови во Свети Николе (реконструкција на заедничкиот санитарен чвор), пензионерскиот дом Делчево (реконструкција на заедничките простроии – скаличен простор, пензионерскиот дом Ѓорче Петров (замена на надворешна столарија во сите станови, набавка на зимни панели за греење во сите станови), пензионерскиот дом Крива Палнака (замена на кровна конструкција со пластифициран лим и санирање на заедничките скалични простории. Во пензионерскиот дом во Чаир кој е превземен на управување во септември 2012 година, извршена е замена на дел од кровната конструкција и санирани се заедничките простории со замена на надворешна столарија и молеро фарбарски работи. Со овие инвестиции, подобрена е енергетската ефикасност и подобрување на условите за живот на пензионерите.

**Кои се Вашите приоритети во 2014, но и во наредните години?**

– Во текот на 2014 година Фондот ќе формира оперативно одделение од матичната служба, кое на терен ќе работи на комплетирање на податоците за стаж и плата. Целта на ова одделение ќе биде, во случај кога осигуреникот има периоди на осигурување за кои обврзникот не доставил податоци за стаж и плати, а предметот е во фаза на комплетирање, ќе излезе на самото место кај обврзникот за плаќање на придонес и ќе ги прибере потребните пријави за да му биде евидентиран стажот на осигуреникот. Фондот на овој начин овозможува на осигурениците на полесен начин да дојдат до потребните податоци за остварување на права од ПИО и оваа активност е во финкција на проектот – ***Граѓанинот пред се.***

Исто така, ќе продолжи процесот на валидизирање – евидентирање на заостанатите М пријави во текот на 2014 година.

Ќе продолжи процесот на грижата за домовите за корисниците на пензија и изградба на нови домови преку приватно јавно партнерство, како и инвестирање во реконструквија и адаптација на постојните домови согласно можностите предвидени со Буџетот на Фондот.

Ќе продолжат активностите на создавање на услови за овозможување на плаќање на заостанати придонеси до 31.12.2008 година, со што ќе се зголемат приходите на Фондот.




**Каква е Вашата соработка со Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија?**

– Со Сојузот на здруженија на пензионери е склучен Договор за соработка и размена на податоци, Фондот доставува податоци за новите пензионери редовно месечно и за починатите корисници на пензија. Сојузот ни доставува податоци за членството врз основа на кои вршиме задршка од пензиите за членство во здруженијата, а средствата од задршката ги доставуваме редовно месечно на сметката на СЗ кој врз основа на овие податоци за членството врши распределба на средставата поединечно за секое здружение. Исто така Фондот врши задршка и за солидарен фонд и редовно ги исплатува надоместокот на членовите на семејствата на починатите корисници на пензија за што редовно го информира Сојузот преку информации за задржаните средства за овие намени како и за бројот на корисници на пензија на кои е извршена задршка и на кои е извршена исплата на надоместокот за посмртна помош – солидарен фонд. Фондот е отворен за соработка и во овој дел помага во информатичката технологија со подршка за да можат соодветно, брзо и ефикасно да се обработува податоците од Фондот. Во Управниот одбор на Фондот членува и претседателот на СЗПМ кој активно учествува во работењето на Управниот одбор на Фондот и соработува со Фондот во утврдување на заеднички активности за подобрување на стандардот на пензионерите.

**Дали пензиите ќе се исплаќаат редовно и навреме како и досега?**

– Пензиите во изминатиот период се исплаќаат редовно во првата недела од тековниот месец за претходниот месец, согласно определбата на Владата на Р. Македонија. Како и досега пензиите и во 2014 година ќе се исплаќаат според воспоставената динамика. Во текот на 2014 година согласно измените во Законот сите видови на пензии ќе се усогласуваат на начин што вкупниот износ за исплата на пензија за февруари 2014 година се зголемува за 5%.

**И на крајот неколку лични прашања. За Вас велат дека сте строг, но праведен раководител. Точно ли е тоа?**

– Точно е дека сум строг како директор бидејќи од вработените барам дисциплина, навремено и квалитетно извршување на работните задачи за што знам и да наградувам. Моето мото „Каде што има дисциплина има и резултати", што е мото наследено од мојот татко.

**Што би промениле кога би можеле во Вашето работење како прв човек на ФПИОМ?**

– Како прв човек на Фондот, моја желба е Фондот покрај активностите утврдени во Законот во вршењето на својата дејност да извршува и други дополнителни активности како на пример формирање на пензионерска банка од која бенефит ќе имаат корисниците на пензија преку користење на поволни услуги, како и Фондот со остварување на дополнителни приходи и Република Македонија преку намалување на трансферите од Централниот буџет на РМ.



**Што би им препорачале на сегашните и идните пензионери во пресрет на Новата 2014 година?**

– Добро здравје, активни пензионерски денови исполнети со радост, пријатели, мир и спокојство. На сите ваши читатели им пожелувам многу среќа и се најубаво.

**Калина Сливовска - Андонова**

Работилница во Кавадарци

# Пензионерките се најактивни во волонтерството

– Во Република Македонија се поголем е бројот на луѓе кои и припаѓаат на возрасната популација. Од овој процент речиси една третина се жени, кои се најзастапени и најактивни во волонтерството, истакна во своето излагање **Драги Аргировски**, претседател на СЗПМ, на работилницата која се одржа на 29 ноември во Кавадарци, а на која



присуствуваа претседателите на ИО на здруженијата на пензионери членки на СЗПМ и претседателките на активите на пензионерки при здруженијата. Домаќин на оваа работилница беше ЗП Кавадарци, на истата присуствува речиси сите здруженија. Тема на работилницата беше волонтерството и активностите и значењето на активите на пензионерки. Медијатор на работилница беше **Методија Тошевски** потпретседател на ИО на СЗПМ.

На почетокот се обрати претседателот на ИО на ЗП Кавадарци **Ристо Анѓушев** кој на присутните им посака добредојде и убаво да се чувствуваат во Кавадарци градот на грозјето и на виното, а на претседателот Аргировски во името на ЗП Кавадарци, и во свое лично име му ја честиташе наградата за животно дело „11 Октомври за 2013 година", истакнувајќи дека со неговото доаѓање на чело на Сојузот многу работи тргнаа на подобро, а за активностите на Сојузот дозна и пошироката јавност.

Потоа излагање за значењето и за работата на активите на пензионерки во рамките на здруженија на пензионери и во општеството воопшто имаше **Станка Трајкова**, секретар на ИО на СЗПМ, која меѓу другото рече:

– На овој многу важен состанок со посебен пиетет ќе зборувам за активностите и значењето на жените кои дејствуваат и работат во здруженија на пензинери. Тие тоа го заслужуваат бидејќи најголемиот дел од нив ненаметливо учествуваат и ја развиваат социјално–хуманитарната димензија во здруженијата бидејќи таа активност е најблиску до карактерот и природата на жената. Познато е дека жените се вредни и работливи, па затоа редовно во програмите на СЗПМ и ЗП на нив им се доверуваат задачи од тој домен: посета на стари и болни пензионери, предавања со совети за одбрана од семејно насилство кон старите лица како феномен на поновото време, организирање на тематски состаноци за актуелни болести, соработка со Црвениот крст и локалната власт и друго.

Заслужува да се истакне и дека културните манифестации ги красат жените во првите редови на пензинерските хорови. Тие гордо и исправено ги пеат изворните македонски песни пренесувајќи им ги на младите поколенија и чувајќи го од заборав нашето богато фолклорно творештво. Но, тие не заостануваат и во спортските активности како на регионално така и на републичко ниво.

Меѓутоа, од пензионерките како и досега се очекува да бидат иницијатори и на други активности кои значат достоинствена старост. Со оглед на тоа дека 2014 година од ИО на СЗПМ е прогласена за година на солидарност досегашните активности на активите треба да бидат подигнати на повисок степен со свој придонес, 2014 да биде што посолидарна, при тоа давајќи акцент на соработката со Комисијата за здравство и социјална политика.

Што се однесува до волонтерството, како што потенцираше и претседателот Аргировски, активите на пензинерки најмногу го практикуваат бидејќи волонтрството е камен темелник на граѓанското општество и ги оживува најплеменитите стремежи на човештвото. Затоа, активностите на активите на пензинерки треба да бидат поддржани на соодветен начин од извршните одбори на здруженијата.

Во своето излагање Трајкова, ги информираше присутните и за 2014 проектот „Социјална карта" во кој пилот здружение ќе биде ЗП Ѓорче Петров, а потоа ќе ги опфати и другите здруженија во Сојузот.

На присутните им се обрати и потпретседателот на Собранието на СЗПМ **Бесник Поцеста** кој го искажа своето задоволство што е дел од оваа масовно посетена работилница.

По излагањата на Аргировски и Трајкова дискутираа голем број од присутните на работилницата. Дискусиите главно беа еден вид извештаи за реализираното на планот на волонтерството во нивните здруженија и активи. Добар и конструктивен беше предлогот на Методија Новковски претседател на ИО на Ѓорче Петров кој предложи Сојузот да изготви еден вид Договор за волонтерство и да го дистрибутира по здруженијата, а исто така во финансиските планови за 2014 година да бидат планирани неопходни финансиски сретства како директни трошоци потребни за реализирање на одредени волонтерски активности. Во дискусијата земаа учество: Спирко Николовски, Веле Алексовски, Неделка Георгиева, Ариф Беќир, Ружа Балевска, Ангелина Ристеска, Гордана Каевска, Снежана Димеска, Софија Симовска, Петар Захарчев, Ратка Коколанска, Кирил Ѓорѓиевски, Виолета Ампова, Маре Илиќ, Лена Семенакова, Елица Даниловска, Ристо Анѓушев, Ефтим Мишевски, Марија Ѓорѓиева и други.



Во третиот дел се дискутираше за потребата да се изградат домови за стари лица, да се отворат клубови во руралните средини, да се отворат повеќе центри за дневен престој и друго. Потоа беше предложена Програма на активности на Сојузот односно на здруженијата со календар на настани за 2014 година и истата беше дополнета од страна на присутните.

**Календар на настани за 2014 година**

Во април и мај 2014 се планира да се одржат 12–тите ревии на песни, музика и игри во 6 региони, а во јуни и Републичката ревија на песни, музика и игри. Има најави дека и за 2014 година регионалните и републичката ревија поради својот квалитет од Министерството за култура ќе бидат прогласени за национален интерес на културата на Република Македонија.

Во овој временски интервал се предлага да се одржат и 8–те регионални спортски натпревари, а 19–те Републички пензионерски спортски игри ќе се одржат во септември.

Како подготовка за двете значајни манифестации одржувањето на „Пензионерите пеат" и на Меѓуопштински спортски игри да се одржат во март и на почетокот на април во по два града.Тоа ќе биде поефикасно и финансиски порационално.

● **Масовни пикник средби**

И во новата 2014 година нагласка треба да се даде на поорганизирани масовни пикник средби и вистинско рекреативно доживување во природата:

1. Дружење во Стар Дојран – отворање на туристичка сезона – ЗП Велес и ЗП Неготино
2. Средба на Еленац со збогатени содржини – ЗП Македонска Каменица
3. Пикник на Ораовица – ЗП Радовиш и Конче
4. Средба кај манастирот Свети Пантелејмон – ЗП Кочани
5. Средба во Сарај – Скопје – ЗП Сарај и ЗП Ѓорче Петров
6. Пикник кај милениумскиот крст на Водно – Скопје – ЗП Карпош
7. Пикник кај Пелинце – ЗП Куманово
8.Традиционално дружење во Лесново – ЗП Пробиштип

● **Салонски средби и дружења:**

1. Блакцата на баба – ЗП Велес
2. Томина недела – ЗП Виница
3. Празник на лозјата – ЗП Кавадарци

**Калина С. Андонова**

**ОД РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПИОМ**

# Определени стратешките цели

На последната средба со новинарите, директорот на Фондот на ПИОМ, Беким Незири истакна дека се вложуваат максимални напори да се престанат средствата што на име придонеси за пензиско и инвалидско осигурување требале повеќе стотини фирми да ги уплатат за време до 2008 год. Но, за жал, многу од нив тоа ни до денес не го сториле.

Затоа, рече директорот, ќе почнат да се блокираат сметките на недисциплинираните неплаќачи со цел, наплата на побарувањата. Оваа состојба од 2009 год. веќе е надмината затоа што наплатата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување ја презеде УЈП, со што се создаде ред и дисциплина кај фирмите, за исполнувањето на оваа законска одредба.

Колку за потсетување, во периодот од 2008 до 2013 година, пензиите најмногу се зголемија во 2008 година, поради дополнителното усогласување на пензиите со Одлука на Владата на РМ, што придонесе да се зголеми реалниот износ на пензиите и да се подобри материјалната и социјална сигурност на корисниците на пензија.

Со вкупното усогласување на пензиите во 2013 година, (1,15% од 1 јануари дополнително 5% од февруари и 0,75% од 1 јули), просечната пензија за месец септември 2013 година (од работничко осигурување, воените и минималните земјоделски пензии) изнесува 11.833,00 денари и истата во однос на декември 2012 година, кога изнесуваше 11.038,00 денари, е зголемена за 7,2% како резултат на редовното и дополнително усогласување на пензиите. Вкупната просечна пензија која изнесуваа 11.833,00 денари во однос на просечната плата во Републиката во јули 2013 година (21.013,00 денари), учествува со 56,3%, додека просечната старосна пензија за септември 2013 година изнесува 13.283,00 денари и истата во просечната плата учествува со 63,2%.

Со усогласување на пензиите од јули 2013 година, најниската минимална пензија изнесува 6.562,00 денари, а највисоката пензија изнесуваа 37.173,00 денари. Од вкупниот број на корисници, 160.591 корисници или 55,5% примаат пензија до износот на просечната пензија, односно до 11.833,00 денари.

За одбележување е дека вкупниот број на корисници на пензија (работничко, земјоделско и воено право) со состојба на 30 септември 2013 година, изнесува 289.212 корисници во нашата држава, чиј број постојано се зголемува со нови пензионирања.

Од вкупниот број на 289.212 корисници на пензија, 24.803 корисници или 8,6% примаат најнизок износ на пензија до 6.562,00 денари; 23.551 корисници или 8,1% примаат пензија од 6.562,01 до 7.620,00 денари; 112.237 корисници или 38,8% примаат пензија од 7.620,01 до 11.809,00 денари, а 128.621 корисници или 44,5% од вкупниот број на корисници примаат пензија над 11.809,01 денар. Поаѓајќи од овие сегашни податоци и состојби, во Фондот на ПИОМ е изработен Стратегиски план за периодот од 2014 до 2016 година, кој беше усвоен на една од седниците на УО. Овој значаен документ е изготвен согласно законската регулатива и во него се содржани активности, цели, приоритети, како и програма за работа за периодот од 2014 до 2016 година. Во документот особено се нагласени процесите на стратегиското планирање и буџетскиот процес, составен од макроекономската и фискалната политика и усогласувањето на приходите и расходите на Фондот на ПИОМ со Министерството за финансии. Значи, во усвоениот документ доминантно место зазема визијата, мисијата и општите цели на Фондот.

На крајот, во Стратегискиот план, во однос на Буџетот е даден преглед во кој се прикажани планираните расходи на Фондот и индикаторите за бројот на корисниците на пензија и бројот на вработените во Фондот за периодот од 2014 до 2016 година.

Од дискусијата беше прифатен предлогот во овој Стратегиски план да се додаде, доколку има можност од средствата да се градат нови пензионерски домови.

Во интерес на времето, исто така УО го прифати и буџетот на Фондот на ПИОМ, според кој се земени во предвид нивото на обврските на Фондот во 2013 година и очекуваните нови обврски за 2014 година, што произлегуваат од спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување, согласно законската регулатива, Програмата на Владата на РМ и др.

Според претпоставките, а врз основа на кои се пресметани приходите и расходите на Фондот и со планираните средства од Буџетот на Републиката, се предвидува Фондот на ПИОМ во 2014 година да оствари избалансирани приходи и расходи, односно редовна исплата на пензиите и другите права од пензиското и инвалидското осигурување, согласно законската регулатива, како и другите трошоци.

Но, треба да се истакне дека поради штедење, сѐ уште е присутен проблемот со недостаток на кадрите во Фондот, како и несоодветниот надоместок на вработените во Стручната служба на Фондот. И покрај тоа посебен приоритет во работата на Стручната служба на Фондот и во 2014 година ќе биде насочен кон преземање мерки и активности за реализација на приоритетните цели, пред сѐ контрола на податоците од наплатата на придонесите, наменското користење на средствата предвидени во Буџетот, рационалното и економично работење, како и спроведувањето на препораките од Владата на РМ за намалување на тековните расходи во работењето на Фондот на ПИОМ.

**м-р. Снежана Кутузовска**

Во Прилеп

# Надградба на домот за стари лица

– Во Македонија покрај прилепскиот, домови за стари лица има уште во Скопје, Куманово и Битола

Прилепскиот дом за стари лица со условите во кои се сместени штитениците е меѓу најдобрите во државата. Во домот за стари лица „Киро Крстески – Платник", сместени се 150 штитеници од 65 па до над 90 години од сите краеви на Македонија

– Старите лица кои се сместени тука, се чувствуваат навистина пријатно. Просторот нуди комоција, како во приземјето, така и на катот. За старите лица се грижат лекар и медицински сестри кои дежураат 24 часа. Потоа, овде имаме и терапевт за физикална терапија и берберница, а со станарите постојано разговара социјален работник и психолог. Вработени сме заедно со целиот персонал и во кујната 40–тина лица – ни рече директорот Дарко Рибароски.

Во Прилеп нема приватна установа за сместување на стари лица. Штитениците кои се сместени во оваа институција, која е под капата и финансиски подпомогната од Локалната самоуправа, си плаќаат сами, или членови на нивните семејства. Зависно од висината на пензијата и од просторот каде се сместени, плаќаат од 7200, 8380, 9400 и 11340 денари месечно. На катот, собите се со санитарни јазли, а на располагање им е и ТВ апарат и други удобности.

– За сместување имаме уште многу барања, но заради малиот сместувачки капацитет, мораме да ги одбиваме заинтересираните. Веќе имаме изработено проект за надградба на постојниот објект. За 4 милиони денари колку што се потребни според пресметките, ќе се добијат уште 40 нови соби со по еден кревет, санитарии, заеднички простории. Средствата ќе ги обезбедиме од европските фондови, зашто годинава бевме во посета на соодветни институции за продолжена соработка во Белгија. Дел ќе инвестираме сопствени, а и средства од Локалната самоуправа. Така луѓето од третото доба, во нашиот објект ќе се чувствуваат како да се во сопствениот дом. Во многу ќе се подобрат условите за сместување и дружење меѓу себе. На нашите штитеници на располагање им се и 2000 м2 парковски површини за слободно движење и рекреација – истакна директорот на Домот, Рибароски. **К.Р.**

ПЕНЗИОНЕР плус

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година VI– број 65
декември 2013 год.

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**
**Драги Аргировски** (претседател)
Бесник Поцеста
Методија Тошевски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Љубомир Ѓорѓиев
Павле Спасов
Софија Симовска
Милан Димитровски
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

**Редакциски одбор:**
**Методија Тошевски**
Главен и одговорен уредник;
**Калина Сливовска-Андонова**
заменик главен
и одговорен уредник;

**Членови:**
Мендо Димовски, уредник;
Цветанка Илиева
Баки Бакиу,
Милан Аџиевски,
Фруска Костадиновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ „12 ударна бригада"
бр. 2. зграда на ССМ – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **kontakt@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
СЗПМ

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

Закон за ПИО (Службен весник на РМ број 170/2013)

# Најнови измени и долнувања

Во август 2012 година влезе во сила новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување, а веќе третпат на истиот се вршат измени и дополнувања. Тоа не се измени само во однос на усогласувањето на пензиите, туку интервенции и во други законски одредби кои се применуваат само една година. Од анализата на извршените измени, тие најмногу се однесуваат на кругот на осигурениците. Имено, лицата кои до овие измени се сметаа за некомпатибилни да се најдат во кругот на осигурениците заради статусот што го имаат, сега во членот 1 (постојниот член 11 од ЗПИО се дополнува со нова точка 14) во задолжително пензиско и инвалидско осигурување се опфаќа и извршен член на одбор на директори, член на управен одбор на трговско друштво, односно управител во трговско друштво, доколку не е осигуран по ниеден основ. За овие нови осигуреници како и за осигурениците од постојниот член 11 точка 4, 5, 6, 8 и 9, начинот на утврдување на својството на осигуреник поблиску се уредува со акт на министерот за труд и социјална политка. Тој акт досега беше во надлежност на Фондот на ПИОМ што, по мое мислење, беше посоодветно, бидејќи во Фондот се остварува приемот на осигурување и тие акти ги донесуваше колегијален орган, односно Управниот одбор на Фондот.

Со членот 2, со овие измени се утврдува дека за член на извршен обор на директори, член на управен одбор, односно за управител на трговско друштво за утврдување на пензиската основица, се зема надоместокот кој служел за плаќање придонес за пензиско и инвалидско осигурување. Својството на осигуреник за овие нови осигуреници како и за осгурениците од постојниот член 11 точка 4,5,6,7,15 и 16 се стекнува од денот на поднесување на барањето за прием во осигурување, односно од денот на упис во соодветниот регистар, а доколку се исполнети условите најмногу шест месеци наназад од поднесување на барањето (член 8 од овие измени). Исто така, за овие осигуреници многу важен е и членот 15 кој утврдува дека, ако тие не се пријават во пензиско и инвалидско осигурување, ќе заработат и глоба од 300 до 600 евра во денарска противредност.

Понатаму, во овие измени и дополнувања позначајна интервенција, законодавецот прави во член 148 став 1 која законска одредба до овие измени и дополнувања на ЗПИО, гласеше:

„На корисник на пензија додека е во работен однос или додека врши самостојна дејност во Република Македонија или странство му се запира исплатата на пензијата"

Со членот 9 од измените оваа одредба се дополнува и се утврдува дека ако корисник на инвалидска пензија **стапи во работен однос, му престанува правото на пензија**. Ова решение е индикатор за објективноста во утврдување на инвалидноста, на височината на инвалидската пензија (особено процентот на определување на пензијата од пензиската основа) како и дали ова ново решение би требало да се однесува и на инвалидски пензионери кои правото го оствариле врз основа на преостанатата работна способност. Заради зајакнување на обврската за пријавување во задолжително пензиско и инвалидско осигурување, особено за оние осигуреници кои сами треба да поднесат барање за прием во осигурување, конзистентно е дополнувањето на членот 204 став 1 од ЗПИО дека утврдувањето на својството по службена должност може да изврши Фондот на ПИОМ врз основа на јавни исправи и евиденции пропишани со закон, за лице кое има право на пензиско и инвалидско осигурување.

На крајот најзначајната оредба за корисниците на пензија е членот 16 кој гласи:

„Одредбите од членот 37, ставови 1 и 2 од овој закон не се применуваат во период од 1 јануари до 31 декември 2014 година.

Во 2014 година сите видови на пензија согласно со овој закон се усогласуваат на начин што вкупниот износ за исплата на пензиите за февруари 2014 година се зголемува за 5% и се дели со вкупниот број на корисници на пензија кои пензијата ја оствариле заклучно со февруари 2014 година."

Позитивно во ова законско решение е што дерогирање на одредбите на членот 37 став 1 и 2 од ЗПИО како системско, редовно, тековно усогласување ќе трае само една година. Усогласувањето на пензиите согласно член 37 од ЗПИО се врши врз основа на познати критеруми и параметри, зависно од вложениот придонес во ПИО и претставува правна сигурност за корисниците на пензија. Усогласувањето според членот 16 став 2 ќе започне да се применува од 1 март 2014 година, а тоа би требало да се случи со исплатата на мартовската пензија, во април 2014 година.

**Станка Трајкова**

ЗП Тетово

# Достоинствено дружење



Пространиот ресторант „Арена" што се наоѓа во кругот на комбинатот „Тетекс" беше собиралиште на над 500 пензионери од тетовскиот крај. Ги имаше од сите општини во регионот. Пензионерите се забавуваа на традиционалната предновогодишна средба на која беа удостоени и од претседателот на СЗПМ Драги Аргировски.

Со пригоден говор средбата ја отвори претседателот на ИО на ЗП Тетово **Шабан Азизи**.

Забавата се одржа на 7–ми декември, а траеше повеќе од пет часа. За пријатната атмосфера, веселбите и забавата придонесе и составот „Маестро Бенд", со солистите Драгиша Аврамовски и Екрем Алити, кои исполнија песни од македонскиот, албанскиот, ромскиот, турскиот, српскиот и друг репертоар, што е карактеристика на националниот состав на пензионерите од ова подрачје, присутни на забавата.

**С. Димовски**

ЗП Неготино

# Одбележана Недела на грижа за стари лица

Од 18–24 Ноември под мото „Ние сакаме, Вие знаете, заедно можеме" беше одбележана Неделата за грижа на старите лица. Основната цел на одбележувањето беше да се подигне свеста на населението за користење на правата на старите лица и постојаната грижа за нив.



Во Неготинско, согласно Меморандумот за соработка, беше изготвена и реализирана заедничка програма на Здружението на пензионерите и Општинската организација на Црвениот крст со бројни активности преку целата недела.

Ќе издвоиме само неколку позначајни од нив.

Младите на Црвениот крст дистрибуираа и делеа постери и флаери во кои се содржани правата на старите лица. Во просториите на Клубот на пензионерите „Анри Динан" се одржа шаховска работилница, односно ревијално играње шах, а пионерскиот првак во Македонија, осмоодделенецот Тони Лазов им одржа на постарите вистинска лекција по шах. Учесниците изразија огромно задоволство од заедничкото играње и дружење. Заеднички екипи посетија неколку стари, болни, изнемоштени лица во нивните домови.

Завршните активности се одвиваа во рурална средина во селото Долни Дисан, по повод нивната селска слава. Во центарот на селото беа залепени пригодните постери и се делеа флаери. Со настапот на групата „Распеани пензионери" и детската фолклорна група од локалното училиште беше збогатено чевствувањето на празникот на сретсело, пред многубројната публика. Се заигра и меѓугенерациско оро на учесниците и присутните.

**П. Стефанов**

ЗП Пробиштип

# Одбележана неделата на „Грижа за старите лица"

Здружението на пензионери, во соработка со Општинската организација на Црвениот крст од Пробиштип, преку едукативни предавања од областа на медицината, превентивни прегледи и хуманитарни акции, заеднички се вклучија во одбележување на неделата „Грижа за старите лица". Во текот на шесте дена беа одржани две предавања од страна на доктори, повеќегодишни активисти во Црвениот крст.



За кардиоваскуларните заболувања и ризик факторите од тоа, предавање одржа Татјана Атанасова, доктор по општа медицина, а Љупчо Миланов – педијатар, ја обработи темата за белодробните и заболувањата на респираторните органи, кои се честа појава во овој период од годината и ја напаѓаат повозрасната популација. И двете предавања предизвикаа голем интерес кај присутните, за што говори и фактот од бројните прашања и активното вклучување во предавањата.

Истовремено на околу 50 пензионери им беше проверен крвниот притисок и шеќерот во крвта. Притоа, на секого со покачен крвен притисок или шеќер, му се даваа совети што да преземе понатаму во консултација со матичниот доктор.

Во два–три случаи во текот на неделата младите активисти на Црвениот крст и секретарот на организацијата Митко Ѓорѓиев, беа во посета на повеќе социјални семејства на пензионери во селските населби и доделуваа пакети со облека, донација од холандската фондација „Помош за Македонија". Така, поделени се 30 пакети, а оние што ги добија се крајно благодарни за грижата и вниманието. Најголем дел од пакетите се донирани на жителите од селото Пишица, на семејствата на кои им беше уништена целата покуќнина од попуштањето на Пишичката брана. Задоволството беше поголемо што овие стари лица беа посетени токму од оние кои можеа да им бидат и нивни внуци.

Соработката со Општинскиот Црвен крст е на високо ниво и со овие активности нема да заврши. Ќе се продолжи со меѓугенерациска соработка, при што возрасните ќе ја покажат мудроста, а младите знаењата од современата технологија.

**М. Здравковска**

ЗП ОВР на РМ

# Грижа за здравјето на пензионерите

Деновиве Комисијата за здравство при ЗП на ОВР на РМ во рамките на своите програмски активности за редовна грижа за здравјето на своите пензионери, во просториите на здружението организираше бесплатна проверка на притисокот и на шеќерот во крвта. Мерењето го изврши докторот во пензија, Илија Глигоров од ЗП Солидарност – Аеродром.

При оваа активност, секој од пензионерите имаше и по некое прашање врзано за проблемите со личното здравје, а поделија и свои искуства како тие самите се грижат за себе, кои лекови, чаеви и други природни лекарства ги користат. А докторот на секого, во рамките на можностите му одговори, го посоветува, а сподели и многу совети за грижа за здравјето воопшто од неговото огромно работно искуство.

Така и овој ден пензионерите, покрај прегледот, го поминаа во пријатно меѓусебно дружење, исполнето со прашања, одговори, споделување на лични искуства.



**С. Смилеска**

ЗП Радовиш

# Со добра соработка до видливи успеси

Добрата соработка на Здружението на пензионери со Локална самоуправа, Здравствениот дом и Црвениот крст од Радовиш ги даде очекуваните резултати. Во текот на ноември 2013 година за околу 300 пензионери од ЗП Радовиш беа организирани предавања, превентивни прегледи, проверка на шеќерот во крвта, како и вакцинирање против грип и настинка.



Овие хуманитарни активности беа спроведени во Клубот на пензионерскиот дом во Радовиш, во Здравствената амбуланта во с. Ораовица, а на двапати и во просториите на Осмогодишното училиште во с. Ињево.

Исто така, за пензионерите кои се потешко подвижни, односно врзани за своите постели, д–р **Моника Ристевска** одржа предавања кои беа емитувани преку локалните медиуми, ТВ Еми и ТВ Кобра.

Оваа помош за пензионерите е од посебно значење бидејќи со тоа им се покажува дека не се заборавени. Организатор на овие активности беше Комисијата за здравство и хуманитарни работи при ЗП Радовиш во соработка со одборите на ограноците, Активот на пензионерки, Црвениот крст, Здравствениот дом, Локалната смоуправа, а под покровителството на градоначалникот Сашко Николов.

Во пријатен разговор со пензионерите и медицинскиот персонал предводен од д–р Јагода Ристова, д–р Лимонка Илиева и д–р Моника Ристевска, градоначалникот **Сашко Николов** изрази големо задоволство од тоа што има можност да им помогне на пензионерите, а исто така, најави дека и во иднина ќе бидат финансиски поддржани сите вакви и слични хуманитарни акции.

Во своето обраќање претседателот на Здружението **Јордан Костадинов** истакна дека и досега 30 отсто од финансиските средства Здружението ги користи за хуманитарни активности, а сега со поддршката што ја добиена од локалната самоуправа и градоначалникот, веќе се создаваат подобри услови за организирање вакви активности, со кои ќе бидат опфатени и поголем број пензионери.

**Л. Младеновска**

ЗП Демир Хисар

# Пензионерите снабдени со огревно дрво

За затоплување на своите домови за време на ладните зимски денови скоро сите пензионери од општина Демир Хисар користат огревно дрво. За обезбедување количини дрва неколку години по ред се ангажира демирхисарското Здружение на пензионери. Уште на почетокот на оваа година ЗП Демир Хисар потпиша договор со ЈП Македонски шуми – Подрачна единица Демир Хисар, со кое Здружението на пензионерите како редовен помагател на пензионерите се обврза да обезбеди 3.000 кубни метри дабово и буково огревно дрво. Според зборовите на **Пере Петрески**, претседател на ЗП Демир Хисар,сите пензионери кои уплатија дрво истите ги имаат добиено од почетокот на септември. Исто така од негова страна беше истакнато дека со ова организирано снабдување на пензионерите се овозможува оние пензионери со пониски пензии плаќањето да го извршат на 12 рати а воедно и по најефтина цена. Ова се потврди и при разговорот со пензионерите кои се задоволни од брзината на доставата и од квалитетот на добиените дрва. И во наредната 2014 год. ЗП Демир Хисар ќе продолжи со снабдување на пензионерите со дрва.

**З.Стевановски**

Средба во Крушево

# Радоста на учителот Митко

Во еден збор што извира од срцето на еден човек – сопатник на детството, збор милозвучен што отвара нови видици, што милува и желби раскрилува. Тоа е зборот на учителот. Тој светол збор со децении извираше од срцето на учителот Димитар Дамјановски, популарниот Митко од Крушево, кој своите спокојни пензионерски денови ги минува во градот на првата република на Балканот, радувајќи им се на своите внучиња и со пријатни спомени од долгогодишната работа со учениците.



Еве една можна „лична карта" на овој скромен човек кој со право може да се гордее со онаа што го постигнал како учител. Како наставник по основи на техниката и производството, вработен во ОУ „Никола Карев" во Крушево во сообраќајната секција редовно учествувал на завршниот Републички натпревар „Пионерски семафор", секогаш бил меѓу првите три екипи, а петпати неговите млади сообраќајци биле шампиони. Своите знаења крушевските ученици ги презентирале и надвор од Републуика Македонија: трипати учествувале на сојузни натпревари во поранешна Југославија, а 1984 година и на меѓународниот сообраќаен натпревар во Варшава, каде што во конкуренција на 18 екипи го освоиле петото место.

Копнежот запален во детското срце е неизгаслив факел што го осветлува патот кон нови знаења, нови дострели во воспитанието и образованието, како незаменлив фактор во формирањето на личноста.

За тоа пензионерот Митко е пресреќен што некои негови ученици му се посветиле на сообраќајно–техничкото образование, завршиле студии по сообраќај, а еден од нив како истакнат професионалец е вработен во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија. Тие им ги пренесуваат своите знаења на најмладите ученици во сообраќајот со желба за поголема безбедност. Тие се надградувале стручно како и нивниот ментор кој по завршувањето на учителската школа во Битола продолжил на педагошката академија во Скопје на групата физика – основи на техниката. Работел во неколку крушевски села, но најдолго со дневник в рака (се до пензионирањето) останал во Крушево. Витрините на ОУ „Никола Карев" ги красат диплпмите и пехарите што ги освојувал со своите ученици, а денес со задоволство навраќа да се сретне со своите помлади колеги, да почувствува радост и одново да ја види убавината на детските очи. Учител – лик што не признава заборав. Човекување во просторот и времето.

**Перо Миленкоски**

# Јубилеј на Маџирмаалските средби

Веќе 30 години жителите на Маџирмаало во Скопје се собираат да се дружат и да ги раскажуваат приказните маџирмаалски. Да си приспомнуваат на годините што поминале чувајќи ги од заборав спомените. Еве што ни раскажа за овогодишното јубилејно дружење еден од основоположниците на оваа традиција на Маџирмаалци, дипломираниот инженер архитект Иван Стојковски – Ване кој иако е веќе 8 години пензионер, активно и денес учествува во сите подготовки на Маџирмалските средби, барајќи дури и нови форми и содржини се со цел тие да бидат поубави и незаборавни.

– Роден сум во Маџирмаало. Таму израснав. Таму сум речиси секојдневно иако не живеам веќе таму. Маџирмаало ми е во душата, како и на сите маџирмаалци.

Инаку населбата датира од 1814 година. Некогашната населба Вардар го добила името Маџирмаало по зборот Маџири што значи дојденци. Дојденци имало од секаде, речиси од сите градови на Македонија, па така настанале улиците: Охридска, Прилепска, Велешка, Светиниколска, Вардарска, Преспанска...

На 30 – тите јубилејни средби ќе дојдат луѓе од сите овие градови на Република Македонија. Се чекуваат околу 700 учесници на прославата од кои половината пензионери. Радува фактот што оваа традиција ја прифатија и помладите.

Ги покануваме сите особено пензионерите, кои ги врзува нешто со ова традиција да ни се придружат на настаните од прославата:




- СОБИР покрај БАДНИКОВИОТ оган 05.01.2014 год. 18:30ч.
- Свечена академија на маџирмаалските одбори 10.01.2014 год. 16:00ч.
- Турнир во мал фудбал 22.02.2014 год.
- Турнир во традиционална фанта 23.02.2014 год. 12:00ч.
- МАЏИРМААЛСКА ВЕЧЕР - Х. Континентал 28.02.2014 год. 20:30 ч.
- Летен пикник 31.05.2014 год.

и свечено дефиле низ улиците на Маџирмаало

# Патување во минатото

Секој од нас пензионерите, на различен начин си го одбележува заминувањето во пензија. Новинарот во Македонското радио **Мојсо Мојсовски** својот работен век решил да го заокружи со своето авторско дело „Да не ја утнам темата"– по втор пат. Книга со која не поведува на долг пат во минатото на Скопје. Интересна е приказната на Мојсо за создавањето на своето второ дело, исто како што се интересни приказните за нашето Скопје, составен дел на книгата. Го замоливме да ни ја раскаже и за нашите читатели.



„Охрабрен од сознанието дека и по скоро десет години од појавувањето на мојата прва книга, за која да бидам искрен мислев дека ќе биде и единствена, почнав да објавувам колумни во весникот „Република" со идеја од нив да издадам и втор дел на книгата. Јас едноставно не седнувам нешто да напишам доколку нема за тоа рок или доколку не ме притиска неумитниот од на времето (реликт од долгогодишното битисување во ДЕСК–от на Македонското радио"). Од тие минијатури од сеќавања на луѓето, настаните и објектите на Скопје настана и ова второ издание на книгата со истиот наслов. Со неа се вклучив во одбележувањето на 50 годишнината од скопскиот земјотрес и секако со неа го одбележувам заминувањето во пензија како новинар кој целиот работен век го поминав во МРТ."

За книгата и за авторот најдобро ќе ни укажат и рецензентите – познатите Владо Димовски и Братислав Димитров. Колегата Владо Димовски книгата ја прочитал, во еден здив. За авторот на „Да не ја утнам" по втор пат, вели дека е новинар од ДЕСК–от. Во оваа книга тој се враќа во минатото, во едно друго Скопје. Како да отворил некое дрвено ковчеже полно со спомени. Убавото е во тоа што спомените се врзани за обичните луѓе, за местата и настаните повеќе или помалку познати, за градот под Водно, кој некогаш пулсирал поинаку.

„Сум слушал и сум читал многу приказни за Скопје, вели во својата рецензија Братислав Димитров, драматург, но раскажувањето на мојот пријател Мојсо го сметам за исклучителна духовна храна за секој читател– гурман. Тивко, без трошка егзибиционизам и нарцизам, авторот на овие прекрасни минијатури, не враќа во времиња, места и настани кои одамна се зад нас, но водени од неговата креативна имагинација повторно блеснуваат пред нашите очи во својот полн сјај. Не е тоа обична носталгија за минатото кое одамна го нема, а нас се помалку не има. На лесен и возбудлив начин проследен со лирски хумор, неговите приказни не потсетуваат на класичната маалска етика, која денес се одбегнува дури и во вицеви."

„Зошто го сакате Скопје? – Му го поставивме ова прашање на Мојсо, позајмено од насловот на неговата прва приказна од книгата, со намера да дознаеме што повеќе за неговите мотиви за создавањето на оваа книга.

„Веројатно секој си го сака својот роден град, па не гледам причина јас да бидам некаков исклучок. Јас го сакам зашто тука се сите што ги сакам и почитувам, другари и пријатели. За жал и по некој гроб на близок, пријател, другар... Ги сакам миризбата и сјајот на Вардар во лето, неговата бучава наесен и напролет, кога е преполн со матна вода што ја носи од Шара и од Треска. Ги обожувам липите на Партизанска, костените околу Идадија, тополите накај Стадион. Го сакам Скопје затоа што тука ја сретнав мојата најголема љубов, која со време стана мајка на моите две прекрасни ќерки, а и тие трите неизмерно го сакаат родниот град покрај Вардар. Кога станува збор за Скопје љубовта спрема него станува наследна особина и феномен. Засега не можам да видам друг град на земјината топка со перформанси што ја задоволуваат мојата пребирливост да го почнам и завршам животот, а и да го трошам со сите негови маани и недостатоци. Едноставно тоа е Скопје. Моето Скопје.

Новинар, со толку многу љубов кон неговиот град, кон Вардар и неговиот прекрасен кеј, скопскиот плоштад, Маџирмаало, Идадија, Стадионот... кон сите култни места на пријатни средби и спомени, не може а да не го овековечи сето тоа. Така и настанале овие колумни, така настанала и оваа негова втора книга. Мотив и енергија покрај неговиот сакан роден град му даваат и неговите: сопругата Вера и ќерките Биле и Бојана и над се внукичката Надја, која во секој миг од животот го прави дедо Мојсо посреќен, повесел и позадоволен.

На крајот сакавме да дознаеме дали оваа книга ќе доживее и трето издание? Мојсо Мојсовски ни кажа дека и сега како пензионер среќава луѓе што имаат што да кажат и раскажат за Скопје во минатото, па ќе продолжи со колумните и нивното собирање во трета книга.

Му посакавме уште многу убави колумни и можностние да ги читаме и да се потсетуваме на некогашното Скопје, на некогашниот маалски живот... **Цветанка Илиева**

# Запознај се себеси

Секој човек, а особено старите луѓе се носители на преданијата кои ги наследиле од претходните поколенија. Понекогаш тие луѓе се ризници и носители на едно изминато време кое траело со векови и кое изградило еден особен етос, начин на живеење и дејствување. Денес можеме да научиме многу од новите техники и медиуми, но она што ќе го научиме од непосреден контакт и со живеење покрај некого е незаменливо. Порано старите ги заменувале овие медиуми и техники и на помладите генерации им го предавале она што со генерации се предавало од колено на колено. Прикаски, бајки, песни. Тоа минато но, не и премногу далечно или изминато време било време на благослови, време кога можеби и немало толку многу книги и многу се паметело и усно се прераскажувало. Ако ќерката сакала да научи да везе, станувала рано со мајката и пред да се почне со секојдневните обврски седнувале на час по везење. Умот кој не е врзан со слики и информации изнедрува нови сознанија од соопштеното, раскажаното или испеаното. Се учело како да се стане вистински човек и сите сили да бидат во една хармонија со себеси и со природата. Чесноста и моралот се негувале како подлога за здрав живот. Можеби животот бил потежок но, природата била онаа која била опкружување. Природата, животните, смената на годишните времиња му помагале на човекот да биде блиску до себе и своите вистински потреби. Човекот можел да ја задржи својата целовитост без да се дели на повеќе делови. Мајките знаеле приспивни песнички, песнички за развивање на говорот, гатанки и пословици. Ги доеле своите деца подолго време, и тоа не само поради сиромаштијата као што се слушаат разни изјави. Девојчињата работеле заедно со мајките и помагале во се и така мошне рано биле оспособени да се соочат со предизвиците на животот. Точно се знаело кои атрибути треба да ги поседува една домаќинка и чуварка на семејството и домашното огниште. Тогаш луѓето немале услови да остварат незнам кави желби, но многу добро знаеле што е најважно во животот. Ги знаеле вистинските вредности. Биле чедни и целомудрени. Поточно, скоро и да не постоела девојка која би го погазила предбрачното моминство. Нашите мајки, баби и прабаби биле чедни и чесни и така родиле и воспитале здрави и чесни поколенија. Слушаме и читаме за многу завеернички системи кои имаат за цел да уништат многу млади поколенија со новата продукција на филмови, реклами, спотови со музика, списанија и интернет содржини. Се оди кон обескоренување. Затоа старите луѓе се многу важни и потребни како модели на идентификација за помладите (внуците) и како (благо)весници на здравите вредности и живот. Тие не мора да го учат одново сето тоа наследство, тие се еден дел од тоа и тоа е нивна внатрешна неотуѓива содржина. Каде и да отидат и во било каква ситуација да се најдат тоа наследство и тоа нивно воспитание ги штитело. За машките поколенија тие претставуваат углед за тоа како излгеда и како се однесува еден домаќин, татко на семејство, кое треба да го храни и чува. За да се запознаеме самите себеси тогаш нашите постари или стари луѓе ни помагаат да го извршиме овој повик. Ваквите светли личности скоро секој ги има во својот живот. Тие не зборувале многу тие чинеле и се жртвувале за блиските. Тие имале љубов. Некој ги научил да љубат. Некој (или цели поколенија) ги научил што е љубов и што е радост. Тие не се возгордеани, самозаљубени и затворени. Тие може да се било кој: баба, дедо, вујко, тетка, па дури и мајка и татко. Тие не бараат ништо за себе. Тие ми кажаа многу за животот и љубовта без поуки и раскажување, туку само со своето жртвено–ољубовено однесување. Старите не беа депресивни, уморни, мрзеливи или лошо расположени. Затоа ми помогнаа да се запознаам себеси односно каква треба и јас да бидам. На што треба да ги учам и децата. Постапките на тие луѓе ми помагаат да имам доверба во луѓето, бидејќи луѓето се добри. Се поставува едно прашање, дали напредокот на човештвото, особено техничко–технолошкиот се искористи и се користи за доброто на луѓето? Каква е и која мисјата на постарите луѓе во 21 век? Да ги научат младите поколенија на љубов и жртва. Прво со сопствен пример. Како? Така што ќе даруваат љубов и ќе се жртвуваат хранејќи ги душите на потомците. Така и самите ќе се чувствуаат сити односно исполнети. Скаски, преданија, приспивни песни, мали стихчиња за развој на говорот. Оставете го домашниот аманет и историјата на потомците и во пишана форма, да остане покрај материјалното наследство. Познатата српска народна појка Светлана Стевиќ вели дека најдбро е децата да се успиваат со песна или приказна, а исто и кога ќе се будат. Во Русија певицата Наталија Фаустова направи проект „Приспивни песни за целото семејство" со кој ги поттикнува младите родители да им пеат старински приспивни песни на малите бебиња и на децата. Познатитот академик невропсихијатар д–р Владета Јеротиќ вели дека најголемата грешка правиме со тоа што сметаме дека децата до 5 години се бессовесни битија. Носејќи го сето свое животно искуство постарите и старите луѓе треба да ги пренесат сите позитивни теченија на народот во врска со новите генерации директно и индиректно и така да ја исполнат својата човечка мисија. Сепак најважниот влог е љубовта која ако израсне дава најубави и најтрајни плодови.

**Маја Белева**


Шести пат
Банка на годината.
Затоа што успехот не е случајност!
The Banker
Bank of the Year 2013
MACEDONIA
The Banker
Bank of the Year 2013
MACEDONIA
NLB Тутунска банка
Знам зошто.
www.nlbtb.com.mk
Контакт центар: 02/15-600

ЗП Радовиш и Конче

# Донесен Финансиски план и Програма за 2014

Собранието на Здружението на пензионери Радовиш и Конче, на 9–ти декември 2013 година ја одржа четвртата седница на која присуствуваа претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и членот на Собранието на СЗПМ



Јован Евтимов. Седницата ја отвори претседателот на Здружението **Јордан Костадинов** кој во воведното излагање ги презентираше сите активности и резултати од работењето. Тој посебно ја апострофираше соработката со СЗПМ, Локалната самоуправа, Центарот за култура, Црвениот крст, Здравствениот дом, Центарот за социјални работи, како и Фондот за здравство и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Во поздравниот говор претседатѕелот на СЗПМ **Драги Аргировски** даде висока оцена за работата на Здружението истакнувајќи дека со задоволство присуствува на ваква седница на која се набројуваат значајни резултати на сите полиња. Потоа тој зборуваше за европските реформи во Сојузот, за стандардот, за бесплатното болничко лекување, за превозот на пензионерите и за други актуелни прашања од интерес за пензионерите.

По прилжените документи се водеше мошне конструктивна дискусија која покажа сообразност на ставовите и мислењата на членовите за натамошно интензивно дејствување и извршување на програмските задачи. Во расправата зедоа учество: **Васил Газепов, Петар Јанков, Стојанче Лукаров, Борка Крстева, Славчо Ристов, Камче Атанасов, Стојан Здравев, Лазар Лазаров, Атанас Ристов и Стеван Илиев.** На крајот Собранието едногласно ги усвои Извештајот за остварување на Финансискиот План за 2013 година, Финансискиот план и Програмата за 20124 година. Поради здравствени причини неотповиклива оставка од член на Собранието на СЗПМ поднесе Јован Евтимов, а за нов член беше избран Јордан Костадинов.

**Лилјана Младеновска**

ЗП Гостивар

# Нови импулси за дружење

На 23 ноември 2013 година околу 350 пензионери по 18–пат, присуствуваа на традиционалната пензионерската вечер во ресторанот Нов Албис, која помина во интерпретирање на постигнатите резултати и



незаборавно дружење на пензионерите од различни етнички средини. Пензинонерската вечер ја отвори претседателот на Здружението домаќин **Нијази Џељили,** кој го поздрави присуството на претесдателот на СЗПМ **Драги Аргировски** и во име на сите пензионери му ја честиташе наградата за животно дело „11–ти октомври“ посакувајќи му добро здравје и уште многу нови успеси. Претседателот Аргировски во поздравниот збор истакна дека ЗП Гостивар е едно од поактивните здруженија во СЗПМ и дека постигнува забележителни резултати во сите области, а особено во развивањето и јакнењето на мултиетничките односи во рамките на здружението и пошироко. И во тој однос им се заблагодари на сите пензионери кои придонесоа да ја добие спомнатата награда, за која рече дека наедно е и нивно признание. Потоа со пригодни зборови присутните ги поздрави и претседателката на Активот на пензионерки **Вадије Зендели**, кажувајќи неколку мудри мисли, кои секому можат да послужат за поук во пензионерското живеење:

– Среќата најмногу се чувствува кога имаме со кого да ја споделиме. Обидете се да најдете време за забава и да уживате во поодминати години и дружете се со пријатели и чувајте го тоа пријателство бидејќи и тоа не чини да бидеме среќни. Нека знаат сите дека и ние како пензионери знаеме да организираме убави манифестации и не дозволуваме никој да ни го прекине замавот на нашите успеси, – испрати порака на крајот Вадије Зендели.

На пензионерската вечер се свиреа и пееја песни на македонски, на албански и на други јазици и сите се веселеа и играа во исто оро. Сите беа среќни и задоволни што се заедно и што другаруваат. **В.З.**

Здружение на воените пензионери

# Чекор понапред во дејствувањето

Здружението на воените пензионери 2013 година ја заврши со забележителни успеси во сите области на неговото дејствување. Анализата на раководтсвото покажува дека Здружението континуирано постигнува добри резултати и се афирмира како едно од поактивните во рамките на СЗПМ и Градскиот сојуз. Поради покажаната подготвеност и одговорност во извршувањето на задачите Сојузот двапати по ред за Републичката ревија на песни, музика и игри, здружението го определуваше за спроведување на редарската служба во Универзалната сала во Скопје. Тие и како директни учесници во Ревијата, импресионираа со својот настап. Без да се набројуваат со ред настаните и активностите што се реализираа во текот на годината на регионално и републичко ниво, на кои на соодветен начин учествуваше здружението, тоа се афирмира и се наметна како респективен фактор. Со иницијативата и динамиката што владее кај раководството, при успешното извршување на задачата со востановувањето на евиденцијата на членството, беше направен уште еден чекор понапред со анкетирањето на членовите на Здружението.

– За да ја утврдиме вистинската состојба на членството, на сите нивоа во органите и телата, организиравме акција за директен контакт со сите членови. Во тоа вклучивме поголем број анкетари кои со подготвен матер-



ијал (информација и анкетен лист), ги упативме на терен. Во анкетниот лист имаше прашања, за старосната структура, за здравствената и социјалната состојба, за расположението и способноста за учество во активносите на Здружението и за други интересни прашања, кои ќе ни помогнат при формирањето на социјалната карта на Здружението, – истакнува претседателот Ѓорги Заринскѝ. Со сите напори воените пензионери оваа акција настојуваат да ја завршат до крајот на годината.

Исто така Извршниот одбор формираше Комисија за контрола на финансиското работење во Здружението за 2012 и 2013 година, која, покрај утврдената состојба, предложи мерки за подобрување и унапредување на материјално–финансиското работење, што претставува основа и за постигнување подобри успеси. **М.Д.**

ЗП Гази Баба

# Прославен денот на Здружението

Здружението на Пензионери Гази Баба, на 12–ти декември 2013 година со пригодна културно–забавна програма свечено ја одбележа 42– годишнината од формирањето. На свеченоста по тој повод присуствуваа: претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, градоначаникот на Општина Гази Баба, Тони Трајковски, секретарот на ИО на СЗПМ Станка Трајкова, претставници на скопските Здруженија на пензионери и на ЗП Куманово, членовите на Собранието, на органите и телата и истакнати активисти од Здружението. При отворањето на свеченоста, претседателот на ИО на Собраниото на ЗП Гази Баба **Ѓорге Андонов**, зборуваше за историјатот на здружението, како и за активностите и придонесот во заштитата на правата на членовите што им припаѓаат по основ на пензиското и инвалидско осигурување. Тој посебно се задржа на остварувањето на програмските активности, при што истакна дека Здружението постигнува забележителни успеси во сите области на неговото дејствување, дека остварува примерна соработка со повеќето



здруженија и со СЗПМ, а негови членови и учесници се присутни во разни активности, настани и манифестации на регионално и републичко ниво.

Свеченоста беше повод првпат да се претстави и хорот на ЗП Гази Баба во изменет состав и со нов диригент. Исто така, одбележувањето на Денот на Здружението беше означено и со доделување благодарници на посебно заслужни членови и активисти, кои им ги врачи претседателката на Собранието, Ана Георгиева. **М.Д.**

# Празничен концерт на ЗП Кочани

Во рамките на одбележувањето на 20 декември Денот на пензионерите на Кочанското здружение, во големата сала на Центарот за култура „Бели мугри" во Кочани се одржа празничен концерт на кој настапија фолклорни групи, пејачи и ансамбли од Здруженијата на пензионери од Кавадарци, Куманово и Кочани. Тоа беше



средба на песнопојци, играорци и музичари кои ја пренесоа богатата фолклорна традиција на кавадаречкиот, кумановскиот и кочанскиот крај. Кумановските пензионери се претставија со сплет на песни и игри од Егејска Македонија, кавадарчани со сплет од староградски



песни, а кочанчани со ора од Осоговијата. Концертот го следеа и гости од здруженијата на пензионери од Штип, Прилеп, Кавадарци, Куманово и од Извршниот одбор на СЗПМ, како и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски.

Потоа учесниците на концерот се преселија во салата на Хотел „Национал" каде што до доцна навечер низ песна и игра се дружеа и веселеа. На свеченоста во Хотел Национал на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски му беше врачена слика од Кочани по повод добивањето на престижната награда за публицистика „11 октомври". Претседателот Аргировски се заблагодари за вниманието што му го укажа претседателот на кочанското ЗП Ѓорги Серафимов и за плодната соработка на Здружението со Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

**К.Герасимов**

ЗП Велес

# Пензионерите пееја со радост

Во Велес, на 23 ноември, во салата „Бели мугри"се одржа културната манифестација „Пензионерите пеат – 2013", на која настапија 11 пејачки групи од 9 пензионерски здруженија и тоа од: Велес, Нов Дојран, Богданци, Валандово, Гевгелија, Неготино, Кавадар-



ци, ЗИП Кавадарци, Прилеп со 2 групи, Штип и Воени пензионери како гости. Со пригодно обраќање на **Љубомир Ѓорѓиев** претседател на ЗП Велес, кој му ја честита наградата за новинарство и публицистика „11 Октомври за 2013 година" на претседателот на СЗПМ, **Драги Аргировски,** кој се заблагодари, ги поздрави присутните и ја прогласи манифестацијата за отворена. Поздравен говор одржа и градоначалникот на Велес, м–р **Славчо Чадиев.**

Во големата сала присуствуваа околу 300 посетители кои уживаа во изворниот мелос на староградски и патриотски македонски песни. Натпевањето траеше над два часа, а групите исполнија по две песни од регионите од каде што дојдоа.

Насекаде се слушаа коментари полни со комплименти за учесници од третата животна доба. За да ја покажат својата „енергија",гостите и домаќините го продолжија дружењето во ресторанот „Розе сала" покажувајќи ги и играорните способности цели три часа со жива музика. Сето ова беше уште еден доказ дека песната, орото и дружењето ги одржува пензионерите и им го разубавува живото. **М.Д.**

ЗП Куманово

# Романтични звуци и напеви

Веќе две години на кумановската музичка сцена успешно опстојува ВИС „Романтико" чиј идеен творец и уметнички раководител е пензионираниот наставник по музичко образование Атанас Петровски. И самиот врвен мајстор на мандолина, тој заедно со останатите членови на групата, Трајан Трајковски мандола, Марјан Маневски гитара, Драган Петровски гитара и Бранко Станојковски контрабас, свират пеат и компонираат. На градот и на публиката досега повеќепати им понудија нежни романтични звуци и напеви со извонредните вокали Елка Тодоровиќ, Славица Бојковска и Радосвет Илиевски.

За овој кус период „Романтико" реализира многу настапи во Куманово и концертни гостувања во Ниш и Лесковац. Неодамна во Скопје, по повод одбележувањето на светскиот ден на дијабетисот, ја имаа честа да ја придружуваат Виолета Томовска, првата дама на македонската народна песна.

Во текот на овој декември „Романтико" приреди целовечерен концерт во Народниот театар во Куманово. Салата беше исполнета до последно место. Публиката молкум уживаше во нежните звуци на мандолината и гитарите, на незаборавните песни кои будат емоции и наградуваше со долготрајни аплаузи.

Вечерта беше збогатена со настап на дуото „Лектира" и на млади танчерски двојки од клубот „Динамик". Посебен шарм внесе гостувањето и на актерот Горан Илиќ. Романтичарското пулсирање ги разбуди емоциите кај сите, а „виновниците" за тоа од ЗП Куманово добија букети цвеќе.

**Татјана Антиќ**

ПРОЧИТАВ ЗА ВАС

# Потомците на Кат



*„Најдобриот трик на ѓаволот е да ве убеди дека тој не постои." Бодлер*

Романот **Потомците на Кат** (350страници) **е антологиски репрезент** на романескниот жанр, според стручното толкување на академик Милан Ѓурчинов, академик Георги Старделов и Слободан Мицковиќ, избор од продукцијата до осумдесеттите години на минатиот век. **Тој е првата, базична** книга на која подоцна тематски ќе се надоврзат уште **Селани и војници** и **Неплодна вода**. Трите имаат **автономен книжевен живот,** но полната смисла се заокружува во целината што се нарекува **трилогија.**

Прашањето е: како ова автентично проседе со карактеристичен, примирен, библиски тон, **да се зачува** во приказов, кадифената мекост и боја на речта, на приближно ниво. Авторот на две страници цитира еден подолг извадок од **Четвртата книга Мојсеева**, која содржи Божји поуки за опстојбата на Кат и неговите потомци низ времињата. Според елементарната аналогија, **Методија Фотев ги препознава во жителите на Долна Долина**.

**Нараторот е маѓосан од тој архетипски предел**, кого после губењето на **Еденската градина** нема со што да го спореди. Ќе талка четири години низ тој простор и ќе бара нешто за кое чувствува дека не постои. Среќава фаци кои не можат да го скријат подбивот и грдите епитети. А тој можеби ја барал својата **Аркадија,** земниот рај, сѐ додека од потсвеста не изронала мислата дека сака да напише книга за својот живот, а скитањето било дел од некакви подготовки. Следниот миг сфаќа дека всушност сака да напише книга за животот на луѓето во Долна Долина на кои и тој им припаѓа.

Првата ноќ што ја одредува за почеток на книгата, како што обично бива, не напишал ниту збор. Ја пробдеал ноќта и во главата го скицирал концептот, времето на дејството, главните настани и личностите во нив.

Оттука натаму се раѓа една реалистичка проза, која истовремено е толку апсурдна, сомнабулна, која е толку нераскинливо зависна од настаните на кои не може да им се одгатнат рационалните мотиви, туку се одвиваат по некоја потисната, внатрешна логика што ја диктира стравот од неизвесната иднина и загрозениот опстанок. Преместувањата на селаните од едно место на друго наликуваат на библиските преместувања на народот од разни причини: се движат во толпа следејќи некого со надеж дека ги води по патот на спасението.

**Семејството на Тихон Пламенков е вертикала** чија судбина е стожерна во трите книги, околу него плипот од секакви сурати со мали подеми, големи падови и корозија на моралот. Авторот не ги портретира ликовите дескриптивно туку ги открива низ дејството, низ нивното учество во настаните. Таа постапка овозможува да се сведе субјективниот впечаток на најмала погрешка, оти попусто некој ќе настојува да се прикаже *„на жими мајка"* во светли нијансли, постапките го откриваат непогрешливо. Залудно, на пример, **попот Апостол** од уста не ги вади сиромашните и гладните, а ништо не прави да им помогне. *„Лажеш, попче,* – ќе му рече студентот **Игор Брезов,** болен од туберкулоза, - *ти си најбогат во Долинава, со твојот жолт метал можеш да ја купиш целата заедно со куќите и покуќнината. Направи една богата софра и нахрани ги сиромашните, дај му некому нешто да преживее, постојано зборуваш за двете кошули"...*

Мозаикот од настани се придржува кон хронолошкиот ред. По брзиот порас на кралската војска и мобилизираните мештани 1941, фронтот се растура, војската безглаво бега оставајќи зад себе сѐ, само да се извлече. Добридол **има две жртви на Ѓава.** Селаните одат да ги донесат убиените, префрлени преку коњските самари, на брзина ги погребуваат, не се внесувал дома мртовец загинат на фронт. Утредента селаните го пљачкосуваат пограничниот штаб напуштен од војската и командата, заедно со магацините и џандармериската станица. Се собира сѐ што ќе се најде под рака, нема време за селекција. Се носи дома и сето оружје. Камен на камен не останува.

Втората половина на април. Селаните работат во полето: чистат, копаат, ораат. А и тревата стасала за косење. Почнува косидбата. Шест дена работат а во недела со погачи цело село излегува на главниот пат да ги пречека новите војски кои секако ќе дојдат и ќе воспостават нов, поинаков ред. *„Треба да покажеме дека сме мирен и послушен народ".* На човека му иде да крикне до небеса **од болка и срам поради тој ропски менталитет** кого со векови **го формирале разните поробувачи**. Војските доцнат. Едно попладне доаѓаат Германци со џип и два камиона, го собираат разграбеното оружје. И заминуваат.

Одеднаш ќе проструи глас без да му се знае потеклото и стопанот: *„Голема гладија ќе настане, залак ќе нема. А се прикажува, во кризи луѓето крај води ловеле риби, ги нижеле и ги сушеле, а потоа ги мелеле во воденица и од нив правеле погачи"!* Ги оставаат полските работи и се селат на брегот од Езерото. Мажите зацапани во водата ги полнат кошовите. Ноќе сите спијат на брегот. Дење сонцето пече, рибите на суво се ранливи, целата Долина се задушува во неподнослива смрдеа. Исушените риби не можат да се мелат, погача од нив не ќе се замеси. Заканата од глад ги тера да ја копачат шумата, да прават ниви.

Најпосле стасуваат италијанските војници. Селаните се разочарани оти не ги пречекале. Вечерта во куќата на Тихона доаѓаат соседите божем запрашани што ли ќе им донесе новата војска? Колку ноќта навлегува подлабоко во себе, куќата станува претесна да ги собере, а соседите поради стравот дошле да преспијат. **Сандар,** внукот на Тихона цимолка за понадвор. **Стрикото Мануил** пресрашен како глушец му вели да трпи. Баба му **Трена, похрабра од сите мажи,** ќе го изведе. И селаните еден по еден излегуваат зад куќата и свртени еден кон друг со грб – мократ, жените молкум клекнуваат со наведнати глави. **Фелиниевски кадар!**

**Методија Фотев е роден 1932 година во село Љубојно, Долна Преспа.** Завршил учителска школа во Битола. Во Скопје се запишал на Филозофскиот факултет. Работел како новинар и уредник на драмската редакција на РТС. Член на ДПМ од 1957 година. Автор е и на романите: **Големите скитачи и Виваријум.** Награди: **11. Октомври, 13. Ноември, Рациново признание.**

**Во романов нема војна. Има предвоена атмосфера, но ѓаволот работи инкогнито. „Книжевноста не постои надвор од читателот", вели Борхес. Верувајте му!**

**Борис Шуминоски**

ЗП „Чаир"

# Избран нов претседател



На седница на новоизбраното Собрание и Извршниот одбор на Здружението на пензионери „Чаир", што се одржа на 26 ноември 2013 година, беше избрано новото раководство на Здружението и едногласно за на Здружението го избраа дипломираниот правник Ментор Ќоку, кој по пензионирањето во 2011 година се вклучи во работата на Здружението.

– Продолжуваме со досегашната одлична соработка со сите здруженија на пензионери во Македонија, посебно оние со кои сме територијално најблиски, а посебно соработката со СЗПМ. Сакам да нагласам, дека, направивме прва средба со градоначалникот на општина „Чаир" Изет Меџити, на која, многу пријатно бевме примени. Се надеваме на целосно разбирање од локалната самоуправа, а посебно од градоначалникот. Ќе се трудиме да постигнеме добри резултати во исполнувањето на целите и задачите на Здружението, а внимание ќе посветиме на создавање просторни услови на петте клуба што ги имаме зацртано за вршење на активности на членството. Треба да се спомене и тоа дека во овој кус период формиравме и актив на пензионерки при нашето Здружение. Издвојувањето финансиски средства за хуманитарни акции, партиципација за бањско лекување, како и други програмски задачи, што се зацртани во нашата програма, се надеваме дека целосно ќе ги извршиме. Оваа година, новогодишна прослава нема да организираме, од причини што, не можеме да издвоиме средства, поради слабата финансиска состојба – рече Ќоку.

**Васил Пачемски**

Интервју со Љупчо Димовски, претседател на ЗП Бутел

# Во 2014 година старт со засилено темпо



**По издвојувањето од „Чаир и Бутел" Вашето здружение се појави како „Нов живот" и брзо стана членка на СЗПМ и Градскиот Сојуз, а сега го носи името на Општината Бутел и почна да се етаблира како ново здружение. Може ли да се каже дека конечно сте сами и свои на своето?**

– Токму така може да се каже и да се истакне дека нашето здружение е самостојна, непартиска и невладина организација, која е формирана според Законот и самостојно ги извршува целите и задачите утврдени со Статутот. Всушност, Здружението со Спогодба се одвои од ЗП Чаир, за што имавме поддршка од 5.000 пензионери кои доброволно пристапија и станаа наши членови и сега имаме добра основа за подобро организирање и дејствување. За волја на вистината, оваа бројка се уште е само на хартија, но се надевам дека наредната 2014 година ќе ја започнеме со толкав број пензионери во нашето здружение. Затоа сега сме мошне мобилни и со постојните органи и тела преземаме мерки и активности после Нова годинма да стартуваме со засилено темпо. Акцијата е насочена кон дооформување на огранците и определување на членството во истите, иако сите територијално се одредени и повеќето добро функционираат. Само, колку да потсетам, имаме 9 огранoци и тоа: „Бутел", „Бутел"–2, „Скопје север", „Живко Брајковски", „Љубо-тенски пат", „Радишани", „Климент Охридски", „Визбегово" и „Љубанци".

**Со поддршка на Општината за малку време создадовте простор и услови за дејствување на Здружението. Со што, всушност, сега располагате и какви активности реализирате?**

– Навистина поддршката на Општината на чело со градоначалникот Петре Латиновски е голема и со помош на локалната самоуправа Здружението обезбеди просторно сместување и мошне поволни услови за дејствување. Покрај просториите за раководството во кои веќе функционира и клуб за пензионери, оваа година, во присуство на медиумите отворени се уште три пензионерски клуба во огранците „Бутел" – 2, „Скопје север" и „Живко Брајковски", а идната година ќе бидат отворени уште 4, исто така, при огранците, со што ќе се создадат солидни услови за спроведување на планираните активности во повеќето области од Програмата. Во постојните клубови главно се практикуваат салонските игри, а најмногу шахот, а во досегашните скромни услови за подготовки, Здружението обезбеди учество во регионалните и републичките спортски натпревари на пензионерите и ревиите на песни, музика и игри, на кои беа постигнати респективни резултати. Во текот на годината значително поголема активност искажа и Комисијата за посета на болни и изнемоштени лица, што е во согласност на интенцијата за зголемена активност и јакнење на хуманитарно социјалната димензија во дејствувањето на здруженијата од Сојузот.

**Придобивките од добрата соработка со локалната самоуправа се видливи, но имате ли уште нешто во врска со тоа да кажете?**

– Со Општината имаме потпишано спогодба за соработка и сакам да истакнам дека од практичната реализација на одредбите мошне сме задоволни. Иако немаме наш официјален претставник во Советот, кога се расправа за актуелни прашања од интерес за пензионерите, секогаш сме повикани да го кажеме своето мислење и тоа, главно, се почитува. Бездруго, овде сакам да ја истакнам и соработката и поддршката што ја имаме од СЗПМ и Градскиот сојуз, каде имаме претставник што ги застапува нашите интереси.

Примерна соработка имаме и со многу други здруженија во Сојузот, а со меѓусебно разбирање и добра волја, сакаме да ги надминеме сите проблеми и недоразбирања со претходното здружение од кое се издвоивме по принципот на територијална припадност во Општината.

**Бидејќи сѐ уште не сте толку познати како ново здружение, какви се вашите можности за зголемување и афирмирање на активностите?**

- Оваа година акцент ставивме токму на афирмацијата на Здружението преку учеството во културно–забавните и спортско–рекреативните активности во рамките на СЗПМ, како и на соработката со локалната самоуправа. Дека добро сме насочени и доволно сме афирмирани говори и довербата што ни е дадена од страна на СЗПМ во 2014 година да бидеме домаќини на Регионалните пензионерски спортски натпревари, за што веќе преземаме мерки за поуспешно спроведување на подготовките. Затоа, навреме размислуваме, а задачите ќе ги вградиме во Програмата за работа.

**Значи, се е предвидено и испланирано и како да не ви останува време за слободното време?**

Ако е се добро организирано и испланирано, активностите навреме се реализираат и успесите се неминовни. Така и слободното време се зголемува, но и тоа треба осмислено да се користи за да дава импулси и енергија за нови ангажирања и успеси!

**М. Димовски**

ЗП РЕСЕН

# Шахот ми е голем предизвик

Со Сејран Ајрединовски, кој е активен член на ЗП Ресен, разговараме за долгогодишната учителска кариера пред пензионирањето, за учеството во шаховската екипа при здружението и постигнатите резултати на шаховски план, како и за неговите секојдневни пензионерски ангажирања.

**Во ресенската јавност сте познат како човек кој целиот работен век безрезервно го посвети на професијата - наставник во турските паралелки при ОУ „Мите Богоевски" во Ресен. Во кратки црти, како би ја опишале Вашата образовна професионална кариера до Вашето пензионирање?**

Целосно бев посветен на образовно-воспитниот процес на многубројни генерации како одделенски наставник. Секогаш настојував да им го предадам своето знаење на учениците и од нив да создадам идни академски граѓани кои сами ќе си го трасираат понатамошното образование според своите афинитети. Да споменам дека дел од работниот век го поминав и како наставник во турските паралелки во Битола. Едно од моите најголеми задоволства во текот на пензионерските денови се непосредните средби со голем број од моите поранешни ученици, сега веќе возрасни личности, со свој живот и професионална кариера, кои често доаѓаат во мојот дом. Со нив, низ разговори со кафе и локум заеднички се потсетуваме на нивните ученички почетоци. Обично тие средби се случуваат во пресрет на нашите големи верски празници Рамазан–бајрам и Курбан–бајрам и јас сум многу благодарен што никогаш не ме заборааат. Така и сега, во пресрет на Новата 2014 година, очекувам таква средба, на која со моите ученици ќе разменимe сеќавања на дамнешните училишни денови, со најубави желби за мир, здравје и среќа на сите нас.

**Еден дел од третата доба го посветивте на земјоделството. Како се случи да станете пензионер-земјоделец?**

Моето семејство поседува одреден имот со овошни насади во преспанското село Лавци, така извесен период се занимавам со одгледување на сортни јаболка и можам да ви речам дека земјоделската работа ми беше добредојдена во моето пензионерско живеење, од една страна како дополнување на семејниот буџет и од друга страна таа придонесе за физичкото јакнење на моето здравје.

**Вие сте и активен член на ЗП Ресен, особено во играње шах. Кажете ни кои се вашите најзначајни постигнувања на тој план?**

Како член на ЗП Ресен, покрај другите активности, особено сум ангажиран во шаховската секција и на тој план досега имам постигнато значајни резултати, заедно со моите другари и шаховски колеги Никола Котларовски, Ѓорѓи Доковски и Кире Пупалевски, со кои што заедно ја сочинуваме шаховската екипа на Здружението. Би сакал да истакнам дека во текот на последните пет години, веќе четири години сме регионални прваци во шах, една година бевме први на републичко ниво и уште една година заеднички со штипските шахисти го делевме првото републичко место. Мојата љубов кон шахот е многу голема и за мене претставува голем предизвик, така што планирам и понатаму нашата шаховска екипа да продолжи со значајни резултати, со што ќе го афирмираме на шаховски план ресенското пензионерско здружение.

**Со што уште ви е исполнето слободното време во вашето пензионерско секојдневие?**

Редовно читам весници, особено нашиот весник „Пензионер плус", а ги следам и „Пензионерските видици" во весникот „Нова Македонија". Слушам радио, гледам телевизија, најчесто документарна програма, понекогаш седнувам покрај компјутерот, а наоѓам време и да прочитам по некоја добра книга. Посебно задоволство ми претставува моето хоби да засадувам украсни борчиња во мојот двор. Срцето ми е исполнето со радост кога ги гледам како растат.

**Офелија Богоевска**

# Успешно завршен уште еден Проект во СЗПМ

Меѓу повеќето постигнати резултати и активности секако за одбележување е завршувањето на еден многу значаен проект, а тоа е средувањето на архивата на Сојузот на пензионери на Македонија. Благодарение на целото раководство, Архивот на Град Скопје, архивскиот материјал собиран со години, сега е уредно среден и дефиниран според Законот за Архивирање на Република Македонија. Наредна фаза е сето тоа да се претвори во електронска форма и да стане Архива како што доликува на една голема асоцијација.

Во наредната година истото треба да го направат и сите здруженија членки на Сојузот, кои тоа досега го немаат направено.

И овој Проект е од историско значење за Сојузот, како и Проектот за средување на членството по здруженија и општини, кој исто така е во завршна фаза.

Сето ова е уште еден доказ дека сегашното раководство е активно на секој план и во чекор со современите животни, општествени и технолошки процеси.

**К.С.А.**

Интервју со Раде Ангеловски, претседател на Здружението на инвалидски пензионери и инвалиди на трудот БИП – Битола

# Соработка за пример



Како дел од здруженијата на пензионери во Република Македонија, во Битола егзистира Здружение на инвалидски пензионери, кое е сместено во зградата заедно со ЗП Битола. Нивните активности се бележити и значајни за членовите на оваа организација.

**Од оваа година Здружението на инвалидски пензионери и инвалиди на трудот БИП-Битола е со ново раководство. Има ли промени во погледот на работењето?**

- Како и досега, за секоја година изготвуваме план и Програма со активности кои би требало да ги реализираме во следната година. Секако дека тоа ќе зависи од можностите и средствата со кои располагаме за тоа во кој обем и мерка ќе бидат предвидените активности. Но, се трудиме, на задоволство на нашите членови да ги оствариме сите зацртани активности.

**Вие сте посебно Здружение, одделено од Здружението на пензионери-Битола? Кои се Вашите заложби за иднина?**

– Да. Ние сме регистрирани како Здружение на инвалидски пензионери и инвалиди на трудот БИП–Битола, инвалидска организација. Членството е регулирано со членски книшки и брои околу 2 200 членови. Како ново раководство, ќе се залагаме за доследност во реализацијата на годишните планови, со што сметам дека во многу им помагаме на нашите штитеници, а се однесува за нивни лични потреби.

**Кои активности би ги одвоиле?**

– Во нашето Здружение постојано се ангажирани само двајца, кои ги сервисираат тековните работи. Покрај тоа, во секојдневното работење се ангажираме и на решавање одредени проблеми кај нашето членство. Посебно би ја истакнал активноста на нашите членови околу грижата и посетата на болните; одбележување на денот на хендикепирани лица во време од 01 до 07 декември; организирање на еднодневни екскурзии; снабдување со огревно дрво и други прехрамбени продукти... Во рамките на нашето Здружение постои секција „Актив на жени" кои за своите членови организираат повеќе предавања со различни теми, односно теми за кои ќе пројават интерес членовите на Активот. Засебно, организираат посети на културно историски знаменитости. Како секција особено се активни, а предлозите ги изнесуваат на состаноците кои ги организираат секоја среда во нашите простории. Тие имаат и своја слава „Водици", а ја прославуваат со други здруженија на жени во градот. Значи, со своите активности „Активот на жени" претставува пример на организираност и работа.

**Колку сте активни во спортските натпревари?**

– Желбата за докажување кај човекот никогаш не престанува. Секако според своите физички можности. Ова особено кај нас е изразено преку учество на спортските републички натпревари, организирани од Сојузот на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија, каде членуваат седумнаесет здруженија на Република Македонија. На овие спортски натпревари сме присутни со голем број на натпреварувачи кои остваруваат солидни резултати. Оваа година спортските игри се одржаа во Струмица, а нашето Здружение освои повеќе први места и екипно второ место.

**Каква е соработката со ЗП Битола и останатите организации?**

– Особено би ја истакнал соработката со Здружението на пензионери Битола, со претседателот Томе Илиовски и нивниот технички персонал, при што сме присутни скоро во секоја нивна поголема активност, како и со пејачката група „Сирма Војвода" која на секоја наша покана безрезервно не поддржуваат. Тесната соработка би ја истакнал и со Општината Битола и Градоначалникот Владимир Талевски, како и голем број општествени организации и претпријатија. Особено би ја нагласил соработката со „Македонски шуми", подружница „Бигла" Демир Хисар, кои секогаш ни излегувале во пресрет.

**Добре Тодоровски**

Интервју со Градоначалникот на Општина Свети Николе, Зоран Тасев

# Истакната соработката со здруженијата

**● Г-дине Тасев, довербата на граѓаните од Свети Николе ви е дадена на 24 март оваа година. Голем број од гласачите се пензионери и возрасни лица. Каква е вашата соработка со оваа група граѓани?**

– Можам слободно да кажам дека соработката со оваа група граѓани засега е извонредна. Ги поддржуваме сите нивни активности и како локална самоуправа сме вклучени во напорите на пензионерите и возрасните лица да им го подобриме квалитетот на животот во рамките на нашите ингеренции. Ги следиме сите активности на Здружението на пензионери во Свети Николе и постојано сме присутни на нивните средби.

**● Иако раководството од ЗП е задоволно од досегашните контакти на Локалната самоуправа со пензионерите, сигурно таа може да биде и подобра. Што ќе превземете во таа насока во иднина?**

– Во иднина планираме соработката уште повеќе да се продлабочи и тоа особено на полето за помош на стари и изнемоштени лица во руралните населби. Во овој контекст да напоменам дека Локалната самоуправа организира палијативна служба, односно ангажира неколку млади лица кои редовно ги посетуваат старите изнемоштени лица во руралните средини, при што им обезбедуваат услуга за дотур на храна, лекови и други намирници од градот до нивните домови. Исто така им обезбедуваат и пристап до медицинските установи.

**● Во најскоро време треба да биде потпишан Меморандумот за соработка помеѓу ЗП Свети Николе и Општината. Кога ќе се случи овој важен настан за двете страни?**

– Задоволство ми е да истакнам дека е подготвен Меморандумот за соработка, единствено се чека утврдување на датумот за негово свечено потпишување.

**● Здружението на пензионери има доставено барање до претходниот совет на Општина Свети Николе, општината да помогне да се обнови фасадата на Домот на пензионери и да се отворат клубовите во организациите во селата Ерџелија и Горобинци.**



**Дали ќе се реализира сето ова?**

– Локалната Самоуправа и јас како градоначалник настојуваме да се продолжи со проектот за фасадно уредување на зградите во централното градско подрачје, а воедно и за подобрување на енергетската ефикасност на објектите со кои ќе се заштеди енергија за загревање на зградите. Ова е проект кој допрва треба да се реализира, но за тоа ќе треба да се обезбедат дополнителни финансиски средства. Што се однесува до отварање на пензионерски клубови во спомenatите села, тоа може заеднички да го реализираме со скромни средства и се чини дека е потребна поголема волја и од самите пензионери.

**● Според ваше мислење дали пензионерите можат да бидат повеќе интегрирани во општествените структури во општината?**

– Секако дека пензионерите можат да бидат повеќе интегрирани во општествените структури на општината, но најмногу зависи од нив колку ќе сакаат да се вклучат во органите бидејќи нивното искуство е големо и добродојдено за активност и работа на истите. Во претходните состави на Советот на општината партиципираа и пензионери со што се потврдува констатацијата дека тие не се исклучени од општествените текови.

**● Господине градоначалник, вие и претходно имавте плодна и успешна работа и кариера, вие сте човек од збор и сте многу комуникативен. Што ве мотивираше да се нафатите на оваа функција?**

– За да се управува една Локална самоуправа, човек треба да поседува повеќе квалитети и како менаџер и пред се како човек. Она што вие го споменавте сметам дека треба на работата да се посвети целосно и да има тим со кој ќе може да ги реализира проектите кои ги понудил на граѓаните. Јас понудив над 120 проекти кои планирам да се реализираат во наредните неколку години со што Свети Николе ќе го направиме место кое ќе биде препознатливо не само во нашата земја туку и пошироко.

● Дали ги сакате предизвиците?

– Секако дека предизвик е и функцијата која ја прифатив. Точно. Сакам предизвици, со цел градот и општината во целост да ја осовремениме и да овозможиме на сите жители да се чувствуваат пристојно и убаво. Настојувам да ги решам сите проблеми кои се во мој домен, а се надевам дека за Свети Николе допрва ќе се слуша бидејќи можностите што се отвараат со изградбата на автопатот Скопје–Штип, кој во најголем дел од трасата поминува низ нашата општина, новите странски инвестиции од кои некои веќе почнаа да се реализираат, како и најавите за неколку нови, отвараат нови перспективи на нашата општина.

**● Што би им препорачале на пензионерите за нивно активно стареење од аспект на дополнителни активности?**

– Би им препорачал активно да учествуваат во некои од идните проекти во соработка со училиштата (заедно со Локалната самоуправа) во делот на факултативните активности кои ги планираме да се спроведуваат во училиштата. Теоријата секако е задолжителна, меѓутоа емпиријата, искуството на повозрасната група на граѓани е од непроценливо богатство. Тоа ќе бидат проекти под мотото „Пренеси знаење", каде повозрасните кои имаат и искуство, познавања и пракса од некој занает, некоја област во која што се истакнуваат да им го пренесат на младите поколенија.

**Вукица Петрушева**

ЗП Пробиштип

# Трибина за името

Во организација на локалната самоуправа и градоначалникот Тони Тоневски, а под покровителство на локалната телевизија „Протел", на 13–ти декември во Домот на културата „Злетовски рудар" во Пробиштип се одржа трибина на тема „Македонски манифест", под мотото „Името е нашата татковина".

Притисоците што се вршат од навор за обезличување на македонскиот народ, за промена на името на нашата држава, беа предизвик група интелектуалци да изработат Манифест кој посебен акцент ставија на потеклото на името на нашата држава, на борбата за неговото зачувување и опстојување на македонскиот народ, кој го





споредуваа со река која незапирливо тече, понира и пак извира, како симболика која јасно говори за нашата определеност. Некои од пензионерите кои се приклучија во дебатата, македонскиот народ го споредуваа со пирејот од истоимениот роман на Петре М. Андреевски, кој, колку повеќе го корнеш, подлабоки корени пушта, пак никнува и се обновува. Ете таков е македонскиот народ – цврст и неуништив.

впат се промовираше во малиот рударски град Пробиштип. Целта е да се запознае македонската јавност со активностите што се преземаат за да се забави влегувањето на Македонија во ЕУ и во НАТО.

Промотори на Манифестот беа Ристо Никовски – дипломат од кариера, Ефтим Клетников – писател, Ѓорѓи Барбаровски – новинар и Димитар Влахов Мицов – историчар. Темата предизвика голем интерес кај пробиштипјани, кои ги имаше од сите структури, а присутни беа и повеќе пензионери од матичното здружение. Интерпретаторите

На средбата беше промовирана и книгата „Улогата на САД во македонската голгота" од Ристо Никовски, а собраните средства беа наменети за хуманитарни цели, набавка на компјутер за еден солиден студент од Пробиштип, кој потекнува од социјално семејство.

Гест за респект и почитување!

**Милевка Здравковска**

ЗП Охрид и Дебрца

# Меморандум за соработка

На иницијатива на ЗП Охрид и Дебрца, на 26.10.2013 година во Охрид во присуство на раководствата од соседните здруженија – Струга, Кичево, Демир Хисар, и домаќинот Охрид, се одржа работна средба на која беа иницирани бројни прашања и проблеми од заеднички интерес на пензионерите.

Претседателот на ИО на ЗП Охрид и Дебрца **Ѓорѓи Трпчески**, поздравувајќи ги учесниците, во воведниот збор актуелизира повеќе прашања, проблеми и активности карактеристични за сите здруженија и се заложи за поблиска меѓусебна соработка во сите области.

Во дискусиите, покрај констатацијата за успешната соработка во повеќе области, како поактуелни заеднички потешкотии беа посочени следните сврви и активности: социјалната и здравствена заштита, отворањето амбуланти и обезбедувањето лекарства во руралните средини, обезбедувањето просторни услови за работа и клубови за дневен престој на пензионерите во месните огранoци, поголема сигурност и заштита на осамените пензионери, изградба и згрижување домови за стари лица, взаемна помош при решавање



на судски и други правни спорови, анимирање на помалите и понеактивните ЗП, давање правна помош во изработка на Статут и други правни акти, изработка на точна евиденција на своите пензионери во соработка со Фондот за ПИОМ и СЗПМ, бањско лекување, подовно обезбедување на огревно дрво, организирање бесплатен автобуски превоз по теркот на Скопје и Битола, унапредување на соработката со Локалната самоуправа, подобрување на статутните одредби, одржување на почести меѓусебни средби и слично. Сите се заложија СЗПМ да се погрижи што побрзо да се донесе Законот за пензионерско организирање, од кој ЗП очекуваат разрешување на многу дилеми и недоречености по многу суштински прашања. Неспорен е фактот дека за овие и други прашања и проблеми, мора да се прошири и унапреди соработката со СЗПМ.

Од предочените заеднички активности и проблеми на средбата произлезе иницијатива да се подготви заеднички Меморандум за соработка помеѓу сите соседни здруженија од овој регион и пошироко. Носител на работната верзија на Меморандумот ќе биде ЗП Охрид и Дебрца, а со свои предлози и дополнувања ќе се вклучат и другите Здруженија и СЗПМ. **К.Спасески**

ЗП Карпош и ОВР – Скопје

# Импресивна културно-забавна средба

Во рамките на програмата за културно–забавен живот, а по иницијатива на претседателките на комисиите од таа област, Лидија Јеремиќ и Севастија Цветковска – Сотировска од здруженијата на пензионери Карпош и ОВР – Скопје, на 26–ти ноември 2013 година се одржа културно-забавна средба на шеесетина пензионери љубители на поезијата, музиката и пишаниот збор, на која присуствуваше и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. Во поздравниот збор претседателот Аргировски нагласи дека посебено задоволство му причинува идејата за вакво дружење и ја поддржа иницијативата за организирање слични културно–забавни средби и во другите здруженија.



Средбата беше добро осмислена и организирана, а со пригодна најава и претставување на учесниците ја отвори поетесата Лидија Лучко Јеремиќ, која кажуваше стихови од нејзината поезија. Со лични творби настапија и поетесите Виолета Сековска и Трајанка – Тања Стоилковска, како и познатиот публицист Стојан Арсиќ.

Со своите изведби на народни и староградски песни од нашето поднебје импресивно настапи и хорот „Серенада" од ЗП Карпош, а големо внимание и бурен аплауз изнудија Богданка Трајковска и Пеце Марковски кои пееја и кажуваа инсерти од „Коштана" на Бора Станковиќ.

Во опуштен разговор, со заедничка песна и дружење, средбата помина во срдечна и пријатна атмосфера, а заврши со желба на сите присутни вакви кратки културно–забавни манифестации почесто да се организираат и одржуваат.

**С.Ц. Сотировска**

# Gëzuar Viti i Ri 2014

LShPM

Mbledhje e KE të LShPM

## Përgatitje për mbledhje të Kuvendit të LShPM

Më 11 dhjetorë të vitit 2013 u mbajt mbledhja e 20-të e Këshillit ekzekutiv të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë. Përveç anëtarëve të KE të LShPM, në mbledhje mori pjesë edhe: Besnik Povcesta, nënkryetar i Kuvendit të LShPM, Done Nikolovski, kryetar i Këshillit mbikëqyrës i LShPM, Stamen Filipov, kryetar i Forumit juridiko ekonomik, Kalina Slivovska, - Andonova, kryetare e Komisionit për informim dhe veprimtari botuese, Mendo Dimovski, redaktor në Penzioner plus dhe Pero Andreevski, kontabilist në LShPM. Mbledhja u mbajt në shenjë të përgatitjeve për mbledhjen e ardhshme të Kuvendit të LShPM. Për këtë qëllim, ishte shqyrtuar plotësuar dhe aprovuar Propozim-Programi për punën e Kuvendit të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë për vitin 2014 të cilin e arsyetoi Stanka Trajkova sekretare e KE të LShPM, ndërkaq, fjalë hyrëse për Planin financiar të LShPM për vitin 2014 dha Metodija Toshevski nënkryetar i KE të LShPM. Në këtë mbledhje u sollën edhe disa vendime të rëndësishme për punën e mëtejme edhe atë: Vendim për maksimumin arkëtar, Vendim për formim komisioni për regjistrim për vitin 2013 si dhe Vendim për rregullimin e punës financiare të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve anëtare të LShPM. Për këtë çështje, mendim me shkrim dha Stamen Filipov, nga mbledhja e Këshillit juridiko ekonomik në të cilën ishte përfunduar se ka pasur nevojë për një akt të tillë. Për këtë çështje, dha mendimin e vet edhe kryetari i LShPM Dragi Argirovski i cili ndër të tjerat tha:



- Shoqatat e pensionistëve janë institucione autonome dhe si të tilla Lidhja nuk ka shumë të drejtë të përzihet në rregullimin e punës së tyre financiare. Por, sipas Ligjit për shoqata dhe fondacione dhe statutit tonë si dhe për arsye të moralit etik, nuk guxojmë të lejojmë punë stihive dhe kush si të dojë. Në shtëpinë tonë patjetër të ketë rend në të cilën veprojnë 250 000 pensionistë.

Për këtë qëllim, ishte formuar komision prej 5 anëtarëve i cili do të organizojë mbledhje regjionale, e më pas do të përgatis dokument i cili do t'ju dërgohet shoqatave. **Kalina S. Andonova**

## Mbrojtje shëndetësore për moshën e tretë

Në komunat Dibër dhe Qendër Zhupë, gjatë "Javës të pleqve" muajin e kaluar, u dha një përkrahje e madhe nga organizatorët për një numër të madh të pleqve, meqë të dy komunat karakterizohen me problemin e migrimit për çka, shumë pleq janë duke jetuar në vetmi. Kryqi i Kuq komunal në Dibër i cili ishte mbartës i aktivitetit, ka informuar se për pleqtë nga të dy komunat jepet një përkrahje në mbrojtjen e shëndetit të tyre duke angazhuar për pleqtë në nevojë vizita shtëpiake mjekësore.

Sekretari i Kryqit të Kuq në Dibër **Isni Telqiu**, thotë se janë të shumtë pleqtë të cilët kanë nevojë për këtë përkrahje të cilën e realizojmë në kuadër të javës së pleqve. Si në Dibër ashtu edhe në Zhupë, jemi duke kryer së bashku me ekipe mjekësore vizita tek pleqtë, meqë një pjesë e tyre ka probleme shëndetësore. Kryesisht, aktivitetet tona janë në drejtim të matjes të tensionit, sheqerit, por edhe aktiviteteve të tjera në lidhje me mbrojtjen shëndetësore. Në mesin e ekipeve të cilët realizuan vizitat, pati edhe vullnetarë të cilët ndanë fletushka për informimin e pleqve në lidhje me kujdesin që duhet ta kenë për shëndetin e tyre.

Në kuadër të këtij aktiviteti i cili përfundoi më 24 nëntor, u bë përzgjidhja e pensionistit më të vjetër në dy komunat në fjalë, anëtar të së cilëve realizojnë aktivitete në një Shoqatë të pensionistëve Dibër - Qendër Zhupë.

**Vjollca Sadiku**

Kuvend i ShP Tetovë

## Kënaqësi për të arriturat – për problemet më të organizuar

Rezultatet të cilat i ka arritur Shoqata e pensionistëve të Tetovës në vitin e kaluar meritojnë vëmendje dhe respekt sepse jo vetëm që janë realizuar detyrat e parapara programore, por janë shqyrtuar dhe zgjidhë edhe shumë çështje të tjera të cilat brenda kohës janë paraqitur si të nevojshme për jetën e pensionistëve. Me gjithë atë, është e nevojshme që vëmendja të orientohet kah problemet jetësore të pensionistëve dhe të kërkohet nga organet kompetente që më seriozisht ti rreken çështjes dhe të ofrojnë vendime përkatëse lidhur me këtë moshë të tretë. Këto ishin theksimet kryesore të pranishmëve në punën e Kuvendit të ShP Tetovë, në mbledhjen e sajë raportuese e cila u mbajt më 30 nëntor, me punën e së cilës udhëhoqi kryetari Gojko Eftovski.

Në raportin dhe fjalën hyrëse lidhur me të, theksohen numër i madh të realizimesh për të cilat delegatët kryesisht kishin dhënë mendim pozitiv dhe në diskutimet nëpër degë. Ato kryesisht kanë të bëjnë me aktivitetet të cilat i ka organizuar Shoqata. Është theksuar se për çështje të pushimit dhe rekreacionit, anëtarësia me dëshirë i pranon aktivitetet e organizuara. Mbi 500 pensionistë në mënyrë të organizuar kanë kaluar pushimet verore në det në afërsi të Durrësit (Shqipëri), dyfish më shumë pensionist janë përfshirë në ekskursione nëpër më shumë vende të vendit tonë. Janë organizuar dy takime të pensionistëve me argëtim, ndërkaq, në njërën nga ata edhe në prani të pensionistëve nga shoqata tjera. Nga aktivitetet e jetës kulturore-zbavitëse posaçërisht janë theksuar pjesëmarrjet në Revyalet regjionale dhe republikane "Këngë, muzikë, lojëra", ndërkaq, kënaqësi më e madhe është treguar me pjesëmarrjen dhe prezantimin e folklorit burimor në festivalin "Mosha e tretë" e mbajtur në Lubjanë, në të cilin pensionistët tetovar e përfaqësuan Maqedoninë. Pozitivisht u vlerësuan edhe aktivitetet të cilat kishin të bëjnë shërimin klimatik në banjat, sporti si dhe forma të tjera në interes të pensionistëve. ShP Tetovë, në vitin raportues, për pensionistët me të ardhura më të vogla u ka ndarë 200 ndihma të njëhershme në vlerë të përgjithshme mbi 600 000 denarë. Ky aktivitet vazhdon edhe më tutje. Disa delegat propozuan që të bëhen edhe vizita pensionistëve të pamundshëm dhe t'ju dhurohen gjëra të nevojshme për jetë. Për këtë aktivitet ato mendojnë se duhet të realizohet bashkëpunim më i madh me organizatat humanitare si dhe me rinorët e partive politike. Me bashkëpunim, posaçërisht u theksua takimi me gjashtë kryetarët e komunave të regjionit në të cilën vepron Shoqata, si për përpjekjet për nënshkrimin e marrëveshjeve për bashkëpunim të ndërsjellë.

Delegatët e Kuvendit, në punën e të cilës diskutuan mbi 15 pjesëmarrës, mendojnë se duhet të përcillen risitë në dhënien e ndihmave të mbrojtjes shëndetësore. **S. Dimovski**

Mbledhje e Kuvendit të LShPM

## Miratim i Planit financiar për vitin 2014

Më 19 dhjetor të vitit 2013, mbajti mbledhjen e fundit për këtë vit Kuvendi i LShPM. Nënkryetari i Kuvendit të Lidhjes **Besnik Pocesta**, fillimisht të pranishmëve ju uroj Çmimin "11 Tetori për vitin 2013" për vepër jetësore të kryetarit **Dragi Argirovski**, duke theksuar njëherësh se ky çmim është edhe mirënjohje për aktivitetet dhe rezultatet e të gjithë pensionistëve të Lidhjes. Në vazhdim, mbledhja kaloi në shqyrtim të Programit dhe të Planit financiar të Lidhjes për vitin 2014.



Fjalën hyrëse për propozim Programin dha **Stanka Trajkova**, sekretar i KE të LShPM, e cila theksoi se i është dhënë theks i posaçëm aktiviteteve për përmirësimin e standardit dhe të kualitetit të jetës së pensionistëve, të drejtave dhe përfitimeve të cilat shteti dhe shoqëria i jep kësaj popullate në numër të madh e cila prej viti në vit është gjithnjë e më e madhe si tek ne po ashtu edhe në botë. Përmirësimi i kushteve të jetës në kushte shtëpiake ose institucionale, pagesa e rregullt e pensioneve, masat nga sfera e shëndetësisë e të tjera, në masë të madhe varen nga raporti i Shtetit për këtë asociacion më të madh joqeveritar shumë etnik. Në Program, jo më pak vend u është dhënë aktiviteteve sportive – rekreative dhe atyre kulturo – zbavitëse të cilat realizohen përmes garave sportive të pensionistëve, si dhe të Revyaleve të këngës, muzikës dhe lojërave, ekskursioneve, takimeve në gjelbërime, bashkëpunimit në nivel lokal, nacional dhe ndërshtetëror të shoqatave të pensionistëve e të tjera. Në Program është potencuar edhe domethënia e vullnetarizmit si element qenësor në punën e shoqatave dhe Aktiveve të pensionistëve.

Pas aprovimit të Programit, për të cilin është konstatuar se është i mirë dhe gjithëpërfshirës, është aprovuar edhe rebalanci i buxhetit për vitin 2013 dhe Plani financiar për vitin 2014, për çka, fjalë hyrëse pati **Metodija Toshevski**, nënkryetar i KE të LShPM. Në fjalën e tij ai theksoi se të ardhurat dhe harxhimet të parapara për vitin 2014 lëvizin në korniza të njëjta me disa ndërrime nga një llogari në dobi të disa tjerave.

Në fund të mbledhjes, për anëtar të rinj të Kuvendit ishin zgjedhur: Nada Davçeva, Mentor Çoku, Naum Çoçorovski dhe Jordan Kostadinov, i cili njëherësh është zgjedhur edhe për anëtar në KE të LShPM. **M.D.**

Mbledhje e Këshillit të organizatës së regjistruar për mjete dhe anëtarësi solidare

## Shpërndarje e re e mjeteve prej vitit të ri 2014

Më 25 nëntor të vitit 2013, Këshilli i organizatës së regjistruar për mjete dhe anëtarësi solidare, mbajti mbledhjen e shtatë, në të cilën morën pjesë edhe kryetari i LShPM **Dragi Argirovski,** sekretari i KE të LShPM **Stanka Trajkova**, kontabilisti **Petar Andreevski** dhe përmbaruesi i projektit për vërtetimin e evidencës së anëtarësisë, **Dimitar Todevski**. Me mbledhjen udhëhoqi kryetari i këshillit **Metodija Toshevski**, i cili, për arsye të kalimit të mandatit dyvjeçar, sërish u propozuar dhe njëzëri u zgjodh për Kryetar të këshillit për dy vitet e ardhshme.

Në mbledhje kryesisht u bisedua për raportin për realizimin e Projektit, për shpejtimin e evidencës së anëtarësisë në shoqatat e pensionistëve dhe lidhjet ekzistuese. Në vërejtjet hyrëse, kryetari i Këshillit, Toshevski, theksoi se realizimi i projektit është ngadalësuar për disa arsye, e më së shumti për arsye të numrit të madh të të dhënave jo precize dhe jo të sakta të cilat i dorëzoi Fondi PIOM, si dhe pa pajtueshmëria e ndërsjellë për numrin e anëtarëve në shoqata, për çka ka ndikim edhe migrimi i anëtarëve, si dhe për arsye të tregimit jo adekuat të situatave në vetë shoqatat. Përveç kësaj, u tha se në vërtetimin e anëtarësisë u fillua në përgatitje jo të mjaftueshme për realizimin e aktiviteteve lidhur me projektin tek tri lidhjet tjera. Në diskutim morën pjesë të gjithë të pranishmit. Duke filluar nga Viti i ri, shpërndarja e mjeteve nga anëtarësia të realizohet sipas numrit të vërtetuar, me vërejtje që për rastet e pa zgjidhura, do të gjendet vendim kalimtar. Ky qëndrim u inkorporua edhe në konkluzionet. Gjithashtu, Këshilli mori për sipër që përmes Fondit SPIM (PIOM) të rregullojë informimin e ndërsjellë për ndryshimet e bëra në anëtarësi për arsye të ndryshme. Anëtarët e këshillit u informuan edhe për çështje të tjetra aktuale me interes për organizatën e pensionistëve. **M. D.**

ShP Kavadar

## Aktivitetet vullnetare të Aktiveve të pensionsteve

Më 29 nëntor u mbajtë mbledhje punëtori me kryetarët de KE të shoqatave të pensionstëve anëtare të LShP dhe kryetareve të Aktiveve të pensionisteve në shoqatat e pensionistëve anëtare në LshPM. Nikoqir i mbledhjes punëtorisë ishte ShP Kavadar. Pjesëmarrja në mbledhje ishte masive. Temë e punëtorisë ishte vullnetarizmi dhe aktivitetet e3 Aktiveve të pensionsteve. Udhëheqës i punëtorisë ishte **MetodijaToshevski**, nënkryetar i KE i LShPM.

Fillimisht, të pranishmt përshëndeti kryetari i KE të ShP Kavadar **Risto Angjushev**, i cili të pranishmëve ju dëshiroj mirëseardhje dhe të ndjehen mirë në Kavadar, qytet i rrushit dhe i verës, ndërkaq, kryetarit Argirovski, në emër të ShP Kavadar dhe në emër personal ia uroi Çmimin e marrë për vepër jetësore "11 Tetori për vitin 2013", duke theksuar se me ardhjen e tij, shumë punë në LShPM u nisën kah e mira dhe për aktivtetet e Ldhjes u njhtua edhe opinion më i gjerë.



**Punëtoria pati tri pjesë.**

Në pjesën e parë fjalën e pati kryetari i LShPM **Dragi Argirovsk**, i cili foli për domethënien e vullnetarizmit në Lidhje dhe nëshoqatat. Ai theksoi se edhe deri tani ka pasur aktivitete vullnetare, por ato në tëardhmen duhet të jenë edhemë masive dhe më përmbajtësore. Më pas, për domethënien dhe punën e Aktiveve të pensionisteve dhe në shoqëri në përgjithës, foli **Stranka Trajkova**, sekretare e KE të LShPM.

Gratë meritojnë respekt të veçantë për punën e tyre. Ata janë në radhët e para të koreve pensioniste, e jo vetëm ajo, atë janë aktive edhe në aktivitetet sportive. Në fjalën e saj, Trajkova, ndër të tjerat i informo të pranishmit edhe për vendmn e KE të LShPM, vti 2014 të shpallet për vit të solidaritetit, si dhe për projektin "Karta sociale" në të cilën plot shoqatë do të jetë ShP Gjorçe Petrov, e më pas do të përfshijë edhe shoqatat tjera në Lidhje. Të pranishmëve iu drejtua edhe nënkrytari i Kuvendit të LShPM **Besnik Pocesta**, i cili tregoi kënaqsinë e vet e cila është pjesë e punëtorie të vizituar maovke. Më pas, dskutuan numër i madh të pranshëm në unëtori. Në pjesë e tretë u diskutua për nevojën për ndërtim të Shtëpi për perdsona pleq, për hapjen e Klubeve në mjediset rurale, për hapjen e më tepër Qendrave për qëndrim ditor, tëp ndërtohen objekte të reja si dhe të rinovohen të vjetruarat etj. Më pas u propozua Program për aktivitete të Lidhjes respektivisht të shoqatave me kalendar të ngjarjeve për vitin 2014 e cila u plotësua nga të pranishmit.

**Kalendari i ngjarjeve për vtin 2014**

Në prill dhe maj planfkoket të mbahen revyalet e 12 ta të këngëve, muzikës dhe lojërave. Ka paraqitje se edhe për vitn 2014 revyali regjional dhe republikan, për arsye të kualitetit të tij, nga Minstrija e ulurës të shpallen nteres nacional i kulturës i Republikës së Maqedonisë. Në këtë nterval kohor propozohet të mbahen garat e 8 sportive regjonale, ndërkaq, garat e 19 sportive Republikane të pensionstëve, të mbahen në shtator.

Si përgatitje për të dyja manfestmet e rëndësishme, mbajtja e "Pensionstët këndojnë" dhe e garave sportive ndërkomunale të mbahen në mars dhe në fillm të prillit në nga dy qytete. Ajo do të ishte më efkase dhe më raconale.

**Pknik takme masive**

Edhe në vitin 2014, theks do t i jepet piknik takimeve masovike më të organizuara dhe përjetimit të vërtet në natyrë:

1. Shoqërim në Dojranin e Vjetër hapje e sezont turistik ShP Veles
2. Takim në Elenac me përmbajtje të pasuruara ShP Makedonska Kamenica
3. Pknik në Oraovica ShP Radovish dhe Konçe
4. Takim në manastiri Sveti Pantejlemon ShP Koçan
5. Takim në Saraj Shkup ShP Saraj dhe ShP Gjorçe Petrov
6. Piknik tek kryqi milenum në Vodno Shkup ShP Karposh
7. Piknik në Pelince ShP Kumanovë
8. Shoqërim tradconal në Lesnovë ShP Probishtip.

**Takime dhe shoqërme në sallone:**

1. Blackata na baba ShP Veles
2. Tomina nedela ShP Vinca
3. Mtrovdenska sredba ShP Kavadar
4. 11 Tetori ShP Prilep
5. Takim shumë etnk ShP Tetovë.

Nuk duhet të mungojnë ede ekskursionet në vendet e rëndësishme historike dhe kulturore dhe vende të rralla natyrore, por jo me të njëjtët anëtar. Takimet ndërmjet Aktivave të pensionsteve duhet të zvogëlohen e edhe kur të organizohen të jenë mirë të menduara, me përmbajtje tematike, paraqitje poetike, ekspozita dhe ngjashëm.

**Kalna S. Andonova**

ЗП Охрид и Дебрца

# Светиклиментовата награда за животно дело за Александар Радиќ - Леко

По повод патрониот празник на заштитникот на Охрид „Свети Климент Охридски" и годинава на Свечената академија традиционално беа доделени Климентовите награди. Годинашен добитник на највисокото општинско признание наградата за животно дело, му беше доделена на великанот на македонскиот пливачки спорт професорот Александар Радиќ – Леко, познат како татко на маратонското пливање во Охрид и во Македонија.



Александар Радиќ – Леко целиот свој живот го посветил на пливањето особено на маратонското, па затоа се смета за татко на овој спорт, кој во Охрид се негува од годините веднаш по Втората светска војна. Благодарение на него на Охридскиот пливачки маратон продефилираа најпопуларните светски маратонски пливачи. Во Охрид нема човек кој не го познава Леко Радиќ кој беше и остана легенда на маратонското пливање во Охрид. Тој беше професор по фискултура во охридската гимназија и беше учител на многу познати прославени маратонци, меѓу кои Климе Савин, Ристо Бимбиловски, братот и сестрата Дики и Атина Бојаџи, Насте Јончески од Подмолје, а подоцна го откри и големиот талент Александар Маленко и многу други.

На Свечената академија Климентовите награди на добитниците им беа врачени од градоначалникот на Охрид, д–р Никола Бакрачески, кој го изрази своето задоволство што ја има можноста да биде дел од овој свечен момент.

– Особена чест и задоволство ми е што едно вакво признание врачувам на човек кој целиот свој живот го посвети на афирмирање на Охрид и кој создаде врвни пливачи од Охрид, кои ги надминаа и многу попознати од нив светски имиња.

На овој свечен чин во чест на признанието за животно дело и како највозрасен од добитниците на Климентовата повелба, на Леко Радиќ му припадна честа да се заблагодари од името на добитниците на наградата. По тој повод пред присутните професорот Радиќ, рече:

– Чест ми е што вечерва на овој наш голем празник стојам со певицата Миланка Новеска и фотографот Стојан, млади добитници на повелбата „Свети Климент Охридски – патронот на Охрид". Тие треба да бидат светол пример за нашата младина и патоказ дека само со труд и со добри дела треба да се живее и да се твори. Светиклиментовата награда што јас ја добив е за мојата душа и живот оставени среде езеро, меѓу охридските бранови. Таму, меѓу езерското синило остана мојата младост и целиот мој живот. Наградата ги разбранува моите емоции, ме врати во годините наназад и ги разбуди спомените на едни убави времиња. Денес, посебно се присетувам на познатите охридски и светски пливачки асови Атина и Дики Бојаџи, Нико Нестор, Климе Савин и Александар Маленко. На сите тие години посветени на маратонот, на езерото, на Охрид, им ја посветувам Светиклиментовата награда, но и на моето семејство и на моите соработници. На крај, сакам да ви се заблагодарам на сите и да ви ги кажам моите две големи желби со кои сметам дека ќе се преродат охридското пливање, охридскиот спорт и целото охридско живеење: Зимски пливачки базен и скијачки центар на Галичица му требаат на овој златен Светиклиментов град. Да сте живи и здрави.

Пригодното обраќање на професорот Александар Радиќ со многу емоции и со долготраен аплауз беше прифатено од присутните охриѓани и гости на Академијата.

**К.Спасески**

Промоција на публикација на Иван Бојаџиски, новинар во пензија

# Педесет години новинарски искуства

Неодамна во мултимедијалниот центар на УГД при Економскиот факултет беше промовирана публикацијата „Новинарски искуства" на пензионерот Иван Бојаџиски, едно од големите новинарски пера во градот под Исарот Штип.




Промоторот и рецензент **Мишо Китановски** рече дека под потписот Ив Бој го препознаваа острото, но праведно перо на авторот. Бојаџиски во своите педесет години успешна работа ги застапуваше сите новинарски видови. Тој пишува едноставно, јасно, со факти. Знаете „зборот е нишан на бришан простор", заклучи Китановски.

– Она што е значајно да се каже во врска со педесетгодишното работење на Иван Бојаџиски, – рече проф. д–р **Живко Андреевски** на промоцијата, е трајната определба на новинарот, да ги знае, да ги анализира и да одговори на потребите на граѓаните, на публиката и вистината.

Во биографијата на Иван Бојаџиски пишува, роден во Скопје, детството го минува во Виница, а средношколските денови и животот досега во Штип. Работниот век го започнува во фабриката „Македонка" во неделникот „Трудбеник", потоа работи како регионален дописник–известувач за „Борба" и „Вечерње новости" и други гласила, а во моментов е дописник на „Утрински весник" и го издава и уредува штипскиот месечник „Штипски глас". Инаку Бојаџиски бил уредник и водител во ТВ „Ирис" и други гласила.

Иван Бојаџиски достоен на својот позив на промоцијата рече: „Еднаш новинар за секогаш новинар. Покрај сите ветришта и бурни времиња новинарот треба да биде подготвен да се фати во костец со времето за да опстојува, постојано треба да се надградува и да се држи до вистината, зашто новинарството е жива материја.

На овој редок јубилеј во новинарството во Штип, присуствуваа голем број новинари, пријатели, роднини и дел од раководството на здружението на пензионерите со претседателот Михаил Василев. Промоцијата беше збогатена со убави старогратски песни, што ги исполни МПГ на пензионерите под музичко водство на Миле Серафимов.

**Цвета Спасикова**

# Ниедна не знаеше толку да сака



Ниедна не знаеше толку да сака
Сведоци ми беа сите оние горе
Во залог не ми побара ни ронка
Љубовта не ја нудеше во голтки
Нејзината беше со ширина на море

Ниедна не ми подаде рака
Кога во очај болно молев за спас
Сал таа на изливот не му дозволи издив
По утрини собираше мелем билје
И ми шепотеше без глас

Ниедна а протрчаа многу
Разделбите не ги одболуваа низ солзи
Само таа можеше да се воздигне до небо
Божилак во букет да ми дари
Но и на колена да лази

Ниедна а многу пробаа–чинам
Не успеа да заора подлабоко од грепка
Сал таа за мене пливаше во позла вода
И беше час во моите очи
А час на мојата клепка

Ниедна не успеала толку
Со закос еден толку љубов да здене
Да падари по мојата душа и тело
Да биде сајбија на моето јас
И она што остана од мене

**Стојан Арсиќ**




Одбележување на 5 декември – Светскиот ден на волонтерството

# Доделени национални награди за волонтерство

Министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, по повод Меѓународниот ден на волонтерството се обрати на настанот организиран од Црвениот Крст на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика.

„Волонтерите создаваат „бесценета" вредност бидејќи поседуваат знаења и вештини корисни за заедницата. Секој волонтер го краси квалитет збогатен со хуманата димензија на добрата волја и алтруизмот. Преку нивната работа придонесуваат за зголемување на вклученоста на граѓаните во општествениот развој, во разрешување на најразличните проблеми и потреби на луѓето во нивната средина.



Законот за волонтерство го дефинира поимот „волонтер" којшто е физичко лице кое дава услуги, вештини и знаења во корист на други лица, органи, организации и други институции, на доброволна основа и без финасиска или друга лична добивка. Исто така, ги уредува и прашањата во врска со условите и начинот на вршење на волонтерството, правата и обврските на волонтерите и организаторот на волонтерството, договорот за волонтерството и евиденцијата на волонтерската работа ," посочи Спасов.

Досега со примената на Законот се ангажирани вкупно 6490 волонтери во различни области и гранки и во различен временски период во зависност од искажаниот интерес и потреби кај конкретните деловни субјекти.

Во Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството (2010–2015) се утврдени стратешките цели:

– промовирање на волонтерството кај пошироката јавност;

– поттикнување на културата на волонтирањето во рамките на образовниот систем;

– зголемување на нивото на волонтирање во граѓанскиот сектор и

– воспоставување на систем на институционална поддршка на волонтерството.

Со цел поуспешно планирање и спроведување на целите и мерките предвидени во Стратегијата, Владата на Република Македонија формираше мулти секторски Национален совет за развој на волонтерството составен од девет члена номинирани од:

Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование, Агенцијата за млади и спорт, Генералниот секретаријат на Владата на РМ/Одделение за соработка со невладини организации, ЗЕЛС и 4 претставници од граѓанските организации. Ваквиот состав на Националниот совет за развој на волонтерството говори дека во Македонија, како вредност која придонесува за создавање на промени во општеството, волонтерството е поддржано и од владиниот и од невладиниот сектор.

По повод Светскиот ден на волонтерството, по вторпат беа доделени Националните награди за волонтерство со цел да се даде поттик на развојот на волонтерството на еден поинаков начин, а не само преку донесување на документи и закони.

Целта на наградата е исто така, да го промовира волонтерството кај пошироката јавност, да се зголеми видливоста на волонтерите и позитивните волонтерски практики и да инспирира кон натамошно унапредување и развој на волонтерството. **К.С.А.**

# Активни волонтери и во трета доба

Волонтерите од Клубот „Достоинствен живот" при Општинската организација на Црвениот крст од Крива Паланка добија признание за посебни заслуги, креативност и постигнати резултати на планот на развојот на волонтерството, по повод Денот на волонтерството, 5 декември, на свечeноста во Музејот на македонската борба во Скопје. Клубот веќе три години несебично е вклучен во бројни хуманитарни акции, а куриозитет е тоа што се работи за лица од третата доба. Иако во поодминати години, тие од лица на кои им била потребна помош и поддршка, станале група што денеска активно делува во општествената заедница и им помага на многу други ранливи групи.



– Во изминатите три години од постоењето на Клубот „Достоинствен живот", од лица на кои им беше потребна психосоцијална поддршка да го пронајдат својот пат за достоинствено да продолжат со новиот животен циклус по завршувањето на работниот век, денес сме активни и делотворни волонтери, кои даваат помош на останатото ранливото население. Успеавме не само да се ресоцијализираме, туку и да бидеме од корист на целата заедница. Да учествуваме во општествениот живот што не прави и понатаму да бидеме респектирани граѓани. Учествуваме во секоја доброволна акција, иницираме хуманитарни мисии, и што е најважно, тоа го правиме со огромно задоволство. Во себе имаме нескротлива енергија, нема пат кој не можеме да го изодиме, желба што не можеме да ја оствариме, – велат овие лица од третата доба.

Ветувајќи дека и понатаму ќе го промовираат и развиваат волонтерството, тие упатија посебна благодарност и до германскиот Црвен крст и Црвениот крст на Покраината Баден Виртемберг од кои добиваат финансиска поддршка за своите активности. Тесна соработка остваруваат и со Здружението на пензионери од Крива Паланка со кое заеднички реализираат повеќе акции за правата и помошта на старите лица, а честитки за заслуженото признание добија и од претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. Тој лично ги удостои со своето присуство на доделувањето на признанието и за спомен направија заедничка фотографија.

– Овие лица ги заслужуваат сите пофалби, затоа што и во третата доба остануваат витални и активни. Наместо да бараат помош, тие не само што активно делуваат на остварување на потребите на пензионерите, туку со своето искуство и доблест им помагаат и на другите. Ја имаат сета наша поддршка, а ние како организација ќе настојуваме и во иднина ваквиот став кон животот во третата доба да го имаат што повеќе лица од оваа категорија, – истакна Аргировски.

Кривопаланечките доброволци организираат и добротворни изложби на сопствени ракотворби, креативни работилници, учествуваат во манифестации на државно и меѓународно ниво, меѓугенерациски се поврзуваат, творат и се стекнуваат со нови вештини.

***Жаклина Цветковска***

# Четири од пет постари лица во светот не добиваат пензија

Како што е познато, светската популација забрзано старее, а поголем дел од земјите не се подготвени да се справат со се поголемиот број стари луѓе, покажува најновата студија на Фондот за население на ОН (УНФПА).

Во студијата која УНФПА ја изработи заедно со група за заштита на правата на старите лица „Help age international", оценувани е социјалниот и економски статус на старите лица во 91 земја. Утврдено е дека старите лица најдобро живеат во Шведска, а најлошо во Авганистан. Студијата исто така укажува дека државите не работат доволно за да можат да се справат со се побрзото стареење на популацијата. Се смета дека до 2050 година луѓето постари од 60 години ќе го надминат бројот на помлади од 15 години, и тоа ќе биде за првпат во историјата. Во студијата се анализирани повеќе параметри: приходите, здравјето, образованието, вработеноста и опкружувањето на луѓето на различна возраст во нивната земја.

Анализите покажале дека најдобро се живее во Шведска. Оваа нордиска земја е пласирана на врвот на ранглистата по анализата на вкупно 13 параметри, поврзани во четири главни категории, на пример, на здравјето, економијата и работата. Вкупно земено во споредбената анализа со другите земји Шведска покажува најдобри резултати, а веднаш зад неа на глобалната ранглиста се Норвешка и Германија. Податоците користени во испитувањето доаѓаат од разни органи на ООН, Светската банка и Светската здравствена организација (СЗО).

Кога станува збор за економијата, извештајот е фокусиран пред се врз важечките услови и критериуми во рамки на пензискиот систем, бројот на сиромашни постари лица и распределбата на буџетски средства наменети за згрижување на постари лица. Под категоријата здравје се присутни податоци за психичката здравствена состојба и очекуваната должина на просечниот животен век, како и бројот на здрави години по 60–годишната возраст.

Тоа што ситуацијата во Шведска вкупно земено се проценува како најдобра за постари лица во светски рамки, се објаснува со долгата традиција на вложувања во изградбата на разгранетиот систем на општествена благосостојба. На пример, се истакнува податокот дека токму пред 100 години Шведска беше првата земја во светот која има воведено пензиски систем, пишува „Svenska dagbladet".

Еве и неколку податоци за Македонија.

Македонија има 2.1 жители од кои 0.4 или 17.5 % се над 60 години. Со пензија се покриени 62.5 проценти од старите луѓе. Во 2012 имало 17.5% , а во 2050 ќе има 34 % луѓе стари над 60 години. Во 2012 година имало вработени на возраст од 55 до 64 години 34.9 %. Луѓето на 60 години очекуваат дека ќе живеат уште 19 години во просек, а да бидат релативно здрави очекуваат уште 14.5 години. За разлика од многу земји, старите луѓе во Македонија тврдат дека имаат на кој да му се јават во неволја што е можеби последица и резултат на менталитетот и начинот на живот, додека ова во другите земји е речиси аламантно малку, особено во високо развиените земји. Оваа улога ја презело општеството.

Инаку се смета дека социјална пензија е паричен надоместок кој им се дава на старите луѓе без разлика дали имаат работен стаж и дека тоа е најефективниот начин на кој може да им се помогне на старите луѓе да живеат достоинствено. Социјална пензија постои во повеќе држави кои имаа моќни економии, но и во некои неразвиени земји како што е на пример Бангладеш! **К.С.А.**

Новини во пензискиот ситем во соседството

# Што донесуваат пензиските реформи во Србија и Хрватска

Новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување во Србија се очекува да се донесе во 2014 година. Тоа е во сообразност со Владиниот проект за реформите во пензискиот систем, кои треба да ги опфати Законот за да можат брзо да заживеат и да се применуваат во практика. Засега е сигурно дека жените ќе одат подоцна во пензија, но старосната граница ќе се поместува постепено за во 2020 година да достигне до 63 години, додека лимитот за пензија кај мажите останува по стариот закон. Во случај на предвремено пензионирање и кај едните и кај другите, најверојатно ќе се воведе трајно намалување на пензиите.

Судејќи според најавите веќе од идната година жените ќе можат да одат во пензија со наполнети 60 години, а веќе од наредната, старосната граница ќе се зголемува со по 6 месеци годишно за да ја достигне границата предвидена со реформите.

Ваквата одредба од Законот се оправдува со фактот што според утврдените податоци жените во Србија подолго живеат од мажите и се дава објаснување дека подигнувањето на старосната граница за пензионирање уште на три години, не влијае врз должината наползувањето на пензијата. Досега во просек жените пензија примале 17 години, а мажите 15 и затоа Законот мора да води сметка за тоа колку долго ќе се прима пензијата. Со новиот Закон се предвидува оние кои ќе одат подоцна во пензија да имаат поголеми примања од оние кои ќе одат порано.

Но, како и да е, за пензиите во Србија се издвојуваат големи парични средства и според податоците на Интернет, државата за дотација на пензиите издвојува 28 отсто од буџетот, или 13,3 отсто од домашниот бруто производ за целокупната исплата, со што, споредувајќи се со соседните земји, се наведуваат податоци дека во слична ситуација се наоѓаат Грција и Унгарија, додека Словачка, Бугарија и Романија за пензионерите издвојуваат за половина помалку.

Затоа во Србија за 2014 година, според пишувањето на „Блиц", Државата одлучила пензиите да не ги зголемува повеќе од 1,5 отсто, иако во најдобар случај се смета дека инфлацијата нема да биде поголема од 4,5 проценти.

Но, иако издвојувањата за пензии во Србија се големи, според статистиката на Фондот ПИО од 1,6 милиони пензионери, поголем број од нив примаат мали пензии, со кои едвај преживуваат. Така, околу 87.345 пензионери примаат најниска пензија од 113 евра, додека дури 141.800 пензионери примаат помалку од овој износ. Во исто време, околу 800.000 пензионери примаат пензија од 218 евра.

Статистиката на Фондот кажува дека земјоделските пензии се најниски и 173.028 пензионери примаат по 86 евра пензија. Помалку од овој износ добиваат 33.295 пензионери земјоделци.

Од наведените податоци, не е потребно да се изведува посебен заклучок за состојбата на пензионерите во Србија.

Деновиве и Хрватскиот сабор донесе нов Закон за пензиско осигурување, со што Хрватска се приклучи кон државите кои ја кренаа старосната граница за заминување во пензиј и тоа до 67 годишна возраст.

– Одржливоста на пензискиот систем, но и

– продолжениот животен век на населението, како и

– потребата на пазарот на трудот да се активираат постари лица,

беа аргументите на ресорното министерство за труд за кревање на старосната граница за пензионирање од 65 на 67 години. **М.Д.**

# Кодекс за достоинство на старите луѓе во Велика Британија

Целта на овој Законик – Кодекс за достоинството е почитување на правата и одржување на личното достоинство на постарите луѓе, во контекст на обезбедување на здравјето, безбедноста и благосостојбата на оние на кои им се намалува способноста да се грижат за себе или за правилно вршење на нивните работи.

**Овој законик признава дека одредени практики и активности се неприфатливи, како што се:** да се биде навредлив или нереспектабилен на било кој начин, игнорирајќи ги како луѓе затоа што не можат да се грижат за своите работи и за себе, третирање како да се предмети, зборување за нив во нивно присуство како да не се таму; нереспектирање на нивната потреба за приватност; неинформирање на постарите луѓе за она што се случува на начин на кој тие можат да разберат; промена на животната околина на постарите лица без нивна дозвола. Неприфатливи се интервенции или вршење на заштита без нивна согласност; примена на непотребни лекови кај постарите луѓе особено за смирување и спиење; непомагање или критика и исмејување на неуспехот на постарата личност да се грижи за својот личен изглед; недозволување на постарите луѓе да зборуваат за себе директно или преку помош од пријател, роднина или застапник; одбивање третман врз основа на возраста.

**Затоа овој законик повикува на:** почитување на волјата на постарите поединци да постапуваат според своето мислење, и на нивните лични желби, или како што искажале во својот тестамент за начинот на помагањето во нивното живеење, односно негова имплементација кога тие веќе не можат да се искажат јасно; почитување на навиките на поединецот, неговите вредносни системи, особено на културното минато и разните потреби како што се јазичните и другите; употребата на формалното обраќање, освен ако дозволил да се прави поинаку, користење на формалните титули освен ако имате дозвола да не користите такви, треба да се користи г–ѓа презиме, г–ѓа доктор, господин професор и сл. дури и кога за лицето се зборува во трето лице. Потребно е: удобност, проверка, вклучување, учество, стимулирање и чувство за тоа која е целта во сите аспекти на грижата и заштитата; грижата да биде прилагодена на потребите на поединецот; поддршка на поединецот да ја задржи својата хигиена и личен изглед; почитување на домовите на луѓето, животниот простор и приватноста; проблемите да се решаваат со темелно право и со можност на жалба, без страв од одмазда; обезбедување на услуги за застапување доколку е потребно.

Преземено (преведено) од: Glej: Dignity Code, National Pensioners' Convention, UK. **И.Г.**

# Одбележан денот на инвалидски пензионери

По повод трети декември ден на инвалидските пензионери 23 пензионера од здружението на инвалидски пензионери од Штип, беа на посета и дружење со инвалидските пензионери од здружењиата од Лесковац Р.Србија. Гостите од Штип беа дочекани со двочасовна фолклорна и музичка програма. Пред преполнетата сала со домаќини и гости збор зеде претседателот на инвалидски пензионери од Штип и претседател на Сојузот на инвалидски пензионери на Македонија, **Љубомир Јанев** и ги запозна присутните со работењето на Сојузот. По завршувањето



на културно уметничка програма која се одржа во просториите на здружението, пензионерите од ЗИП Штип, ЗИП Куманово, ИЗ Трговиште, ИЗ Врање и ИЗ Лесковац заминаа на дружење во ресторан во центарот на градот. Музичката група ги забавуваше гостите од Македонија со македонски и српски песни и ора. Претседателката на здружението од Лесковац, Гордана се заблагодари за големото присуство и даде предлог за понатамошна соработка и дружење и возвраќање на посета во Македонија. **Софија Михајлова**

# Тајна на рецептот за долговечност

Тајната на древната тибетанска медицина конечно е разоткриена. Илјадници години Тибетанците користеле растение кое расте на Хималаите и го употребувале како храна и лек за многубројни тегоби. Денешната наука потврдила дека ова растение е моќен природен лек за многу болести. Станува збор за билка со латински назив Хиппохае рхамноидес која кај народот е позната како кучешки трн, волчи трн и сибирски ананас. Од растението се користат бобинките и лисјата во вид на чаеви и масла. Научно е докажано дека кучешкиот трн е делотворен за лечење на исцрпеност, инфекции, кардиоваскуларни болести, за проблематична кожа, чир на желудникот, дури и за лечење на карцином.

**Лековити својства на бобинките од кучешкиот трн**

Бобинките на кучешкиот трн содржат преку 190 нутриенти и фитонутриенти неопходни за нормално функционирање на телото. Богати се со флавоноиди – фитонутриенти кои го спречуваат ширењето на ракот, ги намалуваат болките и воспаленијата и помагаат во постигнување на оптимална телесна тежина. Содржат провитамин А, витамини B1, B2, B3, B6, C, Д, Е и K1. Маслото од бобинките на кучешкиот трн е богато со фолна киселина (витамин B9), која е од клучна важност за регенерација на ДНА. Неговата антиоксидансна сила е 70.000 единици според скалата ORAS. Содржи маслени ензими, супероксидни дисмутази (СОД) на чие дејствување се темели одбраната од оксидациониот стрес, билни стероли, како и 20 минерални елементи вклучувајќи железо, бакар, манган, селен и други. Кучешкиот трн содржи најголем процент на многу ретката омега 7 масна киселина (30% – 35%). Маслото од бобинките на кучешкиот трн е единствено познато билно масло на светот кое содржи омега 3, 6, 7 и 9 заедно. Сето тоа прави овие бобинки да бидат на врвот на лековитите билки во светот. Како адаптоген, кучешкиот трн помага кај менталниот и физичкиот стрес. Синергијата на биоактивните состојки го прави незаобиколив сојузник во одржувањето на убавината и подмладувањето на организмот. Маслото на кучешкиот трн го забрзува регенерирањето на клетките со што влијае на брчките и го забавува стареењето на кожата. Кучешкиот трн е делотворен кај низа кожни проблеми како што се дерматитис, псоријаза, акни, рани изгореници, егземи, стрии и други проблеми на кожата. Неговата делотворност ја потврдуваат и истражувањата објавени во научното списание Biochemical and Biophysical Research Communications.

Кучешкиот трн традиционално се употребува кај астмата, хроничното кашлање, проблеми со дишните патишта. Ги јакне одбрамбените сили на организмот и спречува инфекции. Маслото од бобинки на трнот драстично го намалува нивото на штетниот холестерол и С–реактивниот протеин, за кој е познато дека ги оштетува ќелиите и е поврзан со болестите како што се срцевите заболувања. Исто така, кучешкиот трн е делотворен и кај пречките и проблемите за варење, а особено на чирот и на желудникот, бидејќи ова масло создава заштитна лековита обвивка околу желудникот и со тоа ги намалува штетните ефекти на патогените микроорганизми, како што се Escherichia Coli i Helikobakter Pylori. Импресивни се и својствата на кучешкиот трн кога станува збор и за ракот. Во студијата објавена во научното списание ISRN Pharmacology научниците откриле дека кучешкиот трн го спречува растењето на клетките на туморот и појавата на лимфатична леукемија.

Студиите во списанијата Фитотерапија и Nutrition and Cancer ги потврдуваат неговите извонредни антитуморски својства. Кучешкиот трн е ефективен и кај зачувувањето на когнитивните способности, па затоа се употребува кај лечење на дегенеративни неуролошки болести кои вклучуваат влошување на мотористичките способности. Тоа својство е потврдено во студија објавена во списанието Medical Science Monitor. Кучешкиот трн потпомага и за слабеење. Ретката омега 7 масна киселина која се наоѓа во состав на билката му сигнализира на телото да престане да ги потхранува мастите и на тој начин го спречува нивното создавање и натрупување во организмот. Кучешкиот трн помага кај астмата и кај болестите на дишните патишта, а многумина го користат и за лечење на домашни миленици.

Маслото од кучешки трн дејствува и како природна заштита против сонце.

**Практична примена**

Кучешкиот трн можете да го употребувате на разни начини. За внатрешна употреба се користи во облик на масло, сок или сируп. За надворешна употреба: служи за лечење на сува кожа, осип, повреди и друго. Маслото се нанесува на заболеното место еднаш или два пати дневно. Од кучешкиот трн може да направите и вкусен мармалад, но немојте да го консумирате кучешкиот трн ако земате лекови против згрутчување на крвта.

**Т.Г.**

# Што ни носи зимата

Кога ќе се спомене зимата, кај многумина се јавуваат асоцијации за празници, дружење, релаксација, зимска романтика..., но и за снег, студ, скршеници... Според познавачите на нештата поврзани со здравјето, постојат и други опасности. Кои се тие и како да се заштитите од нив?!

Во зима се зголемува нивото на лошиот холестерол – Повеќе масна храна, колачи, недвижење... Како и да е, и која и да е причината, нивото на лошиот холестерол се зголемува за 4–5% во однос на месец јули, а тоа е незанемарливо. Совет: Јадете храна богата со растителни влакна како што се, на пример, овесните трици, портокал, боранија и друго. Со ваквата исхрана можете да го намалите ризикот и до 15%. Исто така, движете се за да ги согорите калориите.

**Хипотермија** – Се разбира дека никој нема свесно и намерно да шета надвор лесно облечен, но истражувањата покажуваат дека луѓето многу често излегуваат на студ несоодветно облечени. Лесно облечени можете да изгубите многу од телесната температура, што доведува до нарушување на некои важни функции во организмот, а не само до неконтролирано тресење на телото и вилиците. Хипотермијата е опасна, а може да биде и фатална! Совет: Секогаш облекувајте се во облека во „слоеви”. Така можете да си одземате и да си додавате облека, па нема ниту да се испотите, ниту да ви студи.

**Срцев напад и мозочен удар од расчистување снег** – Истражувањата покажуваат дека многу често се јавува таканаречениот „срцев напад и мозочен удар од расчистување снег”. Податоците велат дека во зима ризикот од мозочни удари и срцеви напади се искачува за околку 12%, како резултат на покачувањето на крвниот притисок предизвикано од напорот да одите стабилно по патеката што се лизга, но и поради непромислената желба што побрзу да ја исчистите патеката. Ова доведува до преоптоварување, кое може да доведе до срцев напад или мозочен удар. Совет: Не брзајте и правете чести паузи. Ова особено е битно за хроничните болни и за постарите. Не преполнувајте ја лопатата со снег. Не влегувајте често внатре за да се згреете. Здружени, се фатални наглите температурни промени и заморот!

**Чести настинки и грип** – Ниските температури и ниската влажност се омилени временски услови за вирусите на инфлуенца. Избегнувајте места каде што престојуваат поголем број луѓе, прегреани и непроветрени простории. Исто така, 1000 ИУ витамин Д3 дневно за 50% ќе го намали ризикот да заболите од грип. Ако сепак се разболите или настинете, не брзајте со антибиотиците. Обидете се со чаеви, супа од кокошка, лимон, лук, лути пиперки... и одморајте. Спијте најмалку 8 часа.

**Зимска депресија** – Кусите денови, долгите ноќи и сиромашната водникава сончева светлина може да ви создадат чувство на тага и апатија. „Вакцината” против оваа состојба е многу едноставна и ефикасна: куси прошетки кога сонцето е најсилно. Прошетката што трае само половина час дневно може да ја спречи или да ја намали депресијата. Ако можете, јадете една банана дневно. Помага и да ги вклучите сите светилки во станот или да ви свети една појака светилка што свети со сина светлина! И на крајот, имајте на ум дека по зимата иде пролетта со сета своја убавина. Дочекајте ја со радост!

**Марика Дамјаноска**

З.П Демир Хисар

# Пензионери - конзумирајте киви

Ова егзотично овошје доаѓа од јужниод дел на Кина и се смета за „национално овошје”. Има интензивен вкус, сочно, со црни семки. Кивито е една од најздравите намирници и со право нутриционистите го нарекуваат супер овошје. Тоа е вистинска витаминска бомба кое го јакне имунитетот и го регулира крвниот притисок што е многу важен податок за постарите граѓани во пензионерските години. Многу е вкусно овојже и права ризница на витамини а посебно витамин ц кој е за три до пет пати поголем од лимонот. Кивито се користи свеж, како и за подготовка на колачи, џемови и лесни напитоци. Благодарение на високовредните состојки ефикасен е во борбата против респираторните инфекции особено кај најстарите жители во овие студени денови. Освен тоа, го јакне имунитетот, штити од настинка, го регулира крвниот притисок, го смалува ризикот од срцеви болести, мозочен удар, тумор а помага и против главоболка и стрес. Едно истражување направено од јапонските научници покажало дека консумирањето киви секое утро има ист ефект како и еден аспирин за кој е познато дека овозможува подобра циркулација на крвта. Иако консумирањето на свеж киви е многу корисно, посебно во текот на зимата, се препорачува внимателност, затоа што преголема количина на ова овошје може да предизвика алергија. Се препорачува најмногу 2–3 киви дневно.

**З. Стевановски**

# Антидепресиви и можни нуспојави

Една американска организација во 2010 година објави список на често препишувани лекови кои се поврзуваат со невообичаено висок број на случаи на насилство. Меѓу нив се и антидепресиви, антипсихотици и стимуланси кои се користат при пореметеност на внимание со хиперактивност.

**Поврзаност со насилство** - Низа насилни појави во САД и Канада се доведени во врска со антидепресиви. Следниве нуспојави се поврзани со нивното користење: нови напади на депресија, влошување, мисли за самоубиство, екстремна загриженост и вознемиреност, напади на паника, проблеми со спиење, агресивно однесување, иритабилност, непромислено однесување, немир, абнормална возбуденост.

**Задолжително предупредување** - Иако употребата на антидепресиви во некои случаи доведува до намалување на стапката на самоубиства, кај помладите пациенти, спротивно на тоа, забележан е зголемен ризик од самоубиство и насилство. Ефективноста на лековите кај оваа група на пациенти не е докажана. Поради потенцијалното наведување на пациентот на несовесни и агресивни дејствија кон себе или другите, на производителите на психотропни лекови во многу земји им наредиле на кутиите да се нагласат соодветни предупредувања.

Значи, не постои сомнеж дека е потребен поинаков пристап кон третманот на депресија – сериозна болест која предизвикува висока смртност преку самоубиство, намалена отпорност на други болести и запоставување на здравјето. За среќа, истражувањата покажуваат дека постојат безбедни и ефикасни начини да се ублажи депресијата и анксиозноста, и без примена на лекови.

● Еден од тие начини е и улогата на пробиотици.

Храната е еден од факторите на добро ментално здравје, затоа што цревната флора влијае на функционирањето на мозокот, а со тоа и на душевната состојба. Според иатражувачите, би требало да се зголеми внесот на пробиотици по пат на ферментирана храна или чисти пробиотички бактерии за да се обезбеди здрава цревна флора. Истражувањата покажале дека нерамнотежата на бактерии во цревата негативно влијае на мозочната активност!

● Втор начин да се намали депресијата е да се консумира помалку шеќер.

Со намалување на потрошувачката на рафинирани шеќери, особено фруктоза, рафинирани житарки и преработена храна може подобро да се чувствувате. Преработената храна освен шеќер, содржи бројни адитиви кои ја нарушуваат функцијата на мозокот. Прилагодете го внесувањето на сол. Недостаток на сол предизвикува симптоми слични на депресија. Најдобро е да се користи природна, необработени сол како хималајска сол, која содржи повеќе од 80 микронутриенти.

● Депресијата може да се намали и со земање на витамини.

Со истражување е утврдено дека недостаток на витаминот Б12 во телото придонесува за појава на депресија. Секој четврти човек има недостаток на овој витамин. Исто така е докажано дека луѓето со дефицит на витамин Д имаат 11 пати поголем ризик од депресија отколку луѓето со нормални количини на овој витамин во организмот. Најдобар начин да се обезбеди витамин Д е изложеност на сончева светлина, најмалку петнаесет минути дневно. Не е важно дали е облачно бидејќи сончевите зраци продираат низ облаците, можете да го надоместите недостатокот на овој витамин и преку додатоци во исхраната (суплементи).

● Земање Омега–3 есенцијални масни киселини.

Ако патите од депресија, истражувачите велат, не земајте анти депресиви туку внесувајте есенцијални омега–3 масни киселини. Многумина не сфаќаат дека мозокот е составен од 60% маснотии.

Омега–3 есенцијалните масни киселини се од суштинско значење за нормално функционирање на мозокот и менталното здравје.

● Вежбање и спиење

Покрај овие набројани начини кои можат да ја намалат депресијата без земање лекови, може да си помогнете и со вежбање и спиење. За да се чувствувате добро потребно е секојдневно вежбање или физички да сте активни, бидејќи вежбањето е еден од најдобрите методи за спречување или надминување на депресијата. Истражувањата покажуваат дека зголемување на аеробниот капацитет е силно поврзан со подобрено расположение и менталната благосостојба.

Исто така, спијте доволно и редовно. Дури и ако јадете оптимално и секојдневно вежбате, недостатокот на сон може да ве турне во депресија. Недоволно спиење, вклучувајќи и несоница, хиперсомнија и поместен термин за спиење се многу тесно поврзани со депресија. Создадете оптимални услови за спиење, почнете да спиете секој ден во исто време и спијте седум и пол до осум часа. За време на викендот, можете да направите исклучок, но не драстичен за да не го пореметите осетливиот биолошки ритам кој ги регулира промените меѓу сонот и будноста.

**Јасмина Ивиќ**

# Халотерапија или солена соба

Во 1843 година полскиот лекар Феликс Боковски забележал дека луѓето коишто работат во солените рудници не заболуваат од болести на дишните органи и немаат респираторни проблеми. Истото го согледале и монасите во Русија кои почнале да ги праќаат луѓето со вакви здравствени проблеми да престојуваат одредено време во солените рудници. Но, бидејќи солени рудници нема во секој дел од светот луѓето дошле на идеја оваа микроклима да ја пренесат во услови кои ќе бидат подостапни за терапија. Така настанале првите солени соби во кои сувите аеросоли дејствуваат како еден вид „бронхијална четка” за дишните патишта. Солената соба е соба каде што се е во сол од подот до таванот. Внатрешниот воздух е прочистен со помош на специјален централен клима–систем кој го прочистува воздухот низ седум филтри и внесува чист воздух, а го изнесува нечистиот. Солените честички се внесуваат дозирано во солената соба со помош на халогенератор кој функционира на нанотехнологија. Халогенераторот ја меле солта многу ситно, 1–5 нанометри.

**Аеросолите содржат голем процент на микроелементи коишто имаат големо позитивно влијание. Еве некои од нив:**

● **Натриум** – влијае на функционалноста на срцето, на оптималниот крвен притисок и ја подобрува состојбата на кожата.

● **Калиум** – го намалува крвниот притисок, спречува заболувања на срцето, ја подобрува функцијата на кожата, директно го чисти организмот од отровни супстанции.

● **Магнезиум** – го ослободува организмот од стрес, ги намалува нападите на астма, на хроничен замор, ја намалува напнатост.

● **Калциум** – неопходен е за здрав развој на коските и забите, го зајакнува имунитетот, има антиалергиски својства.

● **Железо** – лечи анемија, ја поттикнува работата на мускулите, ја подобрува концентрацијата и ја намалува склоноста кон инфекции.

● **Јод** – ја регулира работата на тироидната жлезда.

● **Литиум** – превенција кај склероза, дијабетес и болести на срцето.

● **Селен** – силен антиоксидант.

● **Бакар** – го подобрува метаболизмот, ја олеснува апсорпцијата на железото и го потпомогнува создавањето на хемоглобинот.

Целта на солените соби е да се преслика морската микроклима во урбана средина и да се обезбеди место за седење, релаксација и одвојување од секојдневните стресови. Корисниците на халотерапијата во солената соба можат да ја ослободат својата свест од грижите, да се релаксираат и истовремено да си го подобрат здравјето. Третманот за возрасни трае 40 минути, а за деца 20 минути. За полн ефект потребни се 10–15 третмани неколку пати годишно. Третманите во солена соба се применуваат од најрано детство до длабока старост. Халотерапијата е 100% природна метода и нема никакви нуспојави. Халотерапијата позитивно влијае на:

**Здравјето:** Го јакне организмот физички и психички, помага кај астма, кај воспаление на синуси, ја намалува склоност кон настинки, помага при зголемување на имунитетот, како превенција за грчеви на мускулите, за варикозни вени и ширење на капилари по нозете и друго.

**Убавината:** Помага во лечење на акни, алергии, подмладување на кожата, егземи, дерматитис и псоријаза.

**Релаксацијата:** Ги намалува заморот, исцрпеноста, напнатоста, несоницата, депресијата, стресот, рекреативно делува и кај спортисти за ослободување од стресот по големи напори.

**Болести на кои директно влијае солената терапија:** болести на горните дишни патишта: ринитис, синуситис, ларингитис, тонзилитис, алергии – сите видови, цистична фиброза, хронично воспаление на ушите, хронично воспаление на грлото, чести вирусни инфекции, хронични воспаленија на уво, нос и грло, пелуден ринитис, кожни проблеми: псоријаза, атопичен и хроничен дерматитис, егземи, акни, болки во зглобовите, артритис, пушачка кашлица, регулација на шеќерот во крвта, регулација на крвниот притисок, слаба циркулација, анемија, регулација на работата на штитната жлезда, ревматски тегоби и остеопороза, хигиена на дишните патишта од аерозагадувања, детоксикација, како помош при одвикнување од пушење и друго.

**Освен халотерапија во солената соба добивате и хромотерапија - природна терапија со бои и аудиотерапија со музика.**

**З. Кацеска**

www.ttk.com.mk

# ПОВОЛНОСТИ за пензионери во ТТК Банка



## ПЕНЗИЈА

- **БРЗА УСЛУГА** во сите филијали/експозитури
- Дозволено пречекорување до 2 пензии
- VISA ELECTRON картичка која се издава на период од три години

## КРЕДИТИ

- **НАЈНИСКИ каматни стапки** за ненаменски потрошувачки кредити
  - 7,5% променлива за кредити со рок на отплата до 12 месеци
  - 9,5% променлива за кредити со рок на отплата до 84 месеци
- 70 години, возраст при доспевање на последниот ануитет од кредитот
- месечниот ануитет треба да се покрие со 1/2 од пензијата

## ШТЕДЕЊЕ

- Поволни каматни стапки за депозити во сите валути
- **НАЈПОВОЛНИ** каматни стапки за штедење за вашите најмили - ДЕТСКО ШТЕДЕЊЕ

ТТК БАНКА
Кога сакаш повеќе!

*ПРИМЕР (октомври 2013)
За клиенти со пензија во ТТК Банка, за кредит од 150.000 денари со рок на отплата од 60 месеци, со 9,5% годишна прилагодлива каматна стапка, ратата изнесува 3.150 денари. СВТ изнесува 11,40% годишно. Надоместокот за одобрување на кредитот изнесува 2,5% мин. 2.000 денари, а надоместокот за администрирање на кредитот изнесува 0,2% на остатокот од долгот (годишно, однапред на главниот долг на кредитот). Вкупниот износ за плаќање изнесува 193.733 денари.
*Трошоци кои не се опфатени во пресметката на СВТ и се/ или не се познати за Банката-* надоместок за обработка на барање за кредитот 300 денари; трошок за меница 200 денари; за кредити над 400.000 денари клиентот треба договорот за кредит да го завери на нотар за што следуваат нотарски трошоци кои зависат од износот на кредитот.

ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
НА СТАРИ ЛИЦА

ХОТЕЛ
Идила






**тел. за контакт 02 2666 113  078 366 116**
**Адреса: Ул. Призренска бр. 50/2,**
**Кучевишка бара, 1000 Скопје**
**www. idila.mk**

Хотел Идила е нова приватна установа за социјална заштита на стари лица. Лоциран е на 8 км од центарот на Скопје, во природно зелено опкружување и панорамски поглед кон градот.

Имено, Хотел Идила располага со 38 соби и 5 апартмани, сите опремени со ТВ приемник и индивидуален тоалет со туш. Покрај современо опремените соби и апартмани, Хотел Идила располага и со комфорен дневен престој и трпезарија од 150 м$^2$, рецепција со приемен дел за посета на гости, кујна и административни простории.

Прекрасната нова зграда во класичен стил е надополнета со 5000 м$^2$ хортикултурно уреден двор. Овој простор е распределен на:

- Неверојатна градина со фонтана и клупи,
- Цвеќе и зеленило,
- Просторно шеталиште,
- Овоштарник,
- Мала зоолошка градина,
- Паркинг простор.

Ние овозможуваме нашите гости да уживаат во своите пензионерски денови исполнети со исклучителна услуга од учтив и љубезен персонал. Грижа за хигиената во домот, пазарување во маркетите, готвење на храна, чиста и пеглана облека... Сето тоа сега е наша грижа.

Заеднички пикник во градината, додека нашиот готвач се грижи за скарата да биде свежа, квалитетна и топла, е слика што во Хотел Идила често се гледа.

Едно е сигурно, во Хотел Идила никогаш нема да бидете осамени, а на чувството на здодевност сигурно и ќе заборавите.

Посветеноста на здравјето кај повозрасните лица никогаш не било поважно. Затоа ние се трудиме да водиме постојана грижа за главните медицински индикатори кои посочуваат кон одреден здравствен проблем.

Сето ова го прави Хотел Идила еден посебен комплекс со иновативен дух и предиспозиции за совршен сместувачки капацитет за лица во златната доба.

Едноставно, Хотел Идила го знае сонот на секој пензионер!




## ЗАНИМЛИВОСТИ

**Нобеловци кои го променија светот**

**1. Марија Кири** – Добитник на Нобелова награда за физика во 1903 и за хемија во 1911. Кири е една од најпознатите жени научници на 20 век. Таа успеа да дојде до откритија во неколку полиња и е една од ретките луѓе кои добиле две Нобелови награди. Првата Нобелова ја доби за исклучителен придонес на полето на радиоактивноста. Наградата ја доби заедно со својот сопруг Пјер Кири и Анри Бекерел. Подоцна ја доби и наградата за хемија за откривањето на радиоактивните елементи полониум и радиум.

**2. Роберт Кох** – Во 1905 година ја доби Нобеловата награда за физиологија или медицина. Кох го нарекуваат татко на бактериологијата и е познат по тоа што ги има откриено причините за појавата на три смртоносни болести – колерата, туберкулозата и антракс. Неговите постулати за детерминирање дали одредена бактерија е причинител на некоја болест се користат до ден денес.

**3. Макс Планк** – Добитник на Нобелова награда за физика во 1918 година. Планк направи револуционерно откритие создавајќи ја квантната теорија со што го смени начинот на кој научниците гледаат на универзумот.

**4. Алберт Ајнштајн** – Добитник на Нобелова награда за физика во 1921 година. Една ваква листа не може да не го содржи Ајнштајн, најпознатиот научник на 20–от век. Главно бил посветен на квантната теорија и е еден од првите научници кои ја проучувале квантната физика. Иако најпознат по теоријата за релативитет, тој Нобеловата награда ја доби за својата работа во полето на теоретската физика, односно за откритието на фотоелектричниот ефект.

**5. Енрико Ферми** – Добитник на Нобелова награда за физика во 1938 година. Придонесот на Ферми во полето на науката е огромен, но најпознат е по работата во полето на нуклеарната физика. Сепак, неговото знаење било употребено за негативна цел. Тој работел на проектот Менхетен и е еден од оние кои се заслужни за создавањето на атомската бомба.

**6. Ото Хан** – Добитник на Нобелова награда за хемија во 1944. Причината за славата на Хан е едноставна – тој ја има откриено нуклеарната фисија. Енергијата на нуклеарната фисија се користи за производство на електрична енергија.

**7. Лајнус Полинг** – Добитник на Нобелова награда за хемија во 1954 и Ноелова награда за мир во 1962 година. Полинг исто како и Марија Кири е еден од ретките кои добиле две Нобелови награди. Првата Нобелова награда ја добил за истражувањето на хемиските врски и нивната примена во објаснувањето на комплексната структура на молекулите. Нобеловата награда за мир ја доби заради својата активност против оружјето за масовно уништување.

**8. Ернест Хемингвеј** – Добитник на Нобелова награда за литература во 1954 година. Сите добитници на Нобеловата награда за литература имаат влијаено врз книжевниот свет, но никој не оставил трага како Хемингвеј. До ден денес неговите книги се мошне популарни меѓу читателската публика, а меѓу нив ќе најдете дела како Старецот и морето и За кого бијат камбаните.

**9. Норман Борлог** – Добитник на Нобелова награда за мир во 1970 година. Борлог го нарекуваат татко на зелената револуција. Овој човек во добар дел помогна во спречувањето на светскиот глад. Наградата ја доби за создавањето на високо продуктивна пченица отпорна на болести.

**З.К.**

## КРСТОЗБОР




## Хумор

* * *

– Знаеш ли Димо дека камилата може да работи седум дена и да не пие ништо.

– Па што! Мојот комшија може да пие седум дена и да не работи ништо.

* * *

Дедото му дава на внукот 20 денари за излегување. Внукот се жали:

– Па што ќе правам со 20 денари во град?

– Потроши ги бе внучко, еднаш се живее!

* * *

Звонив секташи на врата куде некоју Кумановку и гу прашуев

– Веруете ли у живот после смрт?

– Како не бе, откако умре муж ми осеќам се како да сам у рај!

* * *

Докторе, кашлам и тешко дишам.

– А пушите ли цигари?

– Пушам, ама не помагаат...

* * *

Разговараат двајца другари и едниот вели:

– Мојот постар син ептен личи на мене!

– Тоа ти е заради влијанието на генетскиот фактор.

– А зошто тогаш помалиот личи на комшијата?

– Е, тоа ти е заради влијанието на средината.

* * *

Го прашуваат Трпе што повеќе сака да биде, ќелав или идиот.

Трпе:

– Па идиот.

– А зошто мислиш дека е подобро да си идиот?

– Помалку се гледа.

* * *

Што правив муж и жена прву брачну ноќ?

– Муж брои паре, а жена ставља слике на Фејсбук!

* * *

Ѓорѓија му вика на Симета:

– Изгледа дека сам склеротичан.

– А по што закључуеш? – прашуе га Симе.

– Па чим искочу од дома, одма забрављам дека сам женет.

## Мариовци кршоборци




Тргнал Пејо со група соселани в планина по борина. Арно ама, никој не понесол секира. Знаете браќа што ми текна мене, бидејќи немаме секири, јас ќе се качам на боров и ќе го фатам за врв, а вие фаќајте се еден за друг за моиве нозе, боров ќе се искорне и ние ќе си го однесеме дома. Се качил Пејо на борот и го фатил за врв, ама борот никако да се откорне. Тогаш Пејо привикнал одозгора:

– Држете се браќа јас да си плукнам во рацете, да земам троа сила и го испуштил врвот, та сите селани се нашле на земја еден врз деруг и почнале да офкаат, а од борината ниту трага ниту глас.

ЗП Свети Николе

# Прослава на патронатот на градот

Оваа година градот Свети Николе слави 168 години откако го носи тоа име и 883 години од своето



постоење. Многу генерации на граѓани во својот град вградуваа работливост, гордост, го одржувале, развивале и сакале. Денес Свети Николе има околу 15.000 жители и убаво е и пристојно место за живеење.

Целиот град го слави „Свети Николај" како свој Патрон. И пензионерите од Свети Николе со голема чест го одбележуваат овој значаен датум за градот во кој живеат.

На 17 декември оваа година, во прекрасниот ресотран „Илинден" во с. Црнилиште ЗП Св. Николе како домакин со почит пречека околу 350 гости од ЗП Тафталиџе, Кочани, Крива Паланка, Кратово, Делчево, Штип, Велес, Струмица и Куманово.

Оваа средба со своето присуство ја увиличаа претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, градоначалникот на Св.Николе Зоран Тасев и претседателот на Советот Илија Стоилев.

Гостите ги поздрави и добредојде им посака претседателот на Собранието на Здружението Никола Атанасов, им се заблагодари за присуството и посака понатаму уште поактивно дружење.



Во поздравниот збор претседателот на СЗПМ Драги Аргировски им го честиташе патронатот на домаќините и на сите присутни им посака среќни новогодишни празници.Од името на Локалната самоуправа пензионерите ги поздрави градоначалникот Зоран Тасев и им посака уште многу вакви средби, добро здравје и активен живот во трето доба.

Претседателот на СЗПМ и градоначалникот на Свети Николе ја искористија средбата за разговор и проширување на соработката со Локалната самоуправа.

Како и сите вакви пензионерски средби, и оваа беше зачинета со музика, песни, ора, весело расположение и дружење и со желба повторно да се сретнат.

**Вукица Петрушева**

ЗП Штип

# Дружење на пезионерите по повод Нова година



Деновиве во хотел „Оаза" во Штип се одржа новогодишна средба и дружење на пензионерите од ЗП: Велес, Прилеп, Неготино, Свети Николе, Кавадарци и домаќинот ЗП Штип и Карбинци.

Претседателот на ЗП Штип Михаил Василев, најпрвин ги поздрави присутните, им посака пријатна забава и дружење. Потоа на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски му ја честита престижната државна награда за животно дело „11-ти Октомври" и му посака уште долго да ги води пензионерите во нови успеси.



Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски се заблагодари за искрените честитки, а на претседателот на ЗП Штип и Карбинци Михаил Василев му го честита признанието-Благодарница „Свети Никола" доделено од општина Штип.

Градоначалникот Прим. М-р. Илчо Захариев срдечно се заблагодари на пензионерите,им ја честита претстојната 2014 година,им посака во добро здравје и среќа да ги минат пензионерските денови и да си дочекаат длабока и здрава старост.

Потоа со убавата музика на „Нова бенд" се заигра пензионерско оро.

**Ц. Спасикова**

ЗП Ѓорче Петров

# Хуманост и солидарност на дело

Извршниот одбор на последната седница од оваа година ја утврди програмата за работа и финансискиот план за 2014 година кои ќе бидат донесени на седницата на Собранието која ќе се одржи на 24.12.2012 година. Посебно место во програмата е дадено на воведувањето на пензионерската социјална карта која како пилот – проект на СЗПМ прво ќе ја реализира здружението Ѓорче Петров. Со ова на здружението му е дадено особено признание од страна



на Сојузот, за што на седницата на ИО беше изразена благодарност и уверување дека дадената здача ќе биде успешно реализирана и довербата ќе биде оправдана.

Во Програмите за работа на ЗП Ѓорче Петров секоја година посебно место зазема грижата за пензионерите со нарушено здравје и ниски пензии. Така и оваа година по петти пат, пред новогодишните и божиќните празници на 210 пензионери со ниски пензии им беа доделени ваучери во вредност од 2000 денари со кои ќе можат да купат производи и да користат попуст од 3 % во текот на 2014 година.

**К.С.А.**

Мирослава Бошњаковска и Зоран Саздов од ЗП ОВР на РМ

# Прваци во стрелаштво на пензионерската олимпијада





На 18-те републички пензионерски спортски натпревари 2013 што се одржаа во Штип на 7 септември, рамноправно учество речиси во сите 11 дисциплини имаше и Здружението на пензионираните работници од ОВР на РМ. Притоа пензионерите покажаа добри резултати во повеќето дисциплини, но секако најдобри и екипно и поединечно беа во дисциплината стрелаштво. Екипно жените го освоија второто, а мажите првото место.

Првото место во стрелаштво во женска конкуренција го освои нашата пензионерка **Мирослава Бошњаковска**, поточно Мира како ние што си ја викаме. Таа целиот свој работен век го има минато во редовите на МВР на РМ, а веќе 20 години е пензионер. Во Здружението редовно учествува во сите активности и постигнува забележителни резултати. Посебно се истакнува во спортските дисциплини во кои низ годините се натпреварува, но најмногу од се ја привлекува стрелаштвото. Тоа е нејзината љубов и хоби. Во разговор со неа дознавме дека речиси секој вторник и петок доаѓа во просториите на Здружението и со своите поранешни колеги, сега пензионери поминуваат убави часови на дружење. Барем еднаш во неделата влегува во просториите за вежбање, се проверува, усовршува, а често и се натпреварува со своите врсници. Но пред официјалните спортски натпревари тренира многу повеќе. Секој добар резултат, па и додека тренира, ја возбудува и радува. Досега на повеќе пензионерски спортски натпревари, пред се во стрелаштвото но и во други дисциплини, има освојувано разни награди. Но оваа последната, како прв стрелец меѓу пензионерките во нашата држава и е најголема и најмила. Покрај сите тие натпреварувања кои носат возбуда и возхит, најубави и се меѓусебните дружења, запознавањето со многу други пензионери, незаборавните еднодневни прошетки кои секогаш завршуваат со ора, танци, песни и пеења. И на крај таа вели: „Убаво е да си пензионер, но уште поубаво е да си активен пензионер. Затоа пензионери, дојдете да се дружиме заедно".

Првото место во стрелаштво во машка конкуренција го освои колегата пензионер **Зоран Саздов.** И тој целиот свој работен век го минал во МВР на РМ, но е од помладите пензионери. Од полицаец па се до командир оружјето му било постојан придружник. Додека работел, на редовните стрелања со пиштол и други формациски огнени оружја, секогаш постигнувал завидни резултати. По пензионирањето веднаш се активира во Здружението и почна подготовки за натпревари. Предходно и на регионалниот пензионерски натпревар што се одржа во Сарај, исто така, го освои првото место во стрелаштво, а сето тоа го исполнува со големо задоволство. Пензионерските дружења се новина за него, но се повеќе сака и доаѓа да се дружи со нив.

**С.Смилеска**

Богоја Јовановски, пензионер од ЗП Кисела Вода

# Поет и калемар



На 26 ноември 2013 година, во просториите на З.П. Кисела Вода – Скопје, се одржа литературно читање на поезијата на Богоја Јовановски и претставување на неговото интересно хоби. Тој е член на културно-забавната секција на здружението. На промоцијата присуствуваа голем број членови на здружението и други гости.

Во промотивното излагање беше истакнато дека пензионерот Богоја пишува поезија долго време, публикувана во фабричките гласила и билтени каде што работел и била читана на јавни собири по повод републички празници во повеќе градови. Тема на неговата поезија е природата, планетата- земја екологијата, татковината, традицијата на македонскиот народ, фолклорот, уметноста, верата и се она што не опкружува. Тој пишува за тагата и радоста на луѓето, за дрвјата и цвеќињата, за планините и езерата... Особено се многубројни родољубивите песни за Македонците кои со векови гордо го носат македонското име и својот идентитет наспроти многуте препреки и заблуди. За него е свето историското минато и имињата на многу значајни дејци од нашата историја. За сето тоа тој пишува со чиста мисла, отворено срце, без омраза и без комплекси. Јазикот е јасен, чист, свеж и жив.

Хоби на Богоја е и калемарството. Тој го усовршил ова свое хоби со кое се занимава уште како дете. Од семки на диви плодови тој прави расад кој го калеми со плодни дрвја кои даваат квалитетни плодови. На својот мал имот во село Соње (каде што е роден) тој има мала куќа со многу цвеќе за кое се грижи неговата сопруга Бона. Долгогодишната пракса и искуство го научиле кога која семка се сади, колку вода и ѓубре и треба и кога се пресадува. Секој посетител на неговиот имот е добредојден, почестен со кафе и овошје од неговото производство и испратен со убав збор.

На крајот на претставувањето на Богоја Јовановски, присутните беа почестени со убави јаболка и ореви од неговото производство. **В. Топаловска**

Добрила и Русомир Јаневски од ЗП Куманово

# Педесет години во брачна хармонија



Ако во КУД „Ѓоко Симоновски" при ЗП Куманово бараме членови кои се од самото основање, несомнено тоа се Добрила и Русомир Јаневски. На двајцата првите активности и чекори им биле во фолклорот, со леснотија, ведрина, насмеани и секој пат расположени за разни ангедоти, а својата ведрина ја пренесувале на останатите во ансамблот. Добрила подоцна станала членка на хорот и изворната пеачка група каде своите гласовни квалитети ги потврдила и како соло пејачка на многу манифестации. Редовни се на пробите, како велат душата да си ја исполнат со музика и игра, но и да се дружат со пензионерите. Русомир пак покрај фолкорот, уште е и претседател на Комисијата за спорт и рекреација, раководител на екипата за пикадо при ЗП, но и глумец во сите досегашни претстави на Драмската работилница. Како глумец немал проблем да одигра и две улоги во драмата „Ленче Кумановче" (Досе и татко му чорбаџија), или пак пијаница во „Печалбари". Кога спортот е во прашање, вложува труд, се залага и планира до најмал детал, ништо не препушта на случајност на тренинзите, а посебно пред натпреварите. Заедно учествувале на многу манифестации кои ги приредува КУД како пред кумановската публика, во Републиката, но и пред публиката во Софија, Зрењанин, Ниш, Ѓаково, Варна, Лесковац. Многу заеднички фотографии од тие патувања, многу спомени, и како што велат важно е секојдневно да си активен, денот да е исполнет. Меѓу тие слики една е од понов датум – двајцата сликани, а пред нив торта на која има напишано "50 – СРЕЌНА ГОДИШНИНА". Велат дека од миљето на судбината не може да се избегне, па така и нив ги споила судбината пред педесет години до денденес да се заедно. Добронамерници би прашале, има ли тајна за така долг хармоничен живот. Тие велат дека со неколку реченици толку години живот не може да се искаже, но се сеќаваат кога било кога се заљубиле и решиле да се земат. Далечната 1963 година како што било обичај Русомир отишол дома кај Добрила од татко и да ја побара да му стане жена. Таа имала постара сестра која уште не била мажена и татко им, правејќи се дека не разбира се „согласил" да му ја даде раката на првата ќерка. Во тоа време незамисливо било помалата сестра да се мажи прва и да ја „прореди" постарата. Упорноста и решеноста да се земат иако била малолетна го „омекнало срцето" на таткото и така тие со негов благослов се земле, а после толку години прославија ЗЛАТНА СВАДБА. Одбележувањето на таков јубилеј секогаш предизвикува големи емоции и сеќавање за минатото, заедништвото со фамилијата и блиските пријатели. Имаат две возрасни деца, станаа баба и дедо на три внуци на кои се горди, а очекуваат и правнуче. Добрила – Бине (како ја викаат сите), блага, тивка, со милозлив глас, ракотворна и посветена на семејството и куќата, секогаш е подготвена од срце и душа да запее и да заигра. Како рекоа, дека, додека здравјето и служи ќе бидат редовни членови на Друштвото, ќе ги користат можностите кои ги пружа Здружението и ќе бидат активни учесници.

**Славица Ламбаша**

## Калдрма

Под звездено небо
и месечина јасна
Дремлива си спомнува
Калдрмата стара,
за тајните шепотени
Од моите лични
ергени вљубени среќни.
Итајќи по калдрмата
низ сокаци тесни
Со полноќна серенада
љубената од сон
да се разбуди
Срце од љубов
да и залуди
Еј калдрмо
калдрмо стара.



**Трајанка Стоилковска**